Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 01-1477/1
31.03.2026 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА

# НА АГЕНЦИЈАТА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

# ЗА 2025 ГОДИНА

Март, 2026 година

## СОДРЖИНА

ВОВЕД ... 4
МЕДИУМСКА РЕГУЛАТИВА ... 7
МОНИТОРИНГ НА МЕДИУМСКОТО ПОКРИВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ ИЗБОРИ ... 11
ПРОГРАМСКИ И ДРУГИ ОБВРСКИ НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ ... 19
ЈАВНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ ... 28
ЗАШТИТА НА ПЛУРАЛИЗМОТ И ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА СОПСТВЕНОСТА НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ ... 29
МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ И СОЦИЈАЛНА ИНКЛУЗИЈА ... 31
ПОТТИКНУВАЊЕ НА СЛОБОДАТА НА ИЗРАЗУВАЊЕ И НА СЛОБОДАТА НА МЕДИУМИТЕ ... 36
ДОЗВОЛИ ЗА РАДИО И ТЕЛЕВИЗИСКО ЕМИТУВАЊЕ ... 42
ОПЕРАТОРИ НА ЈАВНИ ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИСКИ МРЕЖИ ... 43
ДАВАТЕЛИ НА АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ ПО БАРАЊЕ ... 47
ИЗДАВАЧИ НА ПЕЧАТЕНИ МЕДИУМИ ... 47
ИЗДАВАЧИ НА ОНЛАЈН МЕДИУМИ – ИНТЕРНЕТ-ПОРТАЛИ ... 49
ПРЕЗЕМЕНИ МЕРКИ ... 50
УПРАВНИ СПОРОВИ И ПОСТАПКИ ПРЕД УСТАВНИОТ СУД ... 55
АНАЛИЗИ, СТУДИИ И ИСТРАЖУВАЊА ... 56
ДРУГИ АКТИВНОСТИ НА АГЕНЦИЈАТА ... 58
МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА ... 62
ПРОЦЕС НА ЕВРОПСКА ИНТЕГРАЦИЈА ... 68
ТРАНСПАРЕНТНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО И КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТА ... 71
ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА ВО АГЕНЦИЈАТА ... 77
МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ ... 79

ПРИЛОЗИ КОН ИЗВЕШТАЈОТ ... 85
1. ДОДЕЛЕНИ/ОДЗЕМЕНИ ДОЗВОЛИ И ПРЕГЛЕДИ НА ИЗРЕЧЕНИ МЕРКИ ... 87
2. ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ПРОГРАМСКИ НАДЗОР ЗА 2025 ГОДИНА ... 109
3. ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН ЗА 2025 ГОДИНА, СО РЕАЛИЗИРАНИ ПРИХОДИ, РАСХОДИ, ПОБАРУВАЊА И ОБВРСКИ ЗА 2025 ГОДИНА ... 121

# ВОВЕД

Согласно член 8 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Агенцијата како самостојно и независно регулаторно тело, за својата работа дава отчет пред Собранието на РС Македонија со доставување извештај за работењето во претходната година.

Во овој Извештај се опфатени сите активности што во рамки на своите надлежности утврдени во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ), Законот за медиуми (ЗМ) и Изборниот законик (ИЗ) ги реализираше Агенцијата во текот на 2025 година.

На 24 јуни 2025 година Собранието на РС Македонија со Одлука (бр.08-3607/1) за членови на Советот на Агенцијата ги именуваше Виктор Павловски, дипломиран инженер по производна информатика од Скопје; Сашо Стефановски, дипломиран по филмски уметности, филмски и ТВ-сниматeл од Скопје; Петар Џуровски, дипломиран филмски и ТВ-монтажер од Скопје; Цветанка Миновска, дипломиран новинар од Скопје; Афрона Врзиволи, дипломиран економист од Скопје; Зирјета Хајро Јајага, професор по албански јазик и литература, магистер по дипломатија од Скопје; и Гордана Мајнова, дипломиран економист и магистер по комуникации од Скопје.

На 3 јули 2025 година се одржа конститутивна седница на која за претседател на Советот на Агенцијата беше избран Сашо Стефановски, а за заменик-претседателка беше избрана Зирјета Хајро Јајага.

Во ноември беше објавен  јавен конкурс за избор на директор и на заменик на директорот на Агенцијата, по што на својата 26-та седница, која се одржа на 26.12.2025 година, Советот на Агенцијата донесе одлука со која за директор на Агенцијата беше избран д-р Зоран Трајчевски.

Во извештајната година, до надлежното министерство Агенцијата поднесе две иницијативи за законски измени со кои ќе се обезбеди современа рамка што ќе го поттикнува развојот на медиумскиот сектор и ќе ја зајакнува заштитата на јавниот интерес, и тоа едната за почнување процес за воведување дигитално радио (DAB), а другата за почнување подготвителни активности за формирање фонд за поддршка на медиумскиот плурализам. Покрај тоа, Агенцијата активно учествуваше и во процесот на изменување и дополнување на Законот за медиуми, а донесе и три подзаконски акти со кои се овозможува целосна и непосредна примена на одредбите на ЗААВМУ и на ЗМ.

Една од најзначајните активности на Агенцијата во извештајната година беше мониторингот на медиумското покривање на Локалните избори што се одржаа во 2025 година. Мониторингот стартуваше на 10 август, по распишување на изборите, а активностите завршија со доставата на Извештајот за емитуваното платено политичко рекламирање во вториот круг од изборната кампања до Државната изборна комисија, на 20 ноември 2025 година. За време на кампањата телевизиите во најголем дел ги почитуваа правилата за избалансирано известување, политичко рекламирање и бесплатно политичко претставување. Исклучок беа поединечни случаи на непочитување на изборниот молк во првиот круг, за кои беа покренати прекршочни постапки, додека во вториот круг не беа констатирани прекршувања. Платеното политичко рекламирање доминантно го користеа четирите најголеми коалиции. В првиот круг од изборите само еден радиодифузер го надмина законскиот лимит за емитување платено политичко рекламирање, за што Агенцијата покрена прекршочна постапка. Во вториот круг не беа утврдени неправилности.

За да се констатира дали радиодифузерите ги исполнуваат програмските, административните и другите обврски од ЗААВМУ, ЗМ, подзаконските акти, како и обврските утврдени со дозволата за емитување,

Агенцијата спроведе над 300 редовни, вонредни и контролни надзори. За констатираните прекршувања со овие надзори беа изречени мерки согласно ЗААВМУ.

За да ја зголеми транспарентноста на сопственоста на медиумите и на јавноста да ѝ обезбеди лесен, едноставен и бесплатен пристап до податоците за крајните сопственици на издавачите на медиуми, во извештајната година Агенцијата почна со активности за воспоставување единствен регистар за сопственичката структура на сите издавачи на медиуми (телевизии, радија, онлајн медиуми – интернет-портали и печатените медиуми), кој беше завршен и поставен на веб-страницата на Агенцијата на почетокот на 2026 година. И оваа година Агенцијата ја изработи публикација – „Сопственоста на медиумите во 2025 година“.

Во периодот од 17 до 24 ноември 2025 година, под мотото „Ти знаеш, друг не знае. Твојот коментар може да помогне!“ се одржаа седмите по ред Денови на медиумската писменост (ДМП) 2025, во организација на Агенцијата и на други членки на Мрежата за медиумска писменост (ММП) и нивни поддржувачи, при што беа реализирани повеќе од 20 настани на различни локации низ државата и онлајн, со што земјата повторно се приклучи кон Глобалната недела на медиумска и информациска писменост на УНЕСКО. Оваа година фокусот на ДМП беше ставен на користењето на критичкото размислување за справување со дезинформациите од земјата и од светот, на личната одговорност во дигиталниот простор, како и на мотивирање на „медиумски поумешните“ да ги разобличуваат штетните практики во онлајн сферата.

Во Агенцијата беа доставени над 30 претставки од граѓани во врска со медиумски содржини. Сите беа навремено одговорени, за нив беа известени и медиумите кои беа предмет на поплаките и, целосната документација (во анонимизирана форма, согласно правилата за заштита на личните податоци) беше објавена на веб-страницата на АВМУ во делот за претставки. Агенцијата учествуваше на повеќе на настани на кои се обработуваа родовите прашања, а се приклучи и кон кампањата „Шеснаесет дена активизам против родово засновано насилство 2025“. Во 2025 година беше изработена и анализата „Родот во медиумите 2024: Родовите прашања и начинот на претставување на жените и мажите во ударното време на националните телевизии“.

Во извештајната година Агенцијата донесе четири одлуки за доделување дозвола, сите за емитување радиопрограма на локално ниво, и тоа за следните подрачја: Штип, Прилеп, Струга и Куманово. Согласно одредбите од ЗААВМУ, а откако беше констатирано дека се исполнети предвидените услови, беше продолжена дозволата за телевизиско емитување на еден радиодифузер.

По сила на закон престана важноста на дозволите за радио и телевизиско емитување на вкупно пет радиодифузери - две радија и три телевизии. На три од нив Агенцијата им ја одзеде дозволата за телевизиско емитување, а другите две со писмена изјава ја известија Агенцијата дека престануваат со емитување радиопрограма.

Во регистарот на оператори кои реемитуваат програмски пакети беа евидентирани вкупно 30 субјекти. Постапувајќи согласно своите законски надлежности, Агенцијата издаде вкупно 282 потврди за регистрација на пакет програмски сервиси. Над операторите беа спроведени вкупно 99 надзори, а за констатираните прекршувања беа изречени мерки согласно ЗААВМУ. До имателите на права беа доставени 18 известувања во случаите кога со спроведените надзори беше утврдено дека операторите на јавна електронска комуникациска мрежа бесправно реемитуваат програмски сервиси што не се регистрирани во Агенцијата.

Со надзорите спроведени над правните лица кои се даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, беше констатирано дека тие во целост ги исполнуваат обврските од ЗААВМУ.

Надзорите над сите 19 издавачи на печатен медиум беа спроведени во врска со исполнувањето на обврската за обезбедување јавност во работењето и на обврската за објавување импресум. Со овие надзори не беа констатирани прекршувања.

Во извештајната година Агенцијата го воспостави регистарот на издавачи на онлајн медиуми – интернет-портали. Беа поднесени вкупно 68 пријави за упис во регистарот, а по проверката на исполнувањето на законски утврдените критериуми, во регистарот беа евидентирани вкупно 48 правни лица што издаваат 60 онлајн медиуми – интернет-портали.

За констатирани непочитувања на ЗААВМУ, ЗМ и подзаконските акти донесени врз основа на нив, Агенцијата изрече вкупно 50 мерки, од кои 40 решенија за преземање мерка – јавна опомена (32 кон радиоидифузери и осум кон оператори на јавна електронска комуникациска мрежа), четири прекршочни постапки/постапки за порамнување – постапки за издавање прекршочен платен налог, една одлука за одземање дозвола и пет решенија за бришење од регистарот на радиодифузери.

Агенцијата изработи три Студии за утврдување оправданост за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радио на локално ниво - за подрачјата на Прилеп, Штип и Струга. Беа изработени четири анализи: редовната годишна „Анализа на пазарот на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2024 година“, анализата „Структура на вработените во аудио и аудиовизуелната медиумска индустрија во 2024 година“, анализата „Регионални и локални радиодифузери (оправданост и можности за воведување мерки за поддршка)“ и „Анализа на медиумскиот пазар во Македонија (структурни карактеристики, економска одржливост и развојни можности)“, а беше конципирано и Истражувањето на мислењето и ставовите на јавноста во врска со медиумите.

Меѓународната соработка се одвиваше преку учество во работата на асоцијациите на регулаторните тела од аудиовизуелната област - Европска платформа на регулаторни тела (EPRA), Медитеранска мрежа на регулаторни тела (MNRA), Група на европски регулатори за аудиовизуелни медиумски услуги (ERGA)/ Европски борд за медиумски услуги (Медиумски одбор) на медиумски регулатори од ЕУ, и на настани од меѓународен карактер релевантни за аудиовизуелната област. Агенцијата соработуваше и со Мисијата на ОБСЕ во Скопје, Канцеларијата на ОБСЕ за демократски институции и човекови права (ОДИХР) и со други меѓународни тела чијашто активност е поврзана со слободата на медиумите и со следењето на медиумското претставување за време на изборна кампања, како и со Советот на Европа во активности насочени кон поттикнување слобода на изразување и слобода на медиуми и создавање поволно опкружување за медиумите.

# МЕДИУМСКА РЕГУЛАТИВА

Во насока на унапредување на медиумската регулатива, во 2025 година до надлежното министерство Агенцијата поднесе две иницијативи за законски измени со кои ќе се обезбеди современа рамка што ќе го поттикнува развојот на медиумскиот сектор и ќе ја зајакнува заштитата на јавниот интерес. Едната иницијатива се однесуваше на започнување процес за воведување дигитално радио (DAB), а другата за започнување подготвителни активности за формирање фонд за поддршка на медиумскиот плурализам. Покрај тоа, во извештајната година Агенцијата активно учествуваше и во процесот на изменување и дополнување на Законот за медиуми, а донесе и три подзаконски акти со кои се овозможува целосна и непосредна примена на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на одредбите од Законот за медиуми.

## Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

- **Иницијатива за почнување на процесот за воведување дигитално радио (DAB)**

Поаѓајќи од фактот дека дигиталното радиоемитување е стандард што е веќе развиен и општо прифатен во Европа и во соседните земји, а во нашата држава овој процес воопшто не е ни почнат, Агенцијата одржа неколку работни средби со претставници на Агенцијата за електронски комуникации (АЕК) на кои се дискутираше за можностите за воведување дигитално радио во Македонија. Во јануари 2025 година двете институции, како регулаторни тела надлежни во областа на медиумите и на електронските комуникации, до Министерството за дигитална трансформација (МДТ) доставија заедничка иницијатива и побараа да се организира работен состанок на кој би се разговарало за активностите и конкретните чекори за воведување дигитално радио во Македонија.

Во доставената Иницијатива, на Министерството му беше посочено дека двете регулаторни тела утврдија неколку правни и технички пречки што треба да се надминат за овој стандард да може да се воведе и кај нас, односно дека е потребно да се направат измени на Законот за електронските комуникации (ЗЕК) и на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ). Во однос на ЗЕК беше посочено дека се потребни измени на членот 133 од овој закон, со кои ќе се овозможи АЕК да му да издаде на Јавното претпријатие Македонска радиодифузија (МРД) одобрение за користење три национални мултиплексни системи, а во однос на ЗААВМУ дека одредбите што ги уредуваат прашањата поврзани со доделувањето и издавањето на дозволите за радиоемитување, пресметувањето на надоместокот за дозволата, но и ограничувањата за стекнување сопственост кај радиодифузерите се застарени и дестимулативни за процесот на воведување дигитално радио. Од овие причини, нужно е овие одредби да се преразгледаат и внимателно да се изменат, односно дополнат за да го поттикнат овој многу важен процес, особено имајќи предвид дека вообичаено постојните радиостаници први почнуваат со дигитално емитување. Двете регулаторни тела посочија дека стојат на располагање со својата експертиза за сите фази и подготвени се за активно учество во целиот процес.

Со оглед на тоа дека помина извесен период а од страна на Министерството не беше одговорено на доставената Иницијатива, во февруари Агенцијата и АЕК доставија уште еден допис – Потсетување во врска со Иницијативата за започнување на процесот за воведување дигитално радио (DAB), по што Министерството достави Информација дека ова прашање, како и воопшто концептот поврзан со дигиталното радио ќе се разгледува во фазата на разработка на новото законско решение, поточно во постапката за донесување нов ЗЕК. Агенцијата преку свои претставници активно учествуваше во работната група за донесување на новиот ЗЕК и даде конкретни предлози кои беа усвоени и со кои се надминаа

пречките од овој закон. Новиот ЗЕК е донесен и стапува на сила на 1.6.2026 година. Останува да се направат неопходните измени во ЗААВМУ за да се овозможи воведување дигитално радио во Македонија.

- **Иницијатива за почнување активности за воспоставување фонд за поддршка на медиумскиот плурализам**

Во септември 2025 година Агенцијата до Министерството за дигитална трансформација достави Иницијатива за почнување активности за воспоставување фонд за поддршка на медиумскиот плурализам. Поточно, Агенцијата предложи да се почне процес за подготвителни активности за законски измени со кои ќе се формира Фонд за медумски плурализам, дизајниран на начин што ќе претставува долгорочен инструмент за поттикнување квалитетна и разновидна медиумска понуда, јакнење на домашната аудиовизуелна продукција и развој на професионално и независно истражувачко новинарство.

Процесот на креирање и дизајн на фондот треба да биде транспарентен, широк и инклузивен и во него треба да бидат вклучени сите засегнати страни – медиумите, граѓанските организации кои работат во областа на медиумите, медиумските експерти и релевантните институции. Секако, Агенцијата ја изрази и својата подготвеност активно да учествува во процесот и со својата експертиза да придонесе за негово успешно спроведување.

Истовремено, Агенцијата укажа и дека во подготвителната фаза треба да се разгледаат најмалку следните прашања: изворот на средствата на фондот (државниот буџет, средства кои би ги уплаќале приватни компании врз основа на закон, донации и други извори на финансирање); износот на фондот; телото што ќе управува со фондот, односно ќе распишува конкурси, ќе врши евалуација на пријавите, ќе ги распределува средствата и ќе се грижи за транспарентност и надзор над користењето на средствата; кои субјекти ќе може да ги користат средствата (дали сите телевизии и радија - на државно, регионално и локално ниво, онлајн медиумите - интернет-порталите); кои се целите од јавен интерес што треба да се постигнат со фондот (продукција на квалитетна играна, документарна и образовна програма; поттикнување, унапредување и заштита на културниот идентитет, јазикот и традицијата на заедниците во Македонија, почитување на културните и религиозните разлики, создавање програмски содржини за почитување и промоција на основните човекови права и слободи, приватноста, достоинството, угледот и честа на индивидуата, толеранцијата, разбирањето и почитувањето на различностите, чувството за мир, правда, демократските вредности и институциите, заштита на малолетници, родовата еднаквост, придобивките од граѓанското општество и сузбивање на дискриминацијата), како и да се утврдат јасни и прецизни критериуми за оценување на поднесените пријави при конкурирање за користење на средствата од фондот (квалитет и иновативност на содржините, придонес кон јавниот интерес, медиумскиот плурализам и слободата на изразување, инклузивност и застапеност на ранливи групи и друго).

- **Измена на член 42 од ЗААВМУ**

Во извештајната година беше изменет и дополнет членот 42 од ЗААВМУ кој ги уредува прашањата во врска со поништување одлука со која Агенцијата претходно дозволила спроведување промена на сопственичка структура кај одреден радиодифиузер. Претставници на Агенцијата во соработка со претставници на Министерството за дигитална трансформација ги разгледуваа можностите за допрецизирање на овој член од ЗААВМУ, давајќи свои предлози, мислења и забелешки, по што членот беше дополнет со нов став со кој се утврди дека Агенцијата со одлука ќе ја поништи одлуката со која дозволила спроведување промена на

сопственичката структура, доколку радиодифузерот не ја спроведе промената на сопственичката структура во Централниот регистар во рок од 90 дена од денот донесувањето на одлуката на Агенцијата.

**Закон за медиуми**

Во јануари 2025 година Министерството за дигитална трансформација побара од Агенцијата да достави мислење во врска со Предлогот на Законот за изменување и дополнување на Законот за медиуми. Целта на овие измени беше да се постави правна рамка која онлајн медиумите - интернет-порталите ги препознава како медиуми и поставува јасни правила за нивно основање и регистрација. Покрај тоа, со овие измени за нив се утврдуваат и обврски за заштита на малолетната публика, обврски да обезбедат транспарентност во работењето, да објават импресум и да назначат одговорен уредник. Со предложените измени за Агенцијата беше утврдена надлежност да го води Регистарот на онлајн медиуми – интернет-портали, по претходна проверка на исполнувањето на законски предвидените услови за евидентирање во регистарот.

Во текот на ноември 2024 година на Единствениот национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР) беше поставен предлог за измени и дополнување на Законот за медиуми и Агенцијата уште тогаш достави свои забелешки и предлози за негово подобрување. Од содржината на Предлогот што Министерството го достави во јануари 2025 година беше видно дека забелешките што Агенцијата ги достави во ноември 2024 година се прифатени и вградени во Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за медиуми, но и дека останува да се појаснат и допрецизираат дел од одредбите. Поради тоа, во јануари Агенцијата повторно достави конкретни предлози во вид на амандмани, кои се однесуваа на следното:

- во Предлог-законот беше предвидено регистарот, меѓу другото, да содржи и податоци за најмалку две лица вработени во издавачот во редовен работен однос. Агенцијата укажа дека тоа не е потребно затоа што бројот на вработени е услов за евидентирање во регистарот;
- минималниот кадровски услов кој треба да го исполнуваат непрофитните онлајн медиуми за да бидат евидентирани во регистарот да биде само едно лице вработено во редовен работен однос, имајќи предвид дека кај овие медиуми лицата кои ги креираат содржините вообичаено се ангажирани на волонтерска основа;
- евидентирањето во регистарот да се врши врз основа на претходно доставена Пријава за упис, чијашто форма и содржина ќе ја пропише Агенцијата;
- наместо, како што беше предвидено во Предлог-законот, онлајн медиумите – интернет-порталите еднаш годишно да ги објавуваат податоците за сопственоста во дневен весник, Агенцијата посочи дека поголема транспарентност ќе се обезбеди доколку се предвиди обврска еднаш годишно на регулаторот да му доставуваат податоци за сопственоста и за финансирањето, а овие податоци Агенцијата ќе ги објавува на својата веб-страница, со што јавноста континуирано ќе има лесен и непречен пристап до нив;
- да се измени член 4 од ЗМ со кој се утврдуваат посебните забрани, на начин што ќе се усогласи со член 48 од ЗААВМУ и со изменетата Директива за аудиовизуелни медиумски услуги од 2018 година, за да нема нееднакви законски услови за работа за издавачите на печатените и на онлајн медиумите - интернет-порталите, од една страна, и за аудио и аудиовизуелните медиумски услуги, од друга страна;
- воедно, Агенцијата посочи и на потребата од посеопфатни измени на ЗМ во скоро време, со цел да се обезбеди усогласување на овој закон со Европскиот акт за слобода на медиуми и со други релевантни европски прописи.

**Подзаконски акти**

- **Правилник за формата и содржината на пријавата за упис во Регистарот на издавачи на онлајн медиуми - интернет-портали и за начинот на водење на Регистарот на издавачи на онлајн медиуми - интернет-портали**

Врз основа на измените на ЗМ од април 2025 година, со кои беше воведена обврска за Агенцијата да води Регистар на издавачи на онлајн медиуми – интернет-портали, Агенцијата во јуни донесе „Правилник за формата и содржината на пријавата за упис во Регистарот на издавачи на онлајн медиуми - интернет-портали и за начинот на водење на Регистарот на издавачи на онлајн медиуми - интернет-портали". Пред да го усвои, Агенцијата го стави нацрт-текстот на правилникот на јавна расправа, овозможувајќи им на заинтересираните страни да ги изразат своите мислења и да дадат предлози по однос на истиот. Во периодот додека траеше јавната расправа беше одржан и состанок со претставници на онлајн медиумите.

Истиот месец Агенцијата усвои и Образец за доставување податоци за обезбедување јавност во работењето на издавачите на онлајн медиуми - интернет-портали (Образец СУЕ/2), на кој издавачите се должни секоја година да му доставуваат на регулаторот податоци за сопственичката структура, одговорниот уредник, остварените приходи и расходи и бројот на вработени лица.

- **Правилник за регистрирање на давателите на услуги платформа за споделување видеа**

Во јануари 2025 година, по завршувањето на јавната расправа во траење од 30 дена, Агенцијата донесе Правилник за регистрирање на давателите на услуги платформа за споделување видеа, со кој се уредуваат формата и содржината на образецот на пријавата што давателите на услуги платформа за споделување видеа што се под јурисдикција на РС Македонија ќе ја доставуваат за да бидат евидентирани во регистарот што ќе го води Агенцијата, како и податоците што ќе ги содржи регистарот.

- **Правилник за физичките лица даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање (инфлуенсери/влогери/креатори)**

Во текот на 2025 година беа изработени и влегоа во сила документи со кои се операционализираат одредбите од ЗААВМУ со кои се регулира работата на инфлуенсерите/влогерите/креаторите на содржини кои нудат аудиовизуелна медиумска услуга по барање.

Преку инклузивен и консултативен процес, во кој активно беа вклучени инфлуенсери како засегнати чинители, Агенцијата во јули го усвои Правилникот за физичките лица даватели на АВМУ по барање (инфлуенсери/влогери/креатори), а беа подготвени и објавени насоки за примена на правилникот. Активностите беа усогласени со европските регулаторни текови и придонесуваат кон уредување и стабилизација на дигиталниот медиумски пазар.

Со цел овие субјекти на едноставен начин да се запознаат со обврските во врска со заштитата на малолетниците, означувањето на комерцијалните комуникации, правилата за објавување наградни игри, обезбедувањето пристапност за лицата со сетилна попреченост, забраната за ширење и поттикнување дискриминација и говор на омраза, беше изработен Водич за инфлуенсер(к)и, влогер(к)и и креатор(к)и на содржини. На неговата подготовка ѝ претходеше обемно истражување на начинот на кој овие прашања се

регулирани на европска почва преку користење студии и документи на Европската аудиовизуелна опсерваторија и на Советот на Европа, консултации со европски регулаторни тела и користење нивни документи, како и комуникација со инфлуенсерите со кои беа одржани состаноци и, уште во текот на летото, им беше дадена работната верзија на нацрт-текстот на Водичот. Откако Советот на Агенцијата го усвои нацртот, беше отворена и јавна расправа во рамките на која регулаторното тело одржа и состанок со инфлуенсерите, со цел да им даде можност да поставуваат прашања и да даваат коментари. Финалниот Водич беше усвоен и влезе во сила на крајот од годината.

## МОНИТОРИНГ НА МЕДИУМСКОТО ПОКРИВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ ИЗБОРИ

Една од најзначајните активности на Агенцијата во извештајната година беше мониторингот на медиумското покривање на Локалните избори што се одржаа во 2025 година.

Согласно одредбите од Изборниот законик (ИЗ), Агенцијата е должна: да го следи изборното медиумско претставување на програмските сервиси на радиодифузерите од денот на распишување на изборите до нивното завршување; доколку утврди прекршувања на законските одредби, треба да покрене прекршочни постапки пред надлежен суд во рок од 48 часа од утврдување на прекршувањата; и да доставува извештаи за активностите до Државната изборна комисија (седмични во периодот пред почетокот на изборната кампања и дневни за време на изборната кампања), што ќе ги објавува на својата веб-страница (член 76-в од ИЗ). Агенцијата треба да ги објави на својата веб-страница и податоците за програмите што Јавниот радиодифузен сервис и телевизиите на државно ниво ќе ги направат достапни за лицата со попреченост за време на изборната кампања, и да го следи почитувањето на обврските преземени од нивна страна (член 75 став 5 од ИЗ). Исто така, согласно член 76-д од ИЗ, Агенцијата е должна: да ги потврди извештаите на радиодифузерите за емитуваното платено политичко рекламирање (ППР) во рок од пет дена од денот на нивното доставување; и да достави Извештај за платеното политичко рекламирање емитувано на радиодифузерите до Државната изборна комисија, на 20. ден од настапувањето на предизборниот молк за прв круг и за втор круг доколку се одржува.

Подготвителните активности на Агенцијата за мониторингот на медиумското покривање на Локалните избори 2025 почнаа во јули 2025 година. Мониторингот стартуваше на 10 август, по распишување на изборите, а активностите заврšија со доставата на Извештајот за емитуваното ППР во вториот круг од изборната кампања до Државната изборна комисија, на 20 ноември 2025 година. Но, изборите, сепак, останаа во фокусот сè до крајот на годината, имајќи предвид дека во четири општини во првиот круг од Локалните избори немаше доволен одзив од гласачите, односно не беа избрани градоначалници, поради што на 17 ноември 2025 година претседателот на Собранието на Република Северна Македонија распиша Повторни избори за градоначалници во општините Гостивар, Врапчиште, Маврово-Ростуше и Центар Жупа, закажани за 11 јануари 2026 година.[1]

Активностите за мониторинг на изборни процеси се спроведуваат во согласност со *Методологијата за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за време на изборни процеси* и упатствата на Агенцијата, кои главно се однесуваат на платеното политичко рекламирање. Целиот процес е поделен во неколку етапи за кои важат различни законски обврски за радиодифузерите, затоа беа подготвени пет групни извештаи (за известувањето во периодот пред

[1] Повеќе детали за Повторните локални избори 2026 година ќе бидат обезбедени во следниот извештај на Агенцијата за 2026 година.

почетокот на изборната кампања, за време на првиот круг и за време на вториот круг од изборите, како и за емитуваното ППР во првиот и во вториот круг од изборите)[2] и неколку поединечни извештаи за констатирани прекршувања. Во продолжение се претставени клучните аспекти и наоди од мониторингот.

**Предизборие**

Првиот извештај на Агенцијата за Локалните избори 2025 година произлезе од аналитичкиот мониторинг за периодот на т.н. предизборие – од 10 август, по распишувањето на изборите, до 28 септември, последниот ден пред почетокот на првиот круг од кампањата. Примерокот за анализата се состоеше од целодневните програмски сервиси на девет национални телевизии: Првиот и Вториот ТВ-програмски сервис на ЈРС Македонска радио-телевизија, и комерцијалните телевизиски програмски сервиси на: Алсат-М, Алфа, Канал 5, Сител, Телма, 21-М и 24 Вести. За другите медиуми се постапуваше по претставки.

Пред почетокот на изборната кампања, мониторингот беше фокусиран на следење на почитувањето на општите новинарски принципи за објективно известување (член 47-а и член 111 од –ЗААВМУ), кои треба да овозможат плурален приказ на политички опции и мислења. Дополнително се следеше почитувањето и на низа одредби од Изборниот законик кои важат во периодот на предизборието, и тоа:

- Дали известувањето за активностите на државните органи, органите на општините и на Градот Скопје, на државните институции и организации, како и за правни и други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања - е во функција на нечие изборно медиумско претставување (член 75-б и член 76-а став 12 од ИЗ);
- Дали се почитува забраната програмите наменети за малолетната публика да не се користат за изборно медиумско претставување (член 75 став 6 од ИЗ);
- Дали уредници, новинари, водители и презентери на радио и на телевизиски програми истовремено учествуваат и во предизборни активности на политички партии, коалиции или кандидати (член 75-в од ИЗ);
- Дали се почитува забраната за емитување платено политичко рекламирање (член 75-д став 1 од ИЗ);
- Дали огласите за собирање потписи за поддршка на кандидатури на независни кандидати се емитуваат согласно утврдените правила (член 75-д ставови 2 и 3 од ИЗ);
- Дали се почитува забраната за емитување реклами финансирани од буџетски средства (член 75-д став 4 од ИЗ);
- Дали се почитуваат правилата за објавување резултати од испитувања на јавното мислење (член 77 став 2 од ИЗ);
- Дали на Јавниот радиодифузен сервис се емитуваат дебати (член 76-а став 11 од ИЗ); и
- Дали се почитуваат посебните забрани за дискриминација и за говор на омраза пропишани во член 48 од ЗААВМУ.

Во периодот од распишување на изборите до почетокот на изборната кампања не беше констатирано прекршување на одредбите од ИЗ. Општо медиумски погледнато, предизборието содржински се сведе на јавен отчет за сработеното на дотогаш актуелната локална власт и на меѓупартиски обвинувања и оправдувања - било за пропуштени политички шанси од минат мандат, било за тековна неажурност во спроведувањето на обврските од надлежностите во различен ранг на (извршната) власт – од

[2] Поединечните, официјални извештаи за етапите од целиот изборен процес, се достапни на веб-страницата на АВМУ во посебното поле Локални избори.

министерствата, преку државната администрација, сè до органите на локалната самоуправа. Во целиот период на предизборието, посебно медиумско внимание – главно со вести во низа, изјави и со куси разговори - ѝ беше дадено на предизборната неизвесност за статусот и за изборните можности на независните кандидати, односно на континуитетот на нивните организациски зафати и обиди за потенцијален колективен изборен настап преку заедничка политичка платформа. Дел од прилозите во предизборниот период произлегоа од активностите на Државната изборна комисија (ДИК) околу Избирачкиот список, комплетирањето на листите со кандидати за градоначалници и за советници, а дел беше поврзан со партиските шпекулации за можни коалицирања и со очекувањата на комуниколозите за (не)културата на политичката комуникација во изборната кампања. Надвор од темата избори, речиси севкупниот новинарски ангажман во летото 2025 година беше преокупиран со секојдневна анализа на економските и на здравственоеколошките последици од честотата и од опфатот на пожарите што избувнаа низ повеќе подрачја од државата, до таа мерка што одредени функционери на извршната власт ги опишаа и како вид „екотероризам“ со димензии на „специјална војна“ и „хибриден/мултистраничен напад“, па очекувано беше дека пожарите ќе ги разгорат и предизборните партиски контрареакции. Оттаму, дневниот новинарски информативен ангажман се воопшти во анализа на деценискиата дисфункционалност – неекипираноста и неажурноста на постојните институции на локалната и на државната власт.

Може да се рече дека телевизиите анализирани за време на предизборието се придржуваа до начелото за објективно и за непристрасно прикажување на општествено-политичките настани (член 47-а став 1 алинеја 9 од ЗААВМУ), со еднаков третман на различните гледишта и мислења, така што на пошироката јавност ѝ овозможија самостојно да формира мислења и ставови. Во предизборниот период информативните редакции на телевизиите Алфа, Канал 5, 21-М, Сител, 24 Вести и Телма вложија напори изборите да ги обработуваат и преку посебни информативни емисии: интервјуа, дебати и други видови информативни емисии.

**Начин на известување во првиот изборен круг од ЛИ25**

Мониторингот на медиумското известување за изборните активности од првиот круг на Локалните избори беше спроведен од 29 септември до 17 октомври. Методолошкиот примерок се прошири на 11 национални телевизии со програма на македонски и на албански јазик, односно опфатени беа: три програмски сервиса од ЈРС МРТВ (МРТ1, МРТ2 и Собранискиот канал) и осум комерцијални програмски сервиси: (Алсат-М, Алфа, Канал 5, Сител, Телма, 24 Вести, 21-М и Шења). Постапувањето за можните прекршоци од програмските сервиси на сите други постојни радиодифузери беше спроведувано врз основа на претставки.

Со мониторингот на изборното медиумско претставување за време на изборната кампања Агенцијата следи дали радиодифузерите:

- Во вестите ги почитуваат квантитативните и квалитативните принципи за постигнување баланс во известувањето за кампањите на учесниците во изборниот процес. Согласно член 75-а од ИЗ, балансот квантитативно се обезбедува така што - за изборите за градоначалник се почитува принципот на еднаквост (приближно еднакво време меѓу кандидатите), а за избор на членови на советите - принципот на пропорционалност (приближно еднакво време меѓу учесниците во изборна кампања со ист број потврдени кандидатски листи и приближно ист интензитет на кампањата). Квалитативно, балансот се постигнува со истоветен приод, односно тон на известување и врамување;
- Ја почитуваат забраната согласно која известувањето за активностите на органите на власта не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект во текот на целиот период, од распишувањето на изборите, па до нивното завршување (член 75-б од ИЗ);

- Во посебните информативни емисии за изборите го почитуваат правилото да се обезбеди баланс, правичен и непристрасен третман (член 75 од ИЗ);
- ЈРС и телевизиите на државно ниво ги почитуваат обврските за информирање за изборниот процес на лицата со попреченост (член 75 од ИЗ);
- Го почитуваат правилото дека уредници, новинари, водители на програма и презентери ангажирани во подготвување на програмите не смеат истовремено да учествуваат во предизборните активности на партии и коалиции, односно на учесниците во изборниот процес (член 75-в од ИЗ);
- Ги почитуваат правилата за објавување резултати од испитувањата на јавното мислење (член 77 од ИЗ);
- Ги почитуваат правилата за емитување платено политичко рекламирање, кои се однесуваат на: дозволените лимити за ППР на учесниците во изборите и на реален час емитувана програма, како и за спојување на ППР во два реални часа (член 75-ѓ од ИЗ); за јасно означување на нарачателот на рекламирањето; за тоа дека ППР не се емитува во посебни информативни програми, во образовни и програми за деца и во преноси од верски, спортски, културни, забавни и други настани; дека во ППР не смеат да учествуваат малолетници; и дека посебните информативни емисии не смеат да се користат како ППР (член 76 од ИЗ);
- Ја почитуваат забраната за емитување реклами финансирани од буџетски средства (член 75-д од ИЗ);
- Јавниот радиодифузен сервис времето во вестите го распределува според правилото: 30 % од времето за дневните настани од земјата и светот, 30 % за активностите на политичките партии на власт, 30 % за активностите на политичките партии во опозиција и 10% за активностите на вонпарламентарните политички партии и за независните кандидати (член 76-а од ИЗ);
- ЈРС емитува дебатни емисии/соочувања на учесниците во изборниот процес (член 76-а од ИЗ);
- ЈРС и Собранискиот канал ги почитуваат правилата за емитување бесплатно политичко претставување (член 76-а од ИЗ);
- Ги почитуваат посебните забрани за поттикнување омраза и нетрпеливост (член 48 од ЗААВМУ);
- Ја почитуваат обврската во време на изборен процес, исправката, односно одговорот на објавена информација да го објават во првото следно издание, односно првата следна програма од ист вид, веднаш по примањето на исправката или одговорот (членови 19 и 27 од Законот за медиуми).

Оттаму, фокус на мониторингот на Агенцијата беа вестите и извештаите од централните изданија на ТВ-дневникот, потоа интервјуата и дебатите на изборни теми, како и нивната адаптираност за лица со сетилна попреченост, но едновремено и платеното политичко рекламирање (ППР) и можностите за бесплатно политичко претставување (БПП).

Во првиот круг од изборите учествуваа 153 кандидати, поддржани од: 9 парламентарни партии/коалиции; од 24 вонпарламентарни партии/коалиции, но и 120 независни кандидати. Сам по себе, тој обем учесници во изборната кампања постави невозможна задача пред новинарските редакции – професионално, доследно да ги спроведат принципите од ИЗ за медиумски еднаков и пропорционален третман на секој од кандидатите, било за градоначалник, било за општински советник.

Според наведените (пред)услови, заклучокот на мониторингот беше дека - во текот на првиот изборен круг повеќето информативни редакции вниманието сосем очекувано го насочија кон кандидатите поддржани од парламентарните партии и/или од нивните коалициски партнери (владејачките ВМРО-ДПМНЕ и ВЛЕН; наспроти опозициските СДСМ и НАИ), а значително помал медиумски простор беше отстапен за независните кандидати и за оние поддржани од вонпарламентарни партии. Позабележителен редакциски

труд за плурален приказ изборни политички понуди беше евидентиран кај МРТ1, МРТ2, ТВ Алфа, ТВ Канал 5 и ТВ Телма.

Стриктно за темата Локални избори 2025, во текот на кампањата за првиот изборен круг најмногу време во ТВ-дневникот издвоија телевизиите Алсат-М, Сител и Алфа. Анализираните медиуми главно известуваа неутрално. Десет инфоредакции организираа и емитуваа интервјуа со учесниците во изборната кампања, а во овој ангажман предничеше новинарскиот тим на ТВ Алсат-М. Најмногу дебатни соочувања реализираа редакциите на ТВ 24 Вести и на ТВ Телма.

Известувањето за изборите во формат пристапен и за лица со сетилна попреченост е обврска за ЈРС МРТВ (МРТ1 И МРТ2), како и за националните комерцијални телевизии што емитуваат ППР (член 75 ставови 4 и 5 од ИЗ). Сите обврзани телевизии, уште пред почетокот на изборната кампања, ја известија АВМУ за своите технички адаптирани програми, по што беше подготвен и соодветен преглед со конкретни наслови и со програмски термини на емитување, навремено објавени на веб-страницата на АВМУ. Мониторингот покажа дека телевизиите ја исполнија посочената законска обврска.

**Начин на известување во вториот изборен круг од ЛИ25**

Со непроменети методолошки критериуми и со ист опфат на анализираниот примерок телевизии, мониторингот на медиумското претставување на 66-те кандидати за градоначалници што се пласираа во вториот изборен круг траеше од 20 до 31 октомври.

При распределбата на телевизиското време за претставување на кандидатите за градоначалник ниту една информативна редакција не успеа да го достигне идеално поставеното законско барање од ИЗ за – еднаквост. Единствено редакциите на МРТ1 и на МРТ2 успеаја да се придржуваат до посебните законски обврски за структурирање на дневноинформативните емисии во изборни услови според математичкиот образец 30 % + 30 % + 30 % + 10 %.

Општ заклучок од мониторингот на АВМУ е дека анализираните програмски сервиси од ЈРС МРТВ и осумте комерцијални телевизии опфатени со мониторингот - се обидоа, во зависност од своите продукциски, кадровски и технички капацитети, преку вестите, интервјуата и дебатите да претстават што е можно поширока слика за постојниот општествено-политички амбиент во кој се одвиваше изборната кампања, односно вложија професионален новинарски ангажман да обезбедат подробна информираност за најголем дел од кандидатите за градоначалници. Поопшто речено, одредени информативни редакции се потрудија да претстават повеќе кандидати, други, пак, како и при минати изборни циклуси, се фокусираа на кандидатите поддржани од четирите големи коалиции - на ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ, ВЛЕН, НАИ, а уредувачката политика на некои редакции, пак, се ограничи исклучиво на кандидатите за градоначалници од скопските општини, како и на соперниците за градоначалник на Скопје.

Во однос на посебните информативни емисии - 9 од 11-те телевизиски програмски сервиси емитуваа интервјуа и дебати на изборни теми, на кои, освен директните учесници во изборниот процес, свои мислења изнесоа и политиколози/аналитичари на домашната политичка сцена. По бројот на реализираните интервјуа и дебати со кандидати за градоначалници предничеа телевизиите Сител, Телма и Канал 5.

Сите телевизии што новинарски активно го следеа текот на вториот круг од изборната кампања, за лицата со сетилна попреченост технички приспособија по едно свое дневно издание на емисијата вести и едно неделно издание на некоја од своите актуелно-информативни емисии (интервју/дебата).

**Изборен молк**

Изборниот молк во првиот круг од изборите го опфати периодот од полноќ на 18 октомври до 19 часот на 19 октомври, а во вториот круг од полноќ на 1 ноември до 19 часот на 2 ноември. Според пропишаното (член 76-б од ИЗ), редакциите во овие периоди од изборниот процес не смеат да објавуваат содржини кои се во функција на нечија политичка кампања, односно содржини што можат да влијаат врз изборната волја на граѓаните.

Примерокот за анализа за време на молкот во првиот круг беше проширен, така што покрај 11-те национални телевизии, ги опфати и скопските регионални ТВ-сервиси: Едо, Ера, Шутел, Вистел и МТМ (Прва скопска). Во првиот круг молкот не го почитуваа четири редакции: на националните телевизии 24 Вести и 21-М и на регионалните телевизии Вистел и Шутел. Против нив, во законски пропишаниот рок, АВМУ поднесе барања за покренување прекршочни постапки.

Примерокот за анализа за време на молкот во вториот круг, исто така беше проширен, и покрај 11-те национални телевизии, ги опфати и телевизиите во општините каде што имаше избори во вториот круг. Не беа констатирани прекршувања на изборниот молк во вториот круг од кампањата.

**Бесплатно политичко претставување (БПП)**

И во овој изборен процес учесниците во изборната кампања покажаа мошне мал интерес да го искористат законското право (член 76-а ставови 5, 6, 7, 8 и 9 од ИЗ) за свое бесплатно политичко претставување на програмските сервиси на МРТ1, МРТ2 и/или на Собранискиот канал. На МРТ1, можноста на овој начин да се претстават пред гласачите ја искористија 26 од кандидатите, со вкупно времетраење од 54 минути и 56 секунди; на МРТ2 - двајца кандидати со вкупно траење од 5 минути и 44 секунди; а на Собранискиот канал 13 учесници во изборната кампања во траење од вкупно 3 часа 49 минути и 12 секунди.

Незаинтересираноста за БПП беше уште поизразена во вториот круг, кога вкупно беа емитувани околу 43 минути БПП, и тоа само на Собранискиот канал од ЈРС МРТВ, поделени меѓу кандидатите за градоначалници поддржани од двата главни политички соперника – владејачката ВМРО-ДПМНЕ и опозицискиот СДСМ. Ниту еден кандидат на ЛИ25 не ја искористи можноста за БПП отворена и на МРТ1 и на МРТ2.

**Платено политичко рекламирање (ППР)**

Мониторингот на ППР во првиот круг од изборната кампања опфати 68 радиодифузера (33 телевизии и 35 радија), кои склучија договори за таков вид изборно претставување и беа уредно пријавени во Регистарот за ППР што го води ДИК.

Кај сите 68 радиодифузера најмногу време за ППР купија: Коалицијата Твоја Македонија, предводена од ВМРО-ДПМНЕ; Коалицијата Национална алијанса за интеграција – НАИ, предводена од ДУИ; Коалицијата за Локални избори 2025, предводена од СДСМ и Коалицијата Влен.

Во првиот круг од изборите лимитот за емитување ППР (член 75-ѓ став 1 од ИЗ) го надмина само ТВ Гурра, по што АВМУ против неа поднесе барање за покренување прекршочна постапка.

Во вториот круг од кампањата, вкупно 41 радиодифузер, од кои 22 телевизии и 19 радија, склучија договори со учесниците во изборите. Медиумскиот простор за ППР главно го купија четирите големи коалиции предводени од ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ, НАИ и ВЛЕН. Во помала мерка, на овој начин медиумски се претставија и независните кандидати за градоначалници на општините Куманово и Струга. Во оваа етапа од изборите не беа регистрирани прекршувања на ИЗ поврзани со ППР.

**Претставки во врска со ЛИ25**

Пред почетокот на изборната кампања, онлајн медиум реагираше за регистрацијата на ТВ Гурра во Регистарот на ДИК за емитување платено политичко рекламирање, така што ја препрати својата комуникација со Државната изборна комисија во врска со содржината на ценовникот на телевизијата за платено политичко рекламирање (ППР) за Локалните избори 2025 година. Агенцијата го извести испраќачот на реакцијата дека нема надлежности во поглед на Регистарот што го води ДИК, но и дека ниту еден од новинарските жанрови (прилог, емисија) законски не смее да се користи за платено политичко рекламирање, како и дека, доколку во текот на изборната кампања телевизијата емитува новинарски жанр како ППР, Агенцијата ќе преземе соодветни законски мерки.

За време на првиот круг од изборите до АВМУ беа доставени две претставки. Првата од кандидатка на партијата Левица за градоначалничка на општина Кочани, која ја обвини редакцијата на локалното Радио Кочани за селективност, односно за нерамноправен однос кон шесттемина кандидати за локалната власт што преку радиото требало да дебатираат околу своите програмски понуди. По реакција на АВМУ, редакцијата на радиото и телефонски и по електронска пошта потврди дека планирала три одделни дуелни соочувања поради тоа што нема соодветни студиски услови за една дебата меѓу шесттемина учесници во изборниот процес. Втората претставка ја достави Коалицијата ВЛЕН против новинар од интернет-порталот *ТетоваСот* обвинувајќи го за наводно необјективно известување и за отстапување од професионалните новинарски стандарди - сè во полза на кандидатот за градоначалник од соперничката Коалиција на Националната алијанса за интеграција – НАИ. На подносителот на претставката АВМУ навремено му одговори дека - ниту според ИЗ ниту според Законот за медиуми (ЗМ) - нема надлежност да постапува по објави на онлајн медиумите, но по претставката беше одлучено во рамките на Координативното тело за следење на почитувањето на Кодексот за однесување во онлајн просторот за време на изборни процеси и референдуми[3].

**Упатства за радиодифузерите**

Како и вообичаено, и за Локалните избори во 2025 година и за Повторните избори за градоначалници во четири општини, Агенцијата изработи упатства за радиодифузерите во кои објасни како тие, согласно карактеристиките на конкретниот изборен процес, да ги спроведат одредбите од ИЗ кои се однесуваат на: распределба на времето за платено политичко рекламирање (ППР) – член 75-ѓ став 1; означување на нарачателот на рекламирањето – член 76; распределба на времето во вестите кај Јавниот радиодифузен сервис (ЈРС) – член 76-а став 2; бесплатното политичко претставување на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Северна Македонија – член 76-а став 8; и за обезбедување пристапност на содржините за изборниот процес – член 75 ставови 1 и 4.

При подготовката на Упатството за радиодифузерите за Локалните избори што се одржаа во октомври беше утврдено дека формулациите од членот 75-ѓ став 1 од ИЗ во врска со распределбата на времето за ППР ќе

---

[3] За време на ЛИ25, Координативното тело на Кодексот за однесување во онлајн просторот за време на изборни процеси и референдуми донесе заклучоци за вкупно осум претставки во врска со: дезинформации; неточни објави во онлајн медиуми; недолична и навредлива комуникација на социјалните мрежи; нееднаков пристап до медиумскиот простор и злоупотреба на службени страници за изборна промоција. За овој изборен процес, кон Кодексот пристапија и: Хелсиншкиот комитет за човекови права; редакциите на PressOnline.mk и StrumicaNet.mk; политичките партии „Десница“ и „Демократски сојуз“; и 4 групи избирачи. Инаку, во Координативното тело членуваат претставници на Здружението на новинари на Македонија (ЗНМ), Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), Македонскиот институт за медиуми (МИМ), Институтот за комуникациски студии (ИКС), Фондацијата Метаморфозис и АВМУ. Повеќе информации и за Телото и за заклучоците по добиените претставки се достапни на: https://izborenkodeksonline.mk.

доведат до тоа - политичките партии Левица и ЗНАМ, кои имаат свои пратенички групи во Собранието, но не се вбројуваат меѓу четирите најголеми партии од власта и опозицијата, да бидат исклучени од правото на ППР. Поради ова, Агенцијата иницираше консултативни средби со другите институции надлежни за спроведување на ИЗ: Државната изборна комисија, Државната комисија за спречување на корупцијата и Државниот завод за ревизија. Како резултат, четирите институции упатија заеднички допис до Собранието на Република Северна Македонија во кој известија за непрецизностите и го повикаа Законодавниот дом да преземе активности за соодветно да се регулира ова прашање. Сепак, овие одредби од ИЗ останаа неизменети. Ова, во текот на изборниот процес, доведе до бројни реакции и тужби од партијата Левица против Агенцијата, но сите судски инстанци и други институции потврдија дека Агенцијата немала поинаков избор освен доследно да го примени Законикот.

За Повторните избори за градоначалници во општините Гостивар, Врапчиште, Маврово – Ростуше и Центар Жупа беше изработено ново упатство во кое овој проблем не се јави зашто двете партии немаа свои кандидати за градоначалници.

Со цел усогласување со одредбите од ИЗ и практиката на постапување, пред почетокот на изборната кампања за Локалните избори, Агенцијата направи и измени и дополнувања на Упатството за потврдување на извештаите за емитувано платено политичко рекламирање.

### Други активности поврзани со изборите

Во текот на изборните процеси Агенцијата навреме писмено ги потсетуваше радиодифузерите на обврските што треба да ги исполнат во секоја од фазите: предизборието, кампањата, молкот, објавувањето резултати од анкети итн.

Одржуваше и редовни средби и комуникација со Набљудувачката мисија на ОБСЕ/ОДИХР, особено со нивната аналитичарка за медиуми. Притоа, навреме и исцрпно одговараше на сите прашања и на другите дописи на тема избори.

Со цел да го унапреди процесот на мониторинг, со финансиска поддршка од ИФЕС, Агенцијата иницираше изработка на нов софтвер за автоматско препознавање на ППР. Се очекува софтверот да биде функционален до крајот на 2026 година.

### Повторни избори за градоначалник на општините Гостивар, Врапчиште, Маврово – Ростуше и Центар Жупа

Во четири општини, во првиот круг од Локалните избори, немаше доволен одѕив од гласачите, односно не беа избрани градоначалници, поради што на 17 ноември 2025 година претседателот на Собранието на Република Северна Македонија распиша Повторни избори за градоначалници во општините: Гостивар, Врапчиште, Маврово-Ростуше и Центар Жупа, закажани за 11 јануари 2026 година. Изборната кампања за овие избори почна на 22 декември 2025 година и траеше до 9 јануари 2026 година. Со оглед на фактот дека станува збор за помалку општини и кампања со мал интензитет водена од само седум кандидати, методолошки беше одлучено – за начинот на известување да се врши мониторинг по претставки за евентуални неправилности, додека пак, за емитувањето ППР беше спроведен мониторинг врз сите радиодифузери што склучија договори за емитување. Во ДИК се регистрираа 13 телевизии и 5 радија, но ППР емитуваа само 7 телевизии и 2 радија. До крајот на 2025 година немаше прекршувања, ниту претставки. Сите други информации ќе бидат обезбедени во Извештајот за 2026 година.

## ПРОГРАМСКИ И ДРУГИ ОБВРСКИ НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ

Како и секогаш, почитувањето на обврските од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Законот за медиуми, подзаконските акти, како и обврските утврдени со дозволата за емитување, Агенцијата ги следеше преку редовни, вонредни и контролни надзори од програмски и од административен карактер. Во извештајната година беа спроведени над 300 надзори над радиодифузерите.

### Програмски надзори

Редовните надзори, коишто беа предвидени со Годишниот план за вршење програмски надзор во 2025 година, беа реализирани во целост. Покрај нив, беа реализирани и повеќе вонредни програмски надзори, иницирани по службена должност, како и контролни надзори во случаите кога беа изречени мерки јавна опомена за констатирани прекршувања. За неколку од мерките јавна опомена изречени во 2025 година, контролните надзори се реализирани во 2026 година, тогаш истече рокот за усогласување на радиодифузерите определен во решенијата за изрекување мерка. Затоа тие не се опфатени во овој Извештај. Оттаму, програмските надзори во 2025 година резултираа со вкупно 117 поединечни извештаи - 91 од редовните надзори, 25 од контролните и 1 од вонреден надзор.

Во прегледот на сите програмски надзори даден во продолжение, тие се претставени месец по месец, согласно периодот кога биле завршени. Прегледот не ги опфаќа единствено надзорите што се однесуваат на почитувањето на професионалните стандарди во известувањето и на забраната за поттикнување говор на омраза, кои се поместени во главата „Поттикнување на слободата на изразување и на слободата на медиумите“.

Редовните надзори се спроведуваат врз почитувањето на четири групи обврски од ЗААВУ и соодветните подзаконски акти, и тоа одредбите за: 1. **Емитување аудио и аудиовизуелни комерцијални комуникации** (член 53 – Општи правила за емитување комерцијални комуникации; член 54 – Спонзорство; член 55 – Пласирање производи; член 98 – Услови за рекламирање и телешопинг; член 99 – Начин на рекламирање и телешопинг; член 100 – Времетраење на рекламирањето и телешопинг-спотовите и член 101 – Забрана за учество во реклами и телешопинг на одредени лица); **2. Заштита на малолетните лица од програми што можат да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој** (член 50 – Заштита на малолетни лица и член 50-а - Заштита на личните податоци на малолетните лица); **3. Поттикнување и заштита на културниот идентитет** (член 64 – Употреба на јазик; член 80 – Доброволно преземени обврски за емитување домашна музика, член 91 – Европски аудиовизуелни дела и дела од независни продуценти и член 92 – Домашна музика на ЈРС и македонски аудиовизуелни дела на ТВ) и **4. Други програмски обврски** (член 52 – Обезбедување квизови или други програми со наградно учествување; член 90 – Времетраење на дневното емитување кај радиодифузерите; член 93 – Телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање и член 94 – Емитување игри на среќа).

#### Јануари

- **Редовни програмски надзори** врз телевизиските програмски сервиси на Јавниот радиодифузен сервис (МРТ1, МРТ2, МРТ3, МРТ4 и МРТ5). Со надзорите не беа констатирани прекршувања.

#### Февруари

- **Редовни програмски надзори** врз радиопрограмските сервиси на Јавниот радиодифузен сервис (МРА1, МРА2 и МРА3), при што не беа констатирани прекршувања.

- **Три контролни програмски надзори** врз ТВ Дуе за почитување на:
  - Член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ (емитување одреден процент изворно создадена програма). Со надзорот беше констатирано дека радиодифузерот делумно постапил по решението за изрекување мерка – јавна опомена**,** односно ја отстранил извршената повреда на членот 92 став 3 од ЗААВМУ, но продолжил со вршење на повредата на членот 92 став 1 од ЗААВМУ поради што беше изречена мерка јавна опомена;
  - Член 64 став 1 од ЗААВМУ (употреба на јазикот). Со надзорот беше констатирано дека радиодифузерот во целост постапил по изречената мерка и го отстранил прекршувањето;
  - Член 50 став 3 од ЗААВМУ (заштита на малолетните лица) и на членовите 16, 20 и 21 од Правилникот за заштита на малолетните лица. Со надзорот беше констатирано дека радиодифузерот ја отстранил само повредата на членот 16 (временски периоди за емитување на различните категории програми), но продолжил да ги прекршува членовите 20 и 21, кои се однесуваат на начинот на аплицирање, изглед и содржина на предупредувачката сигнализација од Правилникот за заштита на малолетните лица, поради што беше изречена мерка јавна опомена.
- **Два контролни програмски надзори** врз ТВ Њуз за почитување на:
  - Член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ (изворно создадена програма); и
  - Член 50 став 3 од ЗААВМУ (заштита на малолетните лица) и на членовите 17 и 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица.

  Со обата надзора беше констатирано дека радиодифузерот во целост ги отстранил прекршувањата.
- **Контролен програмски надзор** врз ТВ Протел за почитување на член 50 став 3 од ЗААВМУ (заштита на малолетните лица) и на членовите 16, 17 и 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица. Со надзорот беше констатирано дека радиодифузерот во целост постапил по изречената мерка.
- **Контролен програмски надзор** врз ТВ Спектра за почитување на член 50 став 3 од ЗААВМУ (заштита на малолетните лица) и на членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица, при што беше утврдено дека телевизијата го отстранила прекршувањето. Бидејќи при контролниот надзор беше констатирано дека медиумот користи нецелосна сигнализација при означување на програмите што можат да им наштетат на малолетниците, до ТВ Спектра беше доставен допис со објаснување какви недостатоци се регистрирани при означувањето на програмите и самопромотивните најави и како да се поправат.
- **Контролен програмски надзор** врз ТВ Стар за почитување на член 50 став 3 од ЗААВМУ (заштита на малолетните лица) и на членовите 20 и 21 од Правилникот за заштита на малолетните лица, кој покажа дека радиодифузерот постапил по мерката.

**Март**

- **Редовни програмски надзори** врз националните сателитски комерцијални телевизиски програмски сервиси (Наша ТВ и ТВ 24 Вести). Со надзорите беа констатирани прекршувања кај: Наша ТВ - на член 98 став 2 од ЗААВМУ и на член 14 став 4 од Правилникот за нови рекламни техники (за емитувањето реклами на поделен екран); и кај ТВ 24 Вести - на член 55 став 2 алинеи 2, 3 и 4 од ЗААВМУ (услови за пласирање производи) и на членовите 25 и 26 (означување на пласирањето производи) од Упатството за пласирање производи.

- **Редовни програмски надзори** врз националните комерцијални телевизиски програмски сервиси (ТВ 21 - М, ТВ Шења, ТВ Клан Мацедониа и ТВ Сонце), кои се емитуваат преку оператори на јавни електронски комуникациски мрежи (ОЈЕКМ). Со надзорите беше констатирано прекршување кај ТВ Клан, ТВ Шења и ТВ 21-М. ТВ Клан ги прекрши членовите 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ (изворно создадена програма) и член 50 став 3 од ЗААВМУ, а во врска со член 16 од Правилникот за заштита на малолетници. Кај ТВ Шења, прекршувањето се однесуваше на членот 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ (изворно создадена програма), а кај ТВ 21-М - на член 98 став 2 од ЗААВМУ, а во врска со член 14 став 4 од Правилникот за нови рекламни техники (емитување реклами на поделен екран), на член 52 од ЗААВМУ (за емитувањето програми со наградно учество) и на член 53 став 2 од ЗААВМУ (емитување прикриени аудиовизуелни комерцијални комуникации). За констатираните прекршувања беа изречени мерки јавна опомена.
- **Два контролни програмски надзори** врз ТВ Спектра за обврските од:
  - Членот 92 став 1 од ЗААВМУ (изворно создадена програма), при што беше констатирано дека радиодифузерот продолжил со прекршувањето, поради што беше поведена прекршочна постапка;
  - Членот 64 став 1 од ЗААВМУ (употреба на јазикот). Со надзорот беше констатирано дека радиодифузерот постапил по изречената мерка.
- **Контролен програмски надзор** врз ТВ Дуе за почитувањето на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на членовите 20 и 21 (начин на аплицирање, изглед и содржина на предупредувачката сигнализација) од Правилникот за заштита на малолетници. Телевизијата немаше постапено по изречената мерка јавна опомена и поради тоа беше поведена прекршочна постапка.
- **Вонреден програмски надзор** реализиран по службена должност врз Универзитетско радио УГД ФМ за почитување на член 67 став 6 од ЗААВМУ (исполнување на програмскиот концепт врз основа на кој непрофитното радио добило дозвола за радиоемитување). Со надзорот беше констатирано дека радиото не го исполнува програмскиот концепт, поради што беше изречена мерка јавна опомена.
- **Осумдневен вонреден програмски надзор** спроведен по трагичниот пожар во дискотеката „Пулс“ во Кочани, при кој програмите на радиодифузерите беа мониторирани од аспект на начинот на известувањето за трагедијата, како и за усогласеноста на програмата за време на деновите на жалост.

**Април**

- **Редовни програмски надзори** врз националните терестријални ТВ-програмски сервиси (ТВ Алсат-М, ТВ Алфа, ТВ Канал 5, ТВ Сител и ТВ Телма), со кои не беа констатирани прекршувања.
- **Контролен програмски надзор** врз Наша ТВ за почитување на член 98 став 2 од ЗААВМУ и на член 14 став 4 од Правилникот за нови рекламни техники (за емитувањето реклами на поделен екран). Со надзорот беше констатирано дека радиодифузерот во целост постапил по изречената мерка и го отстранил прекршувањето.
- **Два контролни програмски надзори** врз ТВ Компани 21 - М за почитување на:
  - Член 98 став 2 од ЗААВМУ и на член 14 став 4 од Правилникот за нови рекламни техники; и
  - Член 53 став 2 од ЗААВМУ (забрана за прикриени аудиовизуелни комерцијални комуникации).

  Со надзорите беше констатирано дека радиодифузерот постапил по изречените мерки.

- **Контролен програмски надзор** врз ТВ Дуе за почитување на член 92 став 1 од ЗААВМУ (емитување изворно создадена програма). Со надзорот беше констатирано дека радиодифузерот го отстранил прекршувањето.

**Мај**

- **Редовни програмски надзори** врз шест регионални комерцијални телевизиски програмски сервиси (ТВ Ера, ТВ МТМ, ТВ Шутел, ТВ М, ТВ Тера и ТВ Топестрада). Со надзорите беа констатирани прекршувања кај ТВ М и ТВ Тера на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на членовите 20 и 21 (начин на аплицирање, изглед и содржина на предупредувачката сигнализација) од Правилникот за заштита на малолетните лица, поради што беа изречени мерки јавна опомена.

**Јуни**

- **Редовни програмски надзори** врз пет локални комерцијални ТВ-програмски сервиси (ТВ Кочани-ЛД, ТВ Калтрина, ТВ Канал Феста, ТВ Плус и ТВ Ускана Медиа). Со надзорите беа констатирани прекршувања кај ТВ Канал Феста на член 92 ставови 1 и 3 (емитување изворно создадена програма) и на член 50 став 3 од ЗААВМУ (заштита на малолетните лица), а во врска со членовите 20 и 21 од Правилникот за заштита на малолетните лица (начин на аплицирање, изглед и содржина на предупредувачката сигнализација); кај ТВ Плус на член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ (емитување изворно создадена програма); и кај ТВ Ускана Медиа на член 64 став 1 (употреба на јазикот) и на член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ (емитување изворно создадена програма), поради што беа изречени мерки јавна опомена.

- **Редовен програмски надзор** врз 11 телевизиски програмски сервиси на државно ниво (МРТ1, ТВ Сител, ТВ Канал 5, ТВ Телма, ТВ Алфа, ТВ Алсат-М, ТВ 24 Вести, Наша ТВ, ТВ Сонце, ТВ 21-М и ТВ Шења) во однос на годишната обврска за емитување европски аудиовизуелни дела. Надзорот покажа дека сите радиодифузери ја исполниле оваа обврска во 2024 година.
- **Редовен програмски надзор** врз 11 телевизиски програмски сервиси на државно ниво (МРТ1, ТВ Сител, ТВ Канал 5, ТВ Телма, ТВ Алфа, ТВ Алсат-М, ТВ 24 Вести, Наша ТВ, ТВ Сонце, ТВ 21-М и ТВ Шења) во однос на обврската во годишниот буџет за програма да одвојат најмалку 10 % за набавка на европски аудиовизуелни дела од независни продуценти, како и во однос на тоа дека најмалку половина од ваквите емитувани дела нема да бидат постари од 5 години. Телевизиите, во 2024 година, ја исполниле и оваа обврска.
- **Контролен програмски надзор** врз ТВ 21-М за почитувањето на член 52 од ЗААВМУ (обврски при организирање програми со наградно учествување). Со надзорот беше констатирано дека радиодифузерот постапил по изречената мерка и го отстранил прекршувањето.
- **Контролен програмски надзор** врз ТВ 24 Вести за почитувањето на член 55 став 2 алинеи 2, 3 и 4 од ЗААВМУ (услови за пласирање производи) и на членовите 25 и 26 (означување на пласирањето производи) од Упатството за пласирање производи, кој покажа дека радиодифузерот постапил по изречената мерка.
- **Контролен програмски надзор** врз ТВ Шења за почитувањето на член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ (емитување изворно создадена програма)**.** Радиодифузерот го отстранил прекршувањето.

**Јули**

- **Редовни програмски надзори** врз националните комерцијални радиопрограмски сервиси (РА Антена 5, РА Метрополис, РА Канал 77 и РА Јон), при кои не беа констатирани прекршувања.
- **Вонредни програмски надзори реализирани по службена должност за спроведување на обврските за обезбедување пристапни програми за лицата со попреченост** (член 26 од ЗААВМУ) врз телевизиските програмски сервиси на Јавниот радиодифузен сервис: МРТ1, МРТ2 и МРТ5, и десетте национални комерцијални телевизии: ТВ Алсат-М, ТВ Алфа, ТВ Канал 5, ТВ Сител, ТВ Телма, ТВ 21-М, ТВ Сонце, ТВ Шења, ТВ 24 Вести и Наша ТВ. Надзорите беа спроведени во периодот од мај до јули. За наодите од надзорот повеќе информации има во заглавието „Медиумска писменост и социјална инклузија" од овој извештај.

**Август**

- **Контролен програмски надзор** врз ТВ Тера за почитување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на членовите 20 и 21 (начин на аплицирање, изглед и содржина на предупредувачката сигнализација) од Правилникот за заштита на малолетните лица. Со надзорот беше констатирано дека радиодифузерот во целост постапил по изречената мерка и го отстранил прекршувањето.
- **Контролен програмски надзор** врз ТВ М за почитување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на членовите 20 и 21 (начин на аплицирање, изглед и содржина на предупредувачката сигнализација) од Правилникот за заштита на малолетните лица. Со надзорот беше констатирано дека радиодифузерот во целост постапил по изречената мерка и го отстранил прекршувањето.

**Септември**

- **Контролен програмски надзор** врз ТВ Канал Феста за почитување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на членовите 20 и 21 (начин на аплицирање, изглед и содржина на предупредувачката сигнализација) од Правилникот за заштита на малолетните лица. Радиодифузерот во целост постапил по изречената мерка.

**Октомври**

- **Контролен програмски надзор** врз ТВ Плус за почитување на член 92 ставови 1 и 3 (изворно создадена програма) од ЗААВМУ. Со надзорот беше констатирано дека телевизијата го отстранила прекршувањето.
- **Два контролни програмски надзори** врз ТВ Ускана Медиа за почитување на:
    - Член 92 ставови 1 и 3 (изворно создадена програма); и
    - Член 64 став 1 (употреба на јазикот) од ЗААВМУ.

  Беше констатирано дека радиодифузерот во целост ги отстранил прекршувањата.
- **Контролен програмски надзор** врз ТВ Канал Феста за почитување на член 92 ставови 1 и 3 (изворно создадена програма) од ЗААВМУ, при кој беше утврдено дека радиодифузерот ја усогласил програмата со законските обврски.

**Ноември**

- **Редовен програмски надзор** врз пет регионални комерцијални радиопрограмски сервиси (Радио Џез ФМ, Радио РФМ, ЕФ-ЕМ 90,3 - Спортско радио, Скај Радио и Урбан ФМ). Со надзорот, кај РА Џез ФМ беше констатирано прекршување на член 80 ставови 7, 8 и 9 од ЗААВМУ, а во врска со точка 4 од Насоките за доброволно пријавување на радијата за емитување домашна музика (радиопрограмските сервиси се должни пријавениот процент музика на македонски и на јазиците на етничките заедници да го емитуваат на дневно ниво, во периодот од 6 до 00 часот). На оваа радиостаница ѝ беше изречена мерка јавна опомена.

**Декември**

- **Редовни програмски надзори** врз пет локални комерцијални радиопрограмски сервиси (Супер Радио, Радио Мефф, Радио Модеа, Радио Александар Македонски и Радио Јехона ФМ). Со надзорите беше констатирано прекршување кај Радио Модеа на член 53 став 4 алинеја 3 и на член 53 став 5, а во врска со член 53 ставови 6 и 19 од ЗААВМУ, (емитување аудиокомерцијална комуникација во која лажно се претставуваат природата и карактеристиките на рекламираната услуга и притоа се поттикнува однесување што е штетно за здравјето) и беше изречена мерка јавна опомена.

**Административни надзори**

**Надзори над исполнувањето на обврската за објавување импресум и информации за идентификација**

Во 2025 година редовните административни надзори врз радиодифузерите во однос на објавувањето импресум и информации за идентификација кои радиодифузерот мора да ѝ ги направи достапни на својата публика беа реализирани согласно планираното во годишниот План за вршење административен надзор. Со оглед на тоа дека со редовните надзори кај некои радиодифузери беа констатирани прекршувања и им беа изречени мерки јавна опомена, по истекот на рокот за отстранување на повредата на законот, утврден во решението за изрекување мерка, беа реализирани и контролни надзори. За оние радиодифузери на кои мерките јавна опомена им беа изречени на крајот на 2025 година, контролните надзори ќе бидат реализирани во 2026 година и тие не се опфатени во овој Извештај. Од вкупно 58 спроведени административни надзори, 46 беа редовни, 11 контролни и 1 вонреден.

Редовниот административен надзор врз радиодифузерите за достава на извештаите за почитување на програмскиот концепт во 2024 година беше спроведен врз вкупно 90 медиуми (36 телевизиски и 54 радиосервиси).

Прегледот на сите административни надзори претставен подолу е организиран според периодот на нивното завршување.

**Јануари**

- **Редовни административни надзори** врз телевизиските програмски сервиси на Јавниот радиодифузен сервис (МРТ1, МРТ2, МРТ3, МРТ4 и МРТ5). Со надзорот, кај МРТ3 беше констатирано прекршување на член 51 став 1 (објавување информации достапни за корисниците) и беше изречена мерка јавна опомена.

**Февруари**

- **Редовни административни надзори** врз радиопрограмските сервиси на Јавниот радиодифузен сервис (МРА1, МРА2 и МРА3), при кои не беа констатирани прекршувања.
- **Два контролни административен надзори** врз ТВ Њуз за почитување на:
    - Член 14 од ЗМ (импресум); и
    - Член 51 став 1 од ЗААВМУ (информации достапни за корисниците).

Обата надзора покажаа дека радиодифузерот продолжил со прекршувањата, поради што беше изречена мерка јавна опомена.

- **Контролен административен надзор** врз ТВ Дуе за почитување на член 51 став 1 од ЗААВМУ (информации достапни за корисниците). Со надзорот беше констатирано дека медиумот ја прекршува одредбата и беше изречена мерка јавна опомена.

**Март**

- **Редовни административни надзори** врз националните сателитски комерцијални телевизиски програмски сервиси (Наша ТВ и ТВ 24 Вести), при кои не беа констатирани прекршувања.
- **Редовни административни надзори** врз националните комерцијални телевизиски програмски сервиси кои се емитуваат преку ОЈЕКМ (ТВ Компани 21-М, ТВ Шења, ТВ Клан Македониа и ТВ Сонце). Со надзорите беше констатирано прекршување кај ТВ Клан, ТВ Шења и ТВ 21-М. Телевизиите не го почитуваа член 14 од Законот за медиуми (обврска за емитување импресум), а кај ТВ Клан беше констатирано прекршување и на член 51 став 1 од ЗААВМУ (информации што треба да им се направат достапни на корисниците). За прекршувањата беа изречени мерки јавна опомена.
- **Контролен административен надзор** врз МРТ3 за почитувањето на член 51 став 1 од ЗААВМУ (информации што треба да им се направат достапни на корисниците). Со надзорот беше констатирано дека медиумот во целост постапил по изречената мерка.
- **Контролни административни надзори** врз ТВ Њуз за почитувањето на член 51 став 1 од ЗААВМУ (информации што треба да им се направат достапни на корисниците) и на член 14 од ЗМ (импресум). Со надзорите беше констатирано дека медиумот се усогласил со законските барања.
- **Вонреден административен надзор направен по службена должност** за почитувањето на член 14 од ЗМ (објавување импресум) врз ТВ Дуе, при кој беше констатирано дека медиумот ја прекршува одредбата и беше изречена мерка јавна опомена.

**Април**

- **Редовни административни надзори** врз националните терестријални телевизиски програмски сервиси (ТВ Алсат-М, ТВ Алфа, ТВ Канал 5, ТВ Сител и ТВ Телма), со кои не беа констатирани прекршувања.

**Мај**

- **Редовни административни надзори** врз шест регионални комерцијални телевизиски програмски сервиси (ТВ Ера, ТВ МТМ, ТВ Шутел, ТВ М, ТВ Тера и ТВ Топестрада), со кои не беа констатирани прекршувања.

**Јуни**

- **Редовни административни надзори** врз сите радиодифузери што емитувале радио и телевизиска програма во 2024 година, за почитувањето на член 15 став 5 од Законот за медиуми (доставување извештај за спроведување на обврските утврдени во дозволата за радио или телевизиско емитување во 2024 година). Според наодите од надзорите, сите 90 радиодифузери ја исполнија обврската да достават извештаи, и сите тие, во текот на 2024 година, генерално емитувале програма која била во рамките на нивните програмски концепти.
- **Редовни административни надзори** врз пет локални комерцијални телевизиски програмски сервиси (ТВ Кочани - ЛД, ТВ Калтрина, ТВ Канал Феста, ТВ Плус и ТВ Ускана Медиа). Со надзорите беше констатирано прекршување кај ТВ Канал Феста на член 14 од ЗМ (импресум) и на член 51 став 1 од ЗААВМУ (информации достапни до корисниците). За прекршувањата беа изречени мерки јавна опомена.
- **Контролен административен надзор** врз ТВ 21-М за почитувањето на член 14 од Законот за медиуми (обврска за емитување импресум)**.** Со надзорот беше констатирано дека радиодифузерот во целост постапил по изречената мерка.
- **Контролен административен надзор** врз ТВ Шења за почитувањето на член 14 од Законот за медиуми (обврска за емитување импресум)**.** Радиодифузерот го отстранил прекршувањето.
- **Контролен административен надзор** врз ТВ Дуе за почитувањето на член 14 од Законот за медиуми (обврска за емитување импресум)**.** Со надзорот беше констатирано дека радиодифузерот постапил по изречената мерка и го отстранил прекршувањето.

**Јули**

- **Редовни административни надзори** врз националните комерцијални радиопрограмски сервиси (РА Антена 5, РА Метрополис, РА Канал 77 и РА Јон), при што не беа констатирани прекршувања.

**Септември**

- **Контролни административни надзори** врз ТВ Канал Феста за почитување на член 14 од ЗМ (импресум) и член 51 став 1 од ЗААВМУ (информации достапни за корисниците). Со надзорите беше констатирано дека ТВ Канал Феста во целост ги отстранила прекршувањата.

**Ноември**

- **Редовни административни надзори** врз пет регионални комерцијални радиопрограмски сервиси (Радио Џез ФМ, Радио РФМ, ЕФ-ЕМ 90,3 - Спортско радио, Скај Радио и Урбан ФМ). Со надзорот не беа констатирани прекршувања на административните обврски од ЗМ и од ЗААВМУ.

**Декември**

- **Редовни административни надзори** врз пет локални комерцијални радиопрограмски сервиси (Супер Радио, Радио Мефф, Радио Модеа, Радио Алекснадар Македонски и Радио Јехона ФМ). Со надзорите беше констатирано прекршување кај Радио Јехона ФМ на член 51 став 1 од ЗААВМУ (информации достапни за корисниците) и беше изречена мерка јавна опомена.

**Исполнување на минималните кадровски услови**

Во извештајната година Агенцијата спроведе вкупно 94 надзори (89 се редовни, четири вонредни и еден контролен) за да констатира дали радиодифузерите ги исполнуваат минималните кадровски услови утврдени во „Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување“,

Редовните надзори беа спроведени во текот на ноември и декември 2025 година и со нив беше констатирано дека сите 89 радиодифузери ги исполнуваат потребните кадровски услови.

Вонредни надзори беа направени над ТВ Клан (во април), ТВ Телма (во април), РА Енџелс (во јуни) и ТВ Кобра (во септември).

Надзорот над ТВ Клан Агенцијата го спроведе по службена должност. Според предметниот Правилник, овој радиодифузер требаше да има вработено најмалку 20 лица кои учествуваат во создавањето на програмата, во редовен работен однос и со полно работно време, и одговорниот уредник да биде во редовен работен однос. Со вонредниот надзор спроведен во април беше констатирано дека бројот на вработени во редовен работен однос во ТВ Клан изнесува 18 лица, односно дека оваа телевизија не ги исполнува минималните кадровски услови. Поради тоа беше покрената постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување. За да се утврди фактичката состојба пред донесувањето на одлуката за одземање, а врз основа на податоци обезбедени од Агенцијата за вработување на РС Македонија, беше спроведен уште еден надзор со кој беше констатирано дека во оваа телевизија е вработено само едно лице. Поради тоа, а истовремено и поради неплаќање на годишниот надоместок за дозволата, Агенцијата ја одзеде дозволата за емитување на оваа телевизија.

Надзорите над ТВ Телма и РА Енџелс беа направени откако двата радиодифузери ја известија Агенцијата дека извршиле промена на одговорните уредници. Со оглед на тоа што согласно Правилникот, одговорниот уредник на програмскиот сервис треба да биде во редовен работен однос и да биде вработен со полно работно време во радиодифузерот, Агенцијата побара од ТВ Телма и РА Енџелс да доставаат документи од кои ќе може да се констатира дека лицата назначени за одговорни уредници се вработени согласно наведениот правилник. Со надзорите над двата радиодифузера беше констатирано дека лицата кои беа поставени за одговорни уредници се во редовен работен однос и со полно работно време ангажирани во телевизијата и радиостаницата.

Вонредниот надзор над ТВ Кобра беше направен врз основа на претставка поднесена од физичко лице Според горенаведениот правилник, минималните кадровски услови што треба да ги исполнува оваа телевизија се –да има најмалку пет вработени во редовен работен однос и со полно работно време кои учествуваат во создавањето на програмата и одговорниот уредник на програмскиот сервис да биде во редовен работен однос. Согласно документацијата што ТВ Кобра ја достави по претходно барање од Агенцијата, беше констатирано дека ги исполнува минималните кадровски услови потребни за вршење на дејноста.

**Следење на обврската за плаќање на годишниот надоместок за дозвола за телевизиско или радиоемитување за 2025 година**

Агенцијата во 2025 година спроведе вкупно 15 надзори над радиодифузери коишто не го платија надоместокот во законски утврдениот рок. Станува збор за: ТВ Алфа, ТВ Шутел, ТВ Едо, ТВ МТМ, ТВ

Калтрина, ТВ Кочани-ЛД, РА РФМ, РА Џез ФМ, РА Галакси 2002, РА Еко, РА Ред ФМ, ТВ Клан, ТВ Сонце, ТВ Шења и РА Јон. Од овие, ТВ Едо и РА Еко го платија надоместокот пред да се покренат постапки за одземање на дозволите, а за другите 13 Агенцијата покрена постапки за одземање на дозволите. Постапките за 11 од овие 13 радиодифузери беа запрени поради тоа што тие во целост ја исполнија обврската пред истекот на рокот за донесување на одлуките за одземање на дозволите, а за ТВ Шутел и за ТВ Клан беа донесени одлуки за одземање на дозволите. Одлуката за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТВ Шутел беше поништена во април 2025 година, откако радиодифузерот ги отстрани причините поради кои таа беше донесена.

**Надзори во врска со други обврски на радиодифузерите**

Врз основа на вонреден надзор спроведен во периодот од декември 2025 година до јануари 2026 година, врз ТВ Сонце, Агенцијата констатираше дека оваа телевизија престанала со емитување на програмскиот сервис подолго од 30 дена, поради што во 2026 година беше донесена одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување.

**Стручен надзор**

Во 2025 година Агенцијата изврши пет стручни надзори над радиодифузери за да утврди дали ги исполнуваат техничките услови за вршење на дејноста. Четири надзори беа спроведени над четири радиостаници чиишто дозволи за радиоемитување беа доделени во 2025 година. Станува збор за локалните радија Буба Мара од Прилеп, Буба Мара студио од Штип, Струга од Струга и Сквер од Куманово. Со надзорите беше констатирано дека сите ги исполнуваат основните технички услови потребни да емитуваат програма на локално ниво. Петтиот стручен надзор беше спроведен над регионалната телевизија МТМ од Скопје поради промена на локацијата на просториите во кои се произведува програмата. И со овој надзор не беа констатирани прекршувања.

## ЈАВНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ

Во 2025 година Агенцијата по четири пати спроведе надзори над сите 89 радиодифузери во врска со исполнувањето на обврската за обезбедување јавност во работењето, утврдена во членот 15 од ЗМ.

Во април беше извршен надзор во врска со обврската од член 15 став 1 од овој закон, според која радиодифузерите се должни до 31 март во тековната година, на посебен образец пропишан од страна на Агенцијата, да ѝ достават податоци за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници, изворите на финансирање во претходната година (реклами, спонзорство, продажба на содржини, услуги обезбедени на трети страни и слично), остварените вкупни приходи и расходи во претходната година од обезбедувањето на дејноста и за просечната гледаност или слушаност во претходната година. Оваа обврска ја исполнија сите радија и телевизии што емитуваа програма (вкупно 89).

Истиот месец Агенцијата го спроведе првиот редовен административен надзор (од вкупно три) во однос на исполнувањето на обврската од член 15 став 3 од ЗМ (сега член 15 став 4). Според оваа одредба, радиодифузерите се должни податоците за сопственичката структура, одговорниот уредник и изворите на финансирање во претходната година да ги објават на сопствената програма, најмалку три пати годишно, во ударни термини и снимка од објавата да достават до Агенцијата во рок од 15 дена од денот на објавувањето.

Другите два надзора во врска со оваа законска обврска беа спроведени во јули и ноември, согласно Годишниот план за вршење административен надзор во 2025 година.

Радиодифузерите покажаа исклучително висок степен на исполнување на оваа обврска - со ниту еден надзор не беа констатирани прекршувања.

## ЗАШТИТА НА ПЛУРАЛИЗМОТ И ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА СОПСТВЕНОСТА НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ

### Следење на промените на сопственоста на радиодифузерите

Во текот на целата година, преку континуирани проверки на официјалната веб-страница на Централниот регистар на РС Македонија, Агенцијата следи дали некој од радиодифузерите спровел промена на сопственичката структура без претходно да ја извести Агенцијата и да побара одобрение за планираната промена.

Дополнително, во мај 2025 година врз основа на податоците за сопствениците наведени во тековните состојби на радиодифузерите, Агенцијата спроведе и вонреден надзор над сите телевизии и радија со кој констатираше дека ниту еден од нив не го прекршил членот 41 од ЗААВМУ, односно не извршил промена на сопственоста без претходно да ја извести Агенцијата и пред таа да ја одобри промената.

### Постапување по поднесени известувања за промена на сопственичката структура

Во 2025 година по претходна проверка на комплетноста и уредноста на поднесените барања за промена на сопственоста од страна на три радиодифузери и откако констатираше дека со планираните промени на сопственоста не се прекршуваат посебните забрани за стекнување сопственост и не се создава недозволена медиумска концентрација во смисла на ЗААВМУ, Агенцијата донесе одлуки со кои дозволи промена на сопственичката структура кај три радиодифузери – скопските регионални телевизии МТМ и Шутел и локалната радиостаница Плус Форте од Тетово.

Промената на сопственоста на ТВ МТМ од Скопје беше реализирана во април, кога од телевизијата целосно истапи единствениот сопственик, физичкото лице Гордана Андреевска, а пристапи физичкото лице Никола Тасев.

ТВ Шутел од Скопје побара од Агенцијата согласност за истапување на физичкото лице Антоние Стојчески и за пристапување на лицето Беадин Сулејмановски, како единствен сопственик на телевизијата. Во периодот на пишување на овој Извештај, промената сè уште не е реализирана во Централниот регистар на РС Македонија.

Сопственикот на РА Плус Форте од Тетово, физичкото лице Небојша Карапејовски, истапи од сопственоста на радиото поради тоа што по завршувањето на парламентарните избори во мај 2024 година за пратеник во Собранието на РС Македонија беше избран член на неговото семејство, што претставува прекршување на забраната од членот 38 од ЗААВМУ. Согласно овој член носители на јавни функции и членовите на нивните семејства не можат да вршат радиодифузна дејност ниту да бидат основачи, сооснивачи или да се здобиваат со учество во сопственоста на радиодифузерите. Нов сопственик на радиостаницата од март 2025 година стана физичкото лице Милан Павловски.

Во јануари 2025 година Агенцијата ја прекина постапката во врска со Известувањето за промена на сопственичката структура на ТВ Клан (доставено во февруари 2024 година) и одлуката од март 2024 година со која дозволи промена на сопственоста на овој радиодифузер. Постапката беше прекината поради тоа што телевизијата, и по десет месеци откако Агенцијата ја одобри промената, не ја спроведе во Централниот регистар на РСМ. Имајќи го предвид ова, регулаторот побара од Владата да поднесе барање до претседателот на Собранието на РСМ за давање автентично толкување на членот 42 став 1 од ЗААВМУ, во смисла на тоа дали податоци што радиодифузер ги доставил пред шест месеци или повеќе, а врз основа на кои е донесена одлука со која се дозволува промена во сопственичка структура на радиодифузер, која истиот не ја реализирал, можат да се сметаат за точни и/или целосни во смисла на член 42 став 1 од ЗААВМУ, или истите со истекот на периодот од шест месеци или повеќе станале неточни и/или нецелосни, што е основ за поништување на донесена одлука со која се дозволува промена во сопственичка структура на радиодифузер. Автентично толкување не беше доставено, но во декември 2025 година членот 42 од ЗААВМУ беше дополнет со нов став со кој се утврди дека Агенцијата со одлука ќе ја поништи одлуката со која дозволила спроведување промена на сопственичката структура, доколку радиодифузерот не ја спроведе промената на сопственичката структура во Централниот регистар во рок од 90 дена од денот донесувањето на одлуката на Агенцијата. Во меѓувреме (во април 2025 година) Агенцијата ја одзеде дозволата за телевизиско емитување на ТВ Клан поради тоа што настанаа околности што претставуваат законски пречки за таа да ја врши дејноста, односно радиодифузерот не ги исполнил минималните кадровски услови потребни за емитување телевизиска програма и не го платил годишниот надоместок за дозволата во законски утврдениот рок.

**Следење на сопственичката структура на радиодифузерите од аспект на почитувањето на законските одредби поврзани со ограничувањата за стекнување сопственост и спречувањето недозволена медиумска концентрација**

Имајќи предвид дека по завршувањето на локалните избори во 2025 година постоеше можност за настапување евентуална неусогласеност на работењето на радиодифузерите со одредбите од ЗААВМУ, Агенцијата во ноември испрати допис до сите радиодифузери и им укажува на посебните забрани за стекнување сопственост кај радиодифузерите утврдени во членот 38 од овој закон. Согласно овој член, политички партии, државни органи, органи на државна управа, јавни претпријатија, единици на локална самоуправа, носители на јавни функции и членовите на нивните семејства не можат да вршат радиодифузна дејност ниту да бидат основачи, соосновачи или да се здобиваат со учество во сопственоста на радиодифузерите. Во врска со ова, радиодифузерите беа известени за нивната законска должност да го усогласат своето работење со одредбите од ЗААВМУ доколку настанале промени што може да доведат до прекршувања на членот 38 од овој закон.

**Транспарентност на медиумската сопственост**

Заради поголема транспарентност на сопственоста на радиодифузерите и на издавачите на печатените медими, Агенцијата и оваа година изработи публикација за медиумската сопственост – „Сопственоста на медиумите во 2025 година[4]“. Публикацијата обезбедува севкупен преглед на сопственоста на телевизиите, радијата и издавачите на печатените медиуми, односно на домашните и странските правни и физички лица кои се јавуваат како директни или индиректни сопственици на медиумите. Дополнително, во неа се

[4] Достапна на следниот линк: https://avmu.mk/wp-content/uploads/2025/07/Сопственоста-на-медиумите-во-2025-лекторирано-со-прифатени-промени.pdf

опфатени и податоци за промените на сопственичката структура на радиодифузерите што Агенцијата ги одобри во текот на 2024 година, податоци за постоечката хоризонтална интеграција, како и за активностите што Агенцијата ги презеде во 2024 година во насока на следење на сопственоста на радиодифузерите од аспект на почитувањето на ограничувањата за стекнување сопственост утврдени во ЗААВМУ.

Во текот на годината регулаторот континуирано вршеше ажурирање на податоците за сопственичката структура на телевизиите и радиостаниците, кои во посебни регистри се објавени на нејзината официјална веб-страница.

За да ѝ обезбеди на јавноста лесен, едноставен и бесплатен пристап до податоците за крајните сопственици на издавачите медиумите, во ноември 2025 година Агенцијата почна со активности за воспоставување единствен регистар за сопственичката структура на сите издавачи на медиуми. Регистарот беше завршен и поставен на веб-страницата на Агенцијата на почетокот на 2026 година, а во него се содржани податоци за физичките и правните лица што се сопственици на сите телевизии, радија, онлајн медиуми – интернет-портали и печатените медиуми, со податоци за уделите што ги поседуваат во сопственоста на издавачите на медиумите и со податоци за крајните сопственици на медиумите.

Дополнително, на иницијатива на Агенцијата, петте најзначајни радиодифузери – терестријалните телевизии на државно ниво, постапувајќи согласно насоката од рециталот 32 од Европскиот акт за слобода на медиумите, и покрај тоа што овој акт сè уште не е транспониран во македонската легислатива, податоците за своите сопственици ги објавија на своите веб-страници и поставија линк до регистрите на Агенцијата.

## МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ И СОЦИЈАЛНА ИНКЛУЗИЈА

### Мрежа за медиумска писменост и Денови на медиумска писменост 2025

Седмите по ред Денови на медиумска писменост (ДМП) 2025 се одржаа од 17 до 24 ноември 2025 година, под мотото „Ти знаеш, друг не знае. Твојот коментар може да помогне!“ Во нивната организација учествуваа Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски и други членки на Мрежата за медиумска писменост (ММП) и нивни поддржувачи, при што беа реализирани повеќе од 20 настани на различни локации низ државата и онлајн, со што земјата повторно се приклучи кон Глобалната недела на медиумска и информациска писменост на УНЕСКО.

Оваа година фокусот на ДМП беше ставен на користењето на критичкото размислување за справување со дезинформациите од земјата и од светот, на личната одговорност во дигиталниот простор, како и на мотивирање на „медиумски поумешните“ да ги разобличуваат штетните практики во онлајн сферата.

Во 2025, за прв пат, на официјалниот почеток на ДМП 2025 му претходеше претпрограма организирана од Фондацијата „Метаморфозис“, во контекст на регионалниот проект - Балкански медиумски камион, кој се одвиваше меѓу 2 и 15 ноември на отворени локации во Битола, Гостивар, Штип и Скопје.

ДМП 2025 беа отворени на 17 ноември со „Конференцијата за медиумска писменост ЕУ – Западен Балкан 2025“, организирана од Делегацијата на Европската Унија, на чие отворање говореше директорот на Агенцијата, а вработена во регулаторното тело беше модераторка на сесијата „Следната генерација и платформите: Навигација низ ризиците и можностите“.

На 18 ноември се одржаа три настани:

- Холандскиот експерт Оно Хансен – Сташињски одржа работилница на тема „Европски мастер по справување со дезинформации“, на која присуствуваа вработените од АВМУ и претставници од медиуми. На истиот настан Лазо Петрушевски, поранешен претседател на Советот на Агенцијата, презентираше и онлајн квиз за медиумска писменост чиј автор е тој.
- Во организација на Агенцијата се одржа и работилница со средношколци, насловена „Интердемократија“ на која, за предностите и ризиците од користењето на генеративната вештачка интелигенција говореше холандскиот експерт Оно Хансен – Сташињски. Работилницата беше посветена на градењето отпорност кај младите при користењето вештачка интелигенција (ВИ), но всушност функционираше како симулација на ученички совет, со оглед на фактот што во нејзината работа учествуваа 45 ученика од три средни училишта: „Никола Карев“, „Јосип Броз – Тито“ и „Кочо Рацин“. Од дискусијата произлегоа три препораки од средношколците кои ги потенцираа позитивните страни, но и некои од слабостите на користењето ВИ во образованието. Препораките од работилницата беа проследени до Министерството за образование и наука.
- Институтот за комуникациски студии одржа работилница со членови на Здружението на пензионери – Куманово, посветена на дезинформации, странско мешање и манипулирање со информации (СММИ), како и на хибридни напади.

Три настани се одржаа и на 19 ноември:

- Здружението на новинари на Македонија (ЗНМ) организираше настан посветен на безбедноста на медиумските работници насловен: „Онлајн напади, офлајн последици: заштита на новинарите денес“, на кој говореше и претставничка на Агенцијата.
- Фондацијата „Метаморфозис“ го промовираше извештајот „Овозможувачи и поттикнувачи на странско мешање и манипулирање со информации за време на изборите во Северна Македонија“. Меѓу панелистите имаше и претставничка на Агенцијата.
- Институтот за комуникациски студии (ИКС) одржа работилница за медиумска писменост во ООУ „Петар Поп Арсов“, Скопје на тема „Дали е трик или го заслужува мојот клик?“.

На 20 ноември се одржаа уште три настани:

- Во основното училиште „Лирија“ во тетовското село Жеровјане, „Лице в лице“ во партнерство со организацијата „Нисма“ ја одржаа работилницата „Гласови на инклузија“, насочена кон креирање медиумски содржини и поттикнување на локалната енергија.
- Здружението на новинари на Македонија организираше панел-дискусија на тема „Стратегиски тужби против учество на јавноста – СЛАПП“.
- На Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово се одржа предавање и работилница на тема „Користење јавно достапни ресурси за разобличување дезинформации во организација на амбасадите на Литванија и Шведска, Делегацијата на Европската Унија и Јуроп Хаус“.

Најголем број активности имаше на 21 ноември, кога се реализираа четири настани:

- Институтот за комуникациски студии, на Универзитетот „Мајка Тереза“, организираше дебата на тема „Младите во фокус: Странското мешање и манипулирање со информации“, каде што меѓу панелистите кои дискутираа за влијанието на нерегулираниот онлајн простор врз младите имаше и претставник од Агенцијата.
- Фондацијата „Метаморфозис“ одржа вебинар насловен „Анти-ЕУ наративи на Западен Балкан: Предизвици и одговори“.

- Во Јуроп хаус Скопје се одржа дискусија и работилница „Разобличување штетни странски влијанија – техники за новинари и граѓански организации“, во организација на амбасадите на Литванија и Шведска, Делегацијата на ЕУ и Јуроп хаус.
- Македонскиот институт за медиуми (МИМ) и Советот за етика во медиумите (СЕММ) организираа панел-дискусија „Вештачката интелигенција во редакциите: предизвици за саморегулација и медиумската писменост“, на која се надоврза и јавна седница на Комисијата за жалби при СЕММ.

ДМП 2025 беа заокружени на 24 ноември со годишниот состанок на Мрежата за медиумска писменост. На состанокот присуствуваа претставници од ИКС, МИМ, СЕММ, Конеду Глобал и АВМУ, кои направија осврт на успешната реализација на програмата и дискутираа за идните планови, вклучително и потребата од поголема координација меѓу институциите и интегрирање на медиумската писменост во образованието.

Инаку, подготовките за ДМП 2025 почнаа во првата половина од годината преку средби со претставниците на делегацијата на Европската Унија во врска со вклучувањето на Регионалната конференција во ДМП, како и со одржување онлајн состанок посветен на темата и планираните активности. Во септември и октомври се интензивираа координативните состаноци со членките на Мрежата кои активно учествуваа во организирањето на настаните, како и со Агенцијата ИДЕА + 360 која ги изработи имиџот и кампањата за ДМП. На 14 февруари претставничка на Агенцијата даде изјава за емисијата „Само прашај“ на МРТ. Тема беше медиумската писменост и користењето нови технологии. За потребите на ДМП 2025 беа изработени видео и аудиоспотови на македонски, албански и англиски јазик, кои се емитуваа на медиумите, на видеобимови во Скопје, преку профилите/каналите на ММП и на АВМУ на социјалните мрежи и на нивните веб-страници.

Освен ова, во врска со ДМП беше остварена и комуникација со министерот за култура и туризам, кој е и претседател на Националната комисија на УНЕСКО. Тој, и пред и по завршувањето на ДМП 2025, беше информиран за сите активности со кои нашата држава се вклучи во одбележувањето на Светската недела на медиумска и информациска писменост 2025 што ја организира Алијансата за медиумска и информациска писменост на УНЕСКО.

Генерално, во текот на 2025 година, работата на АВМУ за администрирање и поддршка на работата во ММП беше фокусирана на зајакнување на соработката за организирање заеднички настани, особено во пресрет на ДМП 2025). Освен ова, Агенцијата продолжи со своите активности за координација на комуникацијата во Мрежата преку споделување информации меѓу членките и од меѓународните организации во кои членува ММП.

### Други активности на АВМУ за медиумска писменост

Агенцијата, и во 2025 година, континуирано го споделуваше своето знаење и искуство и стекнуваше нови информации преку партиципирање во работата на други организации, изработка на документи, учество на различни собири.

Така, на самиот почеток од годината беше организиран настан на кој беше промовиран „Прирачникот за препознавање дезинформации“, и на кој имаше неколку панел-дискусии. Прирачникот, кој е достапен на македонски, албански и англиски јазик, нуди конкретни насоки за проверка на веродостојноста на вестите, фотографиите и видеата. Беше изработен од вработените во Агенцијата со поддршка од германски експерт, во рамки на твининг-проектот „Зајакнување на капацитетите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на Јавниот радиодифузен сервис“. Со промоцијата на овој прирачник се заокружи твининг-проектот.

Претставничката на Агенцијата во ЕМИЛ – Мрежата за медиумска писменост на ЕПРА, учествуваше на состаноците и на Управувачката група и на редовните состаноци на ЕМИЛ на кои се разменуваа искуства за тековните активности на членките. На еден од состаноците (одржан во септември) таа ги презентираше искуствата од процесот на комуникација со инфлуенсерите во земјава, во контекст на нивната регулација.

Од другите настани поврзани со различни аспекти на медиумската писменост, на кои учествуваа претставници на Агенцијата, ги издвојуваме следниве:

- Панел-дискусијата „Справување со дезинформациите на социјалните мрежи - предизвици и перспективи“, во организација на Институтот за медиуми и аналитика ИМА, на кој, меѓу другите, панелистка беше и претставничка од АВМУ.
- Промоцијата на документот за политики „Одговорно користење на ВИ во новинарството“, организирана од Иницијативата за европска перспектива (ИЕП) и ЗНМ.
- Дебата со претставници од Министерството за дигитална трансформација на тема: „Младите и медиумите: регулација и заштита од дезинформации“, организирана за студентите и професорите на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје од страна на Институтот за комуникациски студии.
- Работилницата „Дигитална безбедност, цензура и надзор“ организирана од Хелсиншкиот комитет.
- Третата Регионална лабораторија за млади, медиумска писменост и дигитализација, организирана од НВО Инфоцентар.
- Настанот „Спротивставување на дезинформациите засновани на идентитет преку медиумска писменост и квир литература“, организиран од Делегацијата на ЕУ.
- Онлајн состанокот на Групата за медиумска писменост на Медитеранската мрежа на регулаторни тела (МНРА), фокусиран на вештачката интелигенција.
- Состанок на Алијансата за медиумска и информациска писменост на УНЕСКО, на кој учествуваше координаторката на Мрежата за медиумска писменост, која е вработена во Агенцијата. На состанокот беше претставен новиот стратешки план на Алијансата, по неодамнешното генерално потврдување на нејзиното членство. Таа учествуваше и на Координативен состанок со УНЕСКО и регулаторни тела од регионот за проектот „Градење доверба во медиумите во Југоисточна Европа“, а како последователна активност беше одговорено на прашалникот за идеите, ставовите и предлозите за спроведување на Нацрт-акцискиот план на МИЛ Алијансата.
- Воведната конференција на 4. Младинска лабораторија за дезинформации и медиумска писменост во Тирана, организирана од Регионалниот совет за соработка (RCC), каде што претставничката на Агенцијата беше избрана за ко-претседавачка за спроведување на проектот во земјава.
- Дебати со студенти од Универзитетот „Мајка Тереза“ и од Правниот факултет при УКИМ на теми поврзани со младите, регулацијата и дезинформациите, и Конференцијата „Хибридни и информациски закани: Од препознавање кон национален системски одговор“, на кои еден од говорниците беше претставник на Агенцијата.

**Обезбедување пристапност до програмите за лицата со сетилна попреченост**

Активностите на Агенцијата за обезбедување пристапност до програмите за лицата со сетилна попреченост во 2025 година може да се поделат во две групи:

- Следење на исполнувањето на обврските на давателите на аудиовизуелни медиумски услуги кои произлегуваат од ЗААВМУ и Правилникот за пристапност до медиумските услуги, а кои подразбираат доставување акциски планови за пристапност и континуирано приспособување на програмите;
- Мониторинг на исполнувањето на обврските според Изборниот законик за време на Локалните избори 2025 кои се однесуваат на Јавниот радиодифузен сервис и националните телевизии што емитуваа платено политичко рекламирање, а кои во периодот на изборната кампања треба да информираат на начин прилагоден за лицата со сетилна попреченост преку најмалку едно издание на вестите секој ден и едно издание актуелноинформативна емисија неделно.

Согласно обврските од ЗААВМУ и од Правилникот - сите национални радиодифузери и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање требаше, до крајот на 2024 година, до Агенцијата да достават акциски план за пристапност на програмите за 2025 година. Некои од радиодифузерите ја немаа навреме исполнето оваа обврска, поради што им беа испратени укажувања. Акциски планови за 2025 година доставија сите, со исклучок на А1 Македонија, која ја прекина својата услуга по барање. Врз основа на податоците од акциските планови беше направен Преглед на програмите кои давателите на медиумски услуги, во согласност со своите акциски планови, ќе ги направат пристапни за лицата со сетилна попреченост во текот на 2025 година, кој беше цело време достапен на веб-страницата на АВМУ и редовно ажуриран со нови податоци за евентуалните измени во програмите на давателите на услуги.

Обврската да достават акциски планови за 2026 година, во законски утврдениот рок до 31 декември 2025, не ја исполнија само три телевизии на кои им беше даден дополнителен рок да поднесат план, како што на неколку други даватели им беше даден дополнителен рок да направат корекции на доставените планови, онаму каде што имаше потреба.

За да се провери дали радиодифузерите ги емитуваат прилагодените програми, беа реализирани два вонредни програмски надзори по службена должност врз три телевизиски програмски сервиси на Јавниот радиодифузен сервис: МРТ1, МРТ2 и МРТ5, и десет национални комерцијални телевизии: ТВ Алсат-М, ТВ Алфа, ТВ Канал 5, ТВ Сител, ТВ Телма, ТВ 21-М, ТВ Сонце, ТВ Шења, ТВ 24 Вести и Наша ТВ. Надзорите беа спроведени во периодот од мај до јули и покажаа дека повеќето телевизии ги исполнија обврските, но беа констатирани и отстапувања, како и помали промени во термините на емитување на пријавените содржини за кои не беше известена Агенцијата. За наодите од надзорите беше подготвена Информација, која членовите на Советот на Агенцијата ја разгледаа на својата петта седница. Врз основа на Информацијата за спроведување на обврските на медиумските услуги за обезбедување пристапност за лицата со попреченост, на Наша ТВ ѝ беше испратено укажување поради тоа што програмата за која во Акцискиот план за 2025 година најави дека ќе биде пристапна не ја имаше прилагодено за лица со попреченост, а до другите телевизиски сервиси беше доставен допис со насоки како да го подобрат остварувањето на обврската. Агенцијата препорача да се води сметка програмите да се емитуваат во термините во кои биле најавени во акциските планови; навреме да ја информираат Агенцијата за промените во програмските шеми за да може да се направат измени во Прегледот; да го најавуваат емитувањето на овие емисии низ програмата користејќи го соодветниот знак за алатката за пристапност што ја користат; да го зголемат делот од екранот во кој се гледаат толкувачите на знаковниот јазик, а во поглед на титлувањето да се користи покрупен фонт за да биде доволно видлив.

Во однос на обврските за известување за изборниот процес, пред почетокот на кампањата за Локалните избори 2025, Јавниот радиодифузен сервис Македонска радио-телевизија (МРТ1 и МРТ2) и комерцијалните

телевизиски програмски сервиси на државно ниво што објавуваат платено политичко рекламирање беа потсетени на обврската од Изборниот законик дека треба, до Агенцијата, да достават информација кои програми планираат да ги прилагодат за лицата со сетилна попреченост. Врз основа на податоците беше изработен Преглед на содржините што ќе се емитуваат во формат достапен за лицата со попреченост кој Агенцијата, пред почетокот на изборната кампања, го објави на својата веб-страница. Повеќе детали за тоа како радиодифузерите ја исполнија оваа обврска има во заглавието од овој извештај за Мониторинг на медиумското покривање на Локалните избори.

Истата постапка беше спроведена и за изборното медиумско претставување за Повторните избори за градоначалници на општините Гостивар, Маврово и Ростуше, Центар Жупа и Врапчиште. Укажување за нецелосно исполнување на обврските за информирање на лицата со сетилна попреченост за изборниот процес беше упатено до ТВ 21- М.

Освен овие активности, Агенцијата: по барање од Канцеларијата на претседателот на Владата, го дополни Годишниот извештај за напредокот за 2025, во делот за правата на лицата со попреченост, со ажурирана состојба од 1 септември 2024 и со планирани активности до 31 август 2025; и одржа работна средба со вработена во Комитетот за човекови права при Обединетите нации, во врска со потенцијална соработка на активности поврзани со правата на лицата со сетилна попреченост, генерално и за време на избори.

## ПОТТИКНУВАЊЕ НА СЛОБОДАТА НА ИЗРАЗУВАЊЕ И НА СЛОБОДАТА НА МЕДИУМИТЕ

### Постапување врз основа на претставки од граѓани за медиумските содржини

Во текот на 2025 година во Агенцијата пристигнаа повеќе претставки врз различни основи, кои се однесуваа на телевизии, радија и на онлајн медиуми. Сите претставки беа навремено одговорени, за нив беа известени и медиумите кои беа предмет на поплаките и, целосната документација (во анонимизирана форма, согласно правилата за заштита на личните податоци) беше објавена на веб-страницата на АВМУ во делот за претставки.

Врз основа на членот 47-а, кој се однесува на начелата за вршење на дејноста, како и на членот 48, кој се однесува на посебните забрани од ЗААВМУ, во текот на годината беше одговорено на две претставки. Во февруари беше спроведен вонреден програмски надзор, реализиран по претставка за „говор на омраза“ во емисијата „Седмица“ на ТВ Алфа. Со надзорот не беше констатирано прекршување на посебните забрани од член 48 од ЗААВМУ. Во текот на април беше одговорено и на втората претставка, во врска со содржината емитувана во изданието на емисијата „Само вистина“ на ТВ Канал 5, на 19 март 2025 година. Поднесувачот сметаше дека во емисијата имало дискриминација и говор на омраза, но надзорот покажа дека немаше прекршување ниту на начелата за вршење на дејноста, ниту на посебните забрани. Потоа, во мај, беше одговорено и на приговорот кон одговорот од АВМУ во врска со претставката за ова издание од емисијата „Само вистина“.

Пет од останатите претставки се однесуваа на незадоволството на подносител(к)ите во врска со програмите на радиодифузерите. Им беше одговорено на сите подносители и беа известени сите медиуми. Во текот на јануари беше одговорено на претставка во која подносителот протестираше поради емитувањето серии од турска продукција и филмови со насилство. Му беше посочено оти медиумите законски се независни во својата уредувачка политика и дека никој не смее да им се меша во поглед на изборот на содржините што ќе ги емитуваат, но и оти емитувањето програми кои можат штетно да влијаат врз развојот на малолетниците е регулирано со ЗААВМУ и со Правилникот за заштита на малолетните лица. Истите факти во поглед на независноста и самостојноста на медиумите во поглед на формулирањето на нивната

програмска шема им беа предочени и на подносителите на претставки кои изразија незадоволство од бројот на репризи во програмската понуда: на ТВ Алфа (во септември); на ТВ Канал 5 (во октомври и во декември) и ТВ Алфа (во декември). Подносител на претставка се жалеше на емитувањето поткаст на програмите на ТВ Телма, ТВ Канал 5 и ТВ Алфа (во декември). Во одговорот беше наведено дека не постои правило или ограничување според кое – видеопрограма која примарно е објавена на интернет во поткаст варијанта – не може да се емитува и на телевизија, бидејќи и во двата случаи станува збор за канали на пласирање видеосодржина, како и дека медиумите имаат самостојност при креирањето на програмските шеми и уредувачки политики.

Четири претставки се однесуваа на правото на одговор и исправка, како и на објавување демант и извинување. Во текот на мај беше одговорено на две претставки од законски застапник на лице инволвирано во судска постапка за доверување старателство врз малолетно дете. На застапничката ѝ беше одговорено како може заинтересираното лице да го користи правото на одговор и исправка. И во текот на октомври беше одговорено на две претставки врз овие основи – во првата беше доставен одговор до граѓанин застапуван преку адвокатско друштво кој бараше да се објави демант и извинување во врска со информирање од издавач на онлајн медиум – интернет-портал, а за барањето и обврските медиумот беше информиран со допис. Во втората претставка беше одговорено на граѓанин кој бараше јавен демант и извинување од три портали поради информирање за случај со кој тој беше поврзан. По проверката на известувањето, до еден од порталите беше упатено известување за обврските за објавување одговор и исправка според Законот за медиуми.

Две претставки се однесуваа на заштитата на малолетните лица од штетните медиумски содржини. Првата, одговорена во јуни, се однесуваше на емитувањето на играниот серијал од турско производство „Шербет од брусница“ на ТВ Сител. Подносителот беше известен дека е направен надзор на неколку епизоди од серијалот и дека не беа најдени повреди на одредбите од ЗААВМУ и од Правилникот за заштита на малолетните лица. Втората, одговорена во текот на ноември, се однесуваше на радиостаниците Метрополис и Сити, во која подносителот наведе дека емитувале песни во верзии кои не се прилагодени за заштита на малолетните лица. Агенцијата упати дописи до двете радиостаници и ги потсети на обврската дека треба, во целокупната програма, да обезбедат заштита на малолетните лица од содржини што можат сериозно да наштетат на нивниот физички, психички и морален развој. Исто така, беше укажано ваквите песни да се емитуваат во термин кога не се очекува да бидат слушани од малолетни лица или, пак, да се пуштаат коригирани (Radio edit) верзии. По дописот, радио Сити достави известување до Агенцијата дека постапило согласно насоките на Агенцијата и дека во иднина ваквиот материјал ќе се емитува исклучиво во коригирана верзија.

Две претставки се однесуваа на програмските концепти на радиодифузерите, како и на условите утврдени во дозволата за вршење на дејноста. Едната, одговорена во текот на јули, се однесуваше на наводно непочитување на програмскиот концепт од страна на радио Пулс, поради што беше испратено известување до радиото. Во втората, одговорена во текот на август, подносителот сметаше дека ТВ Кобра не ги исполнува условите утврдени во дозволата за вршење дејност, а телевизијата беше известена за претставката.

Другите осум претставки се однесуваа на различни прашања, а некои од нив беа насочени и кон порталите и онлајн медиумите. Во јануари беше одговорено на претставка од граѓанин кој информираше дека новинар на телевизија 24 Вести и главната уредничка на редакцијата на Фокус се согласиле да земат изјава од него за прилог/напис, но дека потоа се предомислиле. Беше одговорено дека новинарите се независни и самостојно одлучуваат за тоа што ќе емитуваат/објават на своите програми. Но, имајќи предвид дека претставката се однесуваше на етичките принципи на однесување на медиумските работници, кои се предмет на саморегулација, подносителот беше упатен претставката да ја достави до саморегулаторните

тела, Советот на честа на Здружението на новинарите на Македонија и до Комисијата за жалби во Советот за етика во медиумите на Македонија.

Во февруари доставен беше одговор на Претставка во која подносителот се жалеше за случај на цензура на „Фејсбук“. На подносителот му беше појаснето дека јурисдикција над социјалната мрежа „Фејсбук“ има регулаторот од Република Ирска, а дека за отстранувањето на неговата содржина одговорен е исклучиво „Фејсбук“ и одговор за причините за ваквата постапка, преку директен контакт, може да добие од оваа социјална мрежа.

Во деновите кога се реализираше вонредниот програмски надзор врз програмите на радиодифузерите за известувањето од пожарот со трагични последици во Кочани, телефонски и писмено беше одговорено на повеќе претставки од граѓани против неколку радија и телевизии што од различни, најчесто технички причини, не ја прилагодија програмата според потребите за седумдневниот период на жалост, а по насоките од соопштението на АВМУ.

Во јули беше одговорено на три претставки. Првата се однесуваше на работата на онлајн медиумот www.vestimak.mk, која беше проследена до Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ). Втората беше насочена кон медиумите ТВ 21-М, ТВ Клан, МРТ 1 и МРТ 2, за кои се тврдеше дека не емитувале прилог на тема за која бил заинтересиран подносителот, кому му беше посочено оти медиумите се самостојни и независни во утврдувањето на својата уредувачка политика и во изборот на содржините што ќе ги емитуваат. Третата претставка беше од политичката партија ДУИ во врска со известувањето на ТВ Алсат – М. За претставката беше известена и телевизијата која потоа до Агенцијата испрати одговор на наводите дадени во неа. Сличен допис, ТВ Алсат – М достави и во септември.

Во текот на септември беше одговорено на претставка чија подносителка се жалеше дека ТВ М НЕТ - ХД искористила снимка од неа без согласност, со цел јавно да ја деградира. Во одговорот беше посочено оти снимката не е емитувана на програмата на телевизијата, туку е објавена на фејсбук-страницата, додека ТВ М НЕТ - ХД беше потсетена дека медиумите се самостојни во својата уредувачка политика, но новинарите и уредниците имаат обврска доследно да ги почитуваат професионалните новинарски стандарди (кои се предмет на саморегулација) во сите свои изданија, вклучувајќи ја и фејсбук-страницата.

Во октомври, до АВМУ пристигна претставка којашто се однесуваше на рекламната кампања на Телеком под наслов: „Добре дојдовте на овој свет“. Во претставката беше изразено незадоволство од темата преку која Телеком избрал да се рекламира (борба против предрасудите), како и од тоа што ангажираниот актер Игор Џамбазов нема формално образование од областа на психологијата и педагогијата за да се занимава со оваа тема. Агенцијата направи увид во рекламата и во одговорот наведе оти таа не е спротивна на ЗААВМУ и дека согласно Законот, за содржината на рекламирањето одговорен е нарачателот, што значи дека компанијата самостојно одлучува за содржината на своето рекламирање.

Во ноември Агенцијата достави одговор на претставката поднесена против ТВ Канал 5, во која подносителот изрази незадоволство од комуникацијата со телевизијата преку електронска пошта. Во одговорот Агенцијата наведе дека нема надлежност за содржината на комуникацијата на којашто се однесува претставката и ја препрати до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

Освен ваквиот тип претставки, Агенцијата, во текот на годината, одговори и на неколку дописи и барања за информации. Во март доставен беше одговор на барањето за издавање информација од граѓанин, кој се однесуваше на веб-порталот „Во Центар“.

Во април беше одговорено на три барања – едното беше барање за реакција од Цивил, односно од главниот уредник на Цивил медиа и претседател на ГО Цивил во врска со објави на ТВ Алфа, Нетпрес, Плусинфо, Мкпресс.еу. Подносителот беше упатен да го користи правото на одговор и исправка. Второто барање беше одговорено во телефонска комуникација, а се однесуваше на помош во врска со навредливи објави на

социјалните мрежи, побарано од професор во Гимназијата „Зеф Љуш Марку“ од Скопје. Третото барање се однесуваше на пратеничко прашање од пратеникот Димитар Апасиев поврзано со програмскиот сервис на ТВ Канал 5 за периодот од 17 до 23 март, односно за седумдневниот период на жалост што Владата го прогласи по трагичниот пожар во Кочани. Во одговорот до претседателот на Собранието беше посочено дека радиодифузерот се придржуваше и до Одлуката на Владата и до насоките од АВМУ.

Во текот на јули беше одговорено на две барања – едното од странска адвокатска канцеларија во врска со обезбедување снимки од програма емитувана на телевизија на државно ниво од Македонија со цел остварување на заштита на авторски права, а во второто, врз основа на барање од заинтересирано физичко лице, беше дадено појаснување за значењето и опфатот на поимот „програма изворно создадена како македонски аудио или аудиовизуелни дела“ од член 92 од ЗААВМУ.

Во текот на август Агенцијата одговори на три барања. Јавното претпријатие за државни патишта се интересираше околу начинот на информирање на граѓаните преку медиумите за одржување јавна расправа за содржината на Студијата за оцена на влијанија врз животна средина за автопат А4, Скопје – Блаце, во контекст на тоа што веќе беа распишани Локалните избори 2025. Во одговорот беше посочено дека информирањето на јавноста од страна на медиумите по распишувањето на изборите продолжува, а она што е забрането е да се објавуваат реклами финансирани од јавни средства. Сличен одговор беше пратен и до Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини во врска со прашање за информирањето на граѓаните за јавните огласи за мерки за финансиска поддршка на лицата кои спаѓаат во категоријата ранливи потрошувачи на енергија. Овој одговор беше дополнет и со потсетувањето дека медиумите се независни во својата уредувачка политика и самостојно одлучуваат за што и на каков начин ќе известуваат. Беше одговорено и на коментарите на две инфлуенсерки доставени преку посебната електронска адреса воспоставена за комуникација со нив, кои се однесуваа на Нацрт-водичот за инфлуенсер(к)и, влогер(к)и, креатор(к)и на содржини.

Во септември беше одговорено на барањето од Републички совет за безбедност на сообраќајот на патиштата (РСБСП) во врска со иницијативата за медиумска промоција на видеа за унапредување на јавната безбедност во сообраќајот, изработени од РСБСП во соработка со Министерството за внатрешни работи. Во дописот беше посочено дека нивното емитување е законски забрането сè до завршувањето на изборниот процес за Локалните избори 2025 бидејќи се финансирани од јавни средства.

Во октомври Агенцијата достави одговори на две прашања. Првиот се однесуваше на новинарски прашања од новинарката Фатлуме Дервиши, потребни за анализа на информирањето на лицата со попреченост која ја подготвуваше за онлајн медиумот Пина (wwww.pina.mk). Вториот одговор се однесуваше на прашање за тоа дали емисијата „Запеј зоро“, која се емитува на ТВ Сител, и емисијата „Muzik Soleni“, која е дел од програмската понуда на МРТ4, ги исполнуваат критериумите да бидат сметани за програма изворно создадена како македонски аудио или аудиовизуелни дела од член 92 од ЗААВМУ. Притоа беше посочено дека двете емисии не ги исполнуваат критериумите.

Во ноември беше одговорено на прашања од новинар на радиото Канал 77 во врска со манипулативните наративи насочени кон публиката во државата, нивната регулација и улогата на АВМУ.

### Активности против говорот на омраза

Агенцијата и во 2025 година остана посветена на борбата против говорот на омраза во медиумите, пред сè преку учеството во активностите на Мрежата за борба против говорот на омраза во медиумите и во интернет-просторот и претставување на своето искуство и практика на настан организиран од Хелсиншкиот комитет за човекови права.

## Родот и радиодифузијата

Работата на прашањата поврзани со родот и радиодифузијата беше од големо значење за Агенцијата и во 2025 година, најпрво преку изработка на годишната анализа за родот во медиумите, а потоа и со придонеси и учество во изработката и оценувањето на повеќе стратешки документи, учество на настани на кои се обработуваа родовите прашања, приклучување кон кампањата „Шеснаесет дена активизам против родово засновано насилство 2025“ итн.

Изработката на анализата „Родот во медиумите 2024: Родовите прашања и начинот на претставување на жените и мажите во ударното време на националните телевизии“ почна уште во септември 2024 година, а за потребите на АВМУ беше изработена од Агенцијата „Маркет Висион“ ДООЕЛ. Таа беше финализирана во првата половина од 2025 година, а наодите беа презентирани на вториот јавен состанок на АВМУ, кој се одржа на 24 јуни. Во анализата беа опфатени содржините емитувани непосредно по завршувањето на централните вести на МРТ 1, МРТ 2, ТВ Алсат – М, ТВ Алфа, ТВ Канал 5, ТВ Сител и ТВ Телма во периодот од 9 до 22 септември 2024 година, бидејќи токму тие програми привлекуваат најголем број гледач(к)и и соодветно на тоа имаат значително влијание врз формирањето на ставовите и перцепциите на јавноста. Резултатите од анализата покажаа дека во ударните термини на телевизиите најмногу се емитуваа серии и серијали (45 %), по што следуваа информативните емисии со 24 % и играните филмови со 22 %, а најмалку застапени беа документарните програми со 5 %, како и хумористичните и музичките програми со по 2 %. Онаму каде што доминираа серијалите од турска продукција, жените на екранот беа подолго прикажани од мажите, како што се случаите на ТВ Алсат - М и ТВ Сител. Кај сите други телевизии, процентот на времето во кое мажите се прикажуваа на екранот беше многу поголем од процентот на жени. Квалитативната анализа на програмите на повеќето телевизии покажа дека родовите теми беа значително застапени, особено во турските серијали и македонските серии и филмови. Овие теми најчесто се фокусираа на семејните односи, женската автономија, борбата против патријархалните структури и емоционалните предизвици поврзани со родовите улоги. Во политичките и информативните емисии, родовата перспектива често беше занемарена. Овој пропуст е значаен бидејќи овие емисии имаат потенцијал да ги разгледуваат родовите нееднаквости и да истражуваат како политичките и општествените прашања различно ги засегаат мажите и жените. Документарните програми ретко ги вклучуваа родовите теми во своите наративи, што значително ја ограничи можноста за подлабока дискусија околу родовата рамноправност во контекст на различните општествени теми.

Во текот на август беше изработена и отпечатена скратена верзија на публикацијата „Родот во медиумите 2024: Родовите прашања и начинот на претставување на жените и мажите во ударното време на националните телевизии“. Печатената верзија е на македонски и на албански јазик, а преводот на англиски јазик беше објавен само во електронска форма на www.rodotimediumite.mk, каде што е достапно и комплетното истражување. На 26 ноември, согласно обврската од Законот за еднакви можности на жените и мажите, публикацијата беше доставена до Собранието на РСМ.

Меѓуинституционалната соработка на АВМУ со Министерството за социјална политика, демографија и млади (МСПДМ) продолжи и во 2025 година, па така во јануари, до МСПДМ беше доставен Наративниот извештај на Агенцијата за реализираните активности во 2024 година за спроведување на Стратегијата за родова еднаквост 2022-2027, со финансиски средства, како и потребните информации за изработка на среднорочна евалуација на Стратегијата за родова еднаквост 2022-2027 година, која се изработува како дел од процесот на изработка Акциски план за родова еднаквост 2025-2027 година.

Во февруари претставничката на Агенцијата во Работната група за подготовка на Националниот акциски план за родова еднаквост 2025-2027 учествуваше на работен состанок на членовите на групата на кој беше разгледувана Среднорочната евалуација на Стратегијата за родова еднаквост 2022-2027 година. Потоа, во март, онлајн беа дадени коментари, дополнувања и корекции на Среднорочната евалуација на оваа

стратегија, а претставничката на Агенцијата учествуваше и на работилницата на која се изработуваше првиот нацрт на Акциски план. Финалните сугестии за нацрт-текстот на Акцискиот план 2025-2027 за спроведување на Стратегијата за родова еднаквост беа доставени до Министерството во текот на јуни.

Исто така, во март претставничка на Агенцијата учествуваше на работна средба за подготовка на Национална стратегија за превенција и заштита од родово засновано насилство врз жени и семејно насилство. Истиот месец, до МСПДМ беше доставена информација за преземени активности и имплементирани мерки со родова перспектива во 2024 година, во контекст на утврдување на спроведувањето на активностите за родово одговорно буџетирање.

Во април, до МСПДМ беше доставен Годишниот извештај изготвен од координаторката и заменик-координаторот за еднакви можности во АВМУ, за напредокот на состојбата на еднаквите можности за жените и мажите за 2024 година.

Во октомври, до МСПДМ беа доставени одговори на стандардизираниот прашалник од ГРЕВИО (независно експертско тело при Советот на Европа кое е одговорно за следење на имплементацијата на Истанбулската конвенција) за евалуација на спроведувањето на Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство (Истанбулска конвенција).

АВМУ, во ноември, до МСПДМ достави и одговори на Прашалникот за подготовка на првиот двогодишен извештај за Стратегијата за родова еднаквост 2024–2029.

Во текот на ноември и декември претставници/чки на Агенцијата присуствуваа на две работилници организирани од Министерството за социјална политика, демографија и млади и од УН Жени (UN WOMEN), насловени како „Основи и рамки на родовата перспектива во стратешкото планирање“.

Агенцијата во 2025 година продолжи да соработува со граѓанските организации кои работат на родовите тематики. Така, во март, претставничка на Агенцијата ги презентираше наодите од истражувањето за начинот на известување за родово засновано насилство на националните ТВ, на настан организиран од невладината организација ХЕРА, која работи на заштита на правата на девојчињата и жените. Во јули, на покана од Комисијата за жалби на СЕММ, претставничка на АВМУ учествуваше на состанок на Комисијата посветен на нивното постапување во врска со претставките што ги добиваат за известувањето на медиумите за случаи на родово засновано насилство. Во август претставници/чки на Агенцијата одржаа работна средба со претставнички на граѓанската организација „Реактор“, на нивно барање, а во врска со активностите на Агенцијата на тема родова еднаквост, особено во контекст на избори.

Во поглед на соработката со меѓународните институции и организации, во септември претставник на Агенцијата учествуваше на промоцијата на Анализата на родовиот јаз во однос на климатските промени и животната средина, организирана од УН Жени, со поддршка на Кралството Шведска. Исто така, во октомври претставник на Секторот за програмски работи присуствуваше на настан организиран од УН Жени за промоција на Анализата за родовиот јаз во менаџментот на јавното финансирање.

Во рамки на соработката на АВМУ со другите државни институции, во март, до Државниот завод за статистика беше доставена публикацијата „Родова структура во телевизиите и радијата: Споредбена анализа на сопственоста (2020-2023) и на вработените (2019-2022)“. Дополнително, во декември претставници/чки на Агенцијата учествуваа на јавна расправа во Собранието на РСМ за имплементацијата на Конвенцијата за спречување и борба против насилство врз жените и домашно насилство (Истанбулска конвенција).

Агенцијата, во ноември, се приклучи и кон кампањата „Шеснаесет дена активизам против родово засновано насилство 2025“, со тоа што беше позитивно одговорено на барањето од Министерството за социјална политика, демографија и млади за емитување серија спотови насловени „Не биди нем сведок“ во рамки на кампањата. Спотовите и материјалите доставени до АВМУ беа споделени со радиодифузерите со

препорака за нивно бесплатно емитување, со што АВМУ даде свој придонес кон манифестацијата. Дополнително, беше подготвено видео за претставување на наодите од истражувањето за родот во медиумите во 2024 година, кое беше споделено преку профилите и каналите на социјалните мрежи на Агенцијата.

## ДОЗВОЛИ ЗА РАДИО И ТЕЛЕВИЗИСКО ЕМИТУВАЊЕ

### Постапки за доделување дозволи по пат на јавен конкурс[5]

Во 2025 година Агенцијата додели четири дозволи за радиоемитување, сите за локално ниво. Станува збор за следните:

- Во декември 2024 година, со дополнување од јануари 2025 година, до Агенцијата беше доставено писмено барање од Трговското радиодифузно друштво Буба Мара Ранко ДООЕЛ Скопје, за доделување дозвола за радиоемитување на локално ниво на подрачјето на општина Прилеп. Со оглед на тоа што постоеше слободна фреквенција за радиоемитување на ова подрачје, Агенцијата изработи Студија со која беше утврдено дека постои оправданост за објавување јавен конкурс за локално радио во Прилеп, и тоа за музичко радио од специјализиран формат во кое емитуваната музика ќе биде доминантно забавна, а говорниот дел од програмскиот сервис ќе се емитува на македонски и српски јазик. Имајќи го предвид ова, во април 2025 година беше објавен јавен конкурс. Во законски предвидениот рок за поднесување пријави, до Агенцијата беше доставена една пријава (од ТРД БУБА МАРА Ранко ДООЕЛ Скопје) што ги исполнуваше условите утврдени во јавниот конкурс, поради што во јули 2025 година беше донесена одлука за доделување дозвола за радиоемитување на ова подрачје.

- Во јануари 2025 година физичкото лице Енсар Алуши достави до Агенцијата писмено барање за доделување дозвола за радиоемитување на локално ниво на подрачјето на општина Струга. Имајќи го предвид доставеното барање, Агенцијата изработи Студија која покажа дека постои оправданост за објавување јавен конкурс за локално радио во Струга, односно за говорно-музичко радио со претежно информативен општ формат, на албански и на македонски јазик, поради што во мај 2025 година беше објавен јавен конкурс. До Агенцијата беше доставена една пријава (од физичкото лице Енсар Алуши од Струга) што ги исполнуваше условите утврдени во јавниот конкурс, поради што во август 2025 година беше донесена одлука за доделување дозвола за радиоемитување на ова подрачје.

- Во февруари 2025 година Трговското радиодифузно друштво Буба Мара Ранко ДООЕЛ Скопје повторно достави писмено барање до Агенцијата, овој пат за доделување дозвола за локално радио во Штип. Постапувајќи согласно член 70 од ЗААВМУ, Агенцијата изработи Студија со која беше утврдено дека постои оправданост за објавување јавен конкурс, и тоа за музичко радио од специјализиран формат, во кое емитуваната музика е доминантно популарна (забавна), а говорните содржини се на македонски јазик. Јавниот конкурс по ова барање беше објавен во мај 2025 година, а пријава до Агенцијата достави само ТРД Буба Мара Ранко ДООЕЛ Скопје и истата ги исполнуваше условите утврдени во јавниот конкурс, поради што во август 2025 година беше донесена одлука за доделување дозвола за радиоемитување на ова подрачје.

- Во февруари 2025 година Агенцијата донесе одлука за доделување дозвола за радиоемитување на локално ниво на подрачјето на општина Куманово, и тоа за говорно-музичко радио од општ формат, во кое застапените видови програми остваруваат најмалку две од трите медиумски функции, на македонски

[5] Детални податоци за постапките за доделување дозволи со објавување јавен конкурс се наведени во Прилог бр. 1.1. од Извештајот - „Доделување дозволи по пат на јавен конкурс"

јазик. Јавниот конкурс во врска со оваа одлука беше објавен во октомври 2024 година, врз основа на доставено Писмо со намери во јули 2024 година од страна на физичкото лице Саша Митиќ, а по претходно изработена Студија со која се утврди дека постои оправданост за објавување јавен конкурс. Во врска со оваа одлука, а на барање (во март 2025 година) на радиодифузерот, Агенцијата во март донесе одлука со која се продолжи рокот за започнување со вршење на дејноста на овој радиодифузер, кој наместо од 1.4.2025 година, почна со вршење на дејноста на 3.5.2025 година.

### Продолжување дозвола за телевизиско емитување

Постапувајќи по поднесено барање за продолжување на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА УСКАНА МЕДИА ДООЕЛ Кичево, а со оглед на тоа што по извршениот увид во работењето на радиодифузерот во текот на времетраењето на дозволата од страна на Агенцијата беше утврдено дека барателот ги исполнува условите утврдени во член 79 од ЗААВМУ, Советот на Агенцијата во јануари 2025 година донесе одлука за продолжување на дозволата на овој радиодифузер за време од девет години.

## ОПЕРАТОРИ НА ЈАВНИ ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИСКИ МРЕЖИ

### Евидентирање во регистарот

Во август беше извршен упис на еден нов оператор на јавна електронска комуникациска мрежа (Друштво за телекомуникациски услуги ФИВЕНЕТ ДОО Скопје), а во ноември, два оператора (Друштво за телекомуникации и услуги НЕОТЕЛ АД увоз-извоз Скопје и Трговско радиодифузно друштво-оператор на кабелска мрежа ИНФЕЛ-КТВ ОХРИД ДООЕЛ) доставија известување до Агенцијата за престанок на вршење на дејноста, по што истите беа избришани од регистарот. Во 2025 година, во регистарот на оператори кои реемитуваат програмски пакети беа евидентирани вкупно 30 субјекти.

### Регистрација на програмски пакети

Во извештајната година, постапувајќи согласно својата законска надлежност утврдена во член 141 од ЗААВМУ, Агенцијата издаде вкупно 282 потврди за регистрација на пакет програмски сервиси.

Агенцијата донесе и четири решенија за запирање на постапката за издавање потврда за регистрација на пакет програмски сервиси, сите за операторот Трговско друштво за производство, трговија и услуги АЛТРА-САТ 2000 ДООЕЛ Охрид.

Пет потврди за измена на потврдата за регистрирање на збирен програмски пакет беа издадени по донесената одлука за поништување на одлуката за одземање на дозволата на Трговското друштво за радиодифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, при што програмскиот сервис ТВ Шутел беше додаден кај следните пет оператори: Друштво за комуникациски услуги А1 Македонија ДООЕЛ Скопје, Друштво за трговија и услуги ДАТАКОМ ЈВ ДООЕЛ Скопје, Друштво за производство, трговија, телекомуникации и услуги ГЛОБАЛСАТ ДООЕЛ Скопје, Трговско друштво кабелска телевизија ВИНСАТ КАБЕЛ ДОО Виница и Друштво за телекомуникации СКУПИ КАБЛЕ ДОО Скопје.

Една потврда за измена на потврдата за регистрирање збирен програмски пакет беше издадена во март, по доставено известување од имателот на правата дека операторот Друштво за производство, трговија, угостителство, сообраќај и услуги МУЛТИМЕДИЈА НЕТВОРК Л ДООЕЛ експорт-импорт Гостивар нема валиден договор за реемитување за програмскиот сервис „Канал 7“.

## Програмски надзор

Агенцијата спроведе вкупно 99 надзори на операторите на јавни електронски комуникациски мрежи, од кои 89 редовни, три вонредни и седум контролни.

Во Годишниот план за програмски надзор беа спроведени сите планирани надзори. Редовните надзори беа спроведени за да се констатира дали операторите ги исполнуваат обврските од ЗААВМУ, утврдени во член 64 став 2 (доколку програмските сервиси што ги реемитуваат се титлуваат на јазик различен од оној на кој оригинално се произведени, задолжително да бидат титлувани или на македонски јазик, или на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20 % од граѓаните), член 141 (програмските сервиси што ги емитуваат да бидат претходно регистрирани во Агенцијата) и член 143 став 3 (операторот задолжително и бесплатно да ги содржи програмските сервиси на јавниот радиодифузен сервис). Со редовните и вонредните надзори беа констатирани вкупно девет прекршувања, но беа спроведени седум контролни надзори. Контролен надзор не беше спроведен кај Друштвото за телекомуникации и услуги НЕОТЕЛ АД увоз-извоз Скопје бидејќи во меѓувреме престана да ја врши дејноста и беше избришан од регистарот на оператори кои реемитуваат програмски пакети, додека операторот ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје продолжи со вршење на истата повреда на законот, поради што Агенцијата спроведе постапка за порамнување преку издавање прекршочен платен налог, која заврши успешно.

Подолу во текстот се наведени сите надзори според месецот кога беа спроведени:

**Јануари**

- 12 редовни надзори на девет оператори, и тоа на: Мултимедија нетворк Л од Гостивар, Мултимедија од Куманово, Глобалсат од Скопје, Траншпед трејд од Крива Паланка, Кабел ДОО од Струмица, Сигнал нет од Куманово, Инел интернационал од Кавадарци, Пет нет од Гевгелија и Бив пирамида од Делчево. Само кај операторот Мултимедија нетворк Л од Гостивар беше констатирано прекршување на член 141 став 13 од ЗААВМУ, за што му беше изречена мерка опомена.

- два вонредни надзора на операторот Мултимедија нетворк Л од Гостивар, со кои се констатираа прекршувања на член 143 став 1 и член 144 став 3 од ЗААВМУ. Агенцијата му изрече мерки опомени.

**Февруари**

- девет редовни надзори на седум оператори, и тоа на: Винсат кабел од Виница, Кабел нет од Струмица, Кабел нет од Прилеп, Дрим сат од Гостивар, Датаком од Скопје, Нафи и Беко од Гостивар и Скрембил од Ново Село. Со надзорите не беа констатирани прекршувања.

**Март**

- осум редовни надзори на шест оператори, и тоа на: Вива нет од Берово, Македонски Телеком, Кабел Л нет од Лабуништа, Теленет ком од Тетово, Инфел од Охрид и Неотел од Скопје. Со надзорите не беа констатирани прекршувања.

**Април**

- четири редовни надзори на два оператори, и тоа на: А1 Македонија од Скопје и Телекабел од Штип. Со надзорите не беа констатирани прекршувања.

- три контролни надзори на операторот Мултимедија нетворк Л од Гостивар, со кои беше констатирано дека операторот постапил по претходно изречените мерки.

**Мај**

- три редовни надзори на два оператори, и тоа на: ИП Системс од Куманово и Каблекалл од Кичево. Со надзорите не беа констатирани прекршувања.

**Јуни**

- седум редовни надзори на четири оператори, и тоа на: Тотал ТВ од Скопје, Спајдер од Гевгелија, М ТЕЛ од Скопје и Алтрасат од Охрид. Кај два оператори, Тотал ТВ од Скопје и Алтрасат од Охрид, беа констатирани прекршувања на член 141 став 13 од ЗААВМУ, поради што Агенцијата им изрече мерки за опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмските сервиси кои не беа регистрирани во Агенцијата.

**Јули**

- осум редовни надзори на пет оператори, и тоа на: Македонски Телеком, А1 Македонија, Нафи и Беко од Гостивар, Датаком од Скопје и Скупи кабле од Скопје. Со надзорите не беа констатирани прекршувања.

- еден контролен надзор на Тотал ТВ, со кој беше констатирано дека операторот постапил во целост по упатеното решение.

**Август**

- 10 редовни надзори на седум оператори, и тоа на: Теленет ком од Тетово, Мултимедија нетворк Л од Гостивар, Инфел од Охрид, Бив пирамида од Делчево, Телекабел од Штип, Кабел ДОО од Валандово и Пет нет од Гевгелија. Со надзорите не беа констатирани прекршувања.

- еден контролен надзор на Алтрасат од Охрид, со кој беше констатирано дека операторот постапил во целост по упатеното решение.

**Септември**

- 11 редовни надзори на осум оператори, и тоа на: Дрим сат од Гостивар, Каблекалл од Кичево, ИП Системс од Куманово, Кабел нет од Струмица, Мултимедија од Куманово, Траншпед трејд од Крива Паланка, Алтрасат од Охрид и Скрембил од Ново Село. Со надзорите не беа констатирани прекршувања.

**Октомври**

- шест редовни надзори на четири оператори, и тоа на: Глобалсат од Скопје, Кабел нет од Прилеп, М ТЕЛ од Скопје и Неотел од Скопје. Кај операторите Глобалсат и Неотел беа констатирани прекршувања на

член 141 став 13 од ЗААВМУ, поради што Агенцијата им изрече мерки за опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмските сервиси кои не беа регистрирани во Агенцијата.

- еден вонреден надзор на операторот Вива нет од Берово, со кој се констатираше прекршување на член 144 став 3 од ЗААВМУ. Агенцијата му изрече мерка опомена на операторот.

**Ноември**

- девет редовни надзори на шест оператори, и тоа на: Инел интернационал од Кавадарци, Винсат кабел од Виница, Кабел Л нет од Лабуништа, Сигнал нет од Куманово, Вива нет од Берово и Спајдер од Гевгелија. Со надзорите не беа констатирани прекршувања.

- два контролни надзори врз операторите Глобалсат од Скопје и Вива нет од Берово. Со надзорите беше констатирано дека операторите постапиле по претходно изречената мерка.

**Декември**

- два редовни надзори на операторот Тотал ТВ од Скопје. Со едниот надзор беше констатирано дека продолжил со вршење на повредата на член 141 став 13 од ЗААВМУ, за што беше иницирана постапка за порамнување која беше успешно спроведена.

**Активности на Агенцијата во насока на заштита на имателите на авторски и сродни права**

Согласно законската обврска утврдена во член 141 став 13 од ЗААВМУ, до имателите на права беа доставени 18 известувања (шест во февруари, шест во јуни, четири во јули и две во ноември) врз основа на извршен програмски надзор, со кој Агенцијата утврди дека операторите на јавна електронска комуникациска мрежа бесправно реемитуваат програмски сервиси кои не се регистрирани во Агенцијата.

Во текот на 2025 година правното лице „Јунајтед медиа“ (United Media) во два наврати достави дописи до Агенцијата, со кои ја информираше дека програмските сервиси „Sport Klub“ и „Nova TV“ немаат регулирани авторски права за територијата на Република Северна Македонија, односно немаат права за пренос на натпреварите од УЕФА Лигата на нации (2024/2025), вклучително и пријателските натпревари во рамки на ова натпреварување, како и натпреварите од европските квалификации за Светското првенство во фудбал (ФИФА 2026). Поради тоа, беше побарано овие програмски сервиси да бидат затемнети или на друг начин да се недостапни во точно утврдени термини. Согласно воспоставената практика од изминатите години, а имајќи ја предвид важноста на заштитата на авторските и сродните права, Агенцијата редовно, во рамки на своите надлежности, ги известуваше сите оператори на јавни електронски комуникациски мрежи.

Во ноември, компанијата „Њу вej консалтинг“ (New Way Consulting) од Тирана, Република Албанија, специјализирана за застапување национални и меѓународни автори и креатори на аудиовизуелни дела, во врска со користењето на нивните авторски дела и заштитата на нивните права достави известување во кое дополнително ги наведе сите содржини за кои поседува права. По тој основ, Агенцијата ги информираше сите оператори на јавни електронски комуникациски мрежи и радиодифузери.

## ДАВАТЕЛИ НА АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ ПО БАРАЊЕ

### Правни лица даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање

#### Евидентирање во регистарот

На почетокот на 2025 година во регистарот на даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање беа евидентирани четири субјекти: Акционерско друштво за електронски комуникации Македонски Телеком Скопје (Max TV Видеотека), Друштво за услуги СВОД МАСТЕР ДОО Скопје (GLEY/ГЛЕЈ), Друштво за трговија и услуги МТЕЛ ДООЕЛ Скопје (MOVE TV) и Друштвото за комуникациски услуги А1 МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје (Vip Now). Во јули, Друштвото за комуникациски услуги А1 МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје (Vip Now) ја извести Агенцијата дека престанува со вршење на дејноста, поради што беше избришано од регистарот.

#### Програмски надзор

Во 2025 година, според Годишниот план за вршење програмски надзор, редовниот програмски надзор врз давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање беше предвиден да се спроведе двапати во текот на годината, по еднаш во секое полугодие. Во согласност со ова, беа направени седум редовни надзори (четири во мај и три во септември) и беше констатирано дека сите даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање во целост ги исполнуваат обврските од ЗААВМУ коишто се однесуваат на забраната за пренесување кинематографски дела надвор од периодот утврден во договорите со имателите на права (член 49) и на заштитата на малолетни лица (член 50 став 1).

### Физички лица даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање

Во извештајната година, по донесувањето на Правилникот за физичките лица даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање (инфлуенсери/влогери/креатори), Агенцијата презеде повеќе активности насочени кон запознавање на јавноста и на новите субјекти на медиумската регулација со одредбите од овој Правилник и со обврските што од ЗААВМУ произлегуваат за нив. Беа одржани повеќе состаноци со инфлуенсерите, на кои се разговараше за овие прашања, а претставници на Агенцијата во повеќе наврати зборуваа на оваа тема во медиумите.

## ИЗДАВАЧИ НА ПЕЧАТЕНИ МЕДИУМИ

Во текот на 2025 година Агенцијата изврши 10 административни надзори над работењето на издавачите на печатени медиуми – седум редовни, два вонредни и еден контролен.

Согласно Годишниот план за вршење административен надзор во 2025 година, во април беше спроведен еден редовен надзор во врска со исполнувањето на обврската од член 15 став 2 од Законот за медиуми (Јавност во работата), според која издавачите на печатен медиум се должни податоците за сопственичката

структура, односно податоците за називот и седиштето на правните лица или името и местото на престојување на физичките лица кои се сопственици на акции или на удел кај издавачот на медиумот, со податоци за процентот на акциите или уделот кој го стекнале и датумот на стекнување, да ги објават во најмалку еден дневен весник, еднаш годишно, најдоцна до 31 март во тековната година и исечок од објавата да му достават на регулаторот во рок од 15 дена од денот на објавувањето. Со надзорот беа опфатени сите издавачи на печатени медиуми што се евидентирани во регистарот што го води Агенцијата (вкупно 19) и беше констатирано дека сите ја исполниле оваа обврска.

Другите девет административни надзори беа во врска со исполнувањето на обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми (Импресум). Според оваа обврска, издавачот на медиум е должен на видно место во секој примерок од печатен медиум да обезбеди објавување на следниве податоци: назив и адреса на седиштето и уредништвото на издавачот на медиум, име на одговорното лице на издавачот на медиум, име и презиме на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото, назив и адреса на печатницата, датумот на печатење или препечатување и бројот на печатени примероци. Надзорите во врска со оваа обврска беа спроведувани како подололу:

- Во февруари беа извршени три надзори – два редовни и еден контролен. Првиот редовен надзор беше извршен над 14 издавачи и беа опфатени 14 печатени медиуми, и тоа: „Нова Македонија“, „Слободен печат“, „Вечер“, „Коха“, „Лајм“, „Капитал“, „Фокус“, „Бахче“, „Економија и бизнис“, „Портрет“, „Убавина и здравје“, „Порта 3“, „Емитер“ и „Народен лекар“. Вториот надзор, кој беше спроведен над пет издавачи, ги опфати медиумите „Штипски глас“, „Шења“, „InStore“, „Зенит“ и „Лице в лице“. Контролен надзор беше направен над Друштвото за производство, трговија и услуги КОЛОР МЕДИА ПЛУС ДОО Скопје, а со цел да се констатира дали овој издавач постапил по опомената што Агенцијата му ја изрече во 2024 година затоа што во изданието бр. 6 од печатениот медиум „The Economist“ не ги објавил во целост податоците што треба да ги содржи импресумот. Со редовните надзори не беа констатирани прекршувања кај ниту еден издавач, а со контролниот надзор се утврди дека КОЛОР МЕДИА ПЛУС ДОО Скопје во целост постапи по изречената мерка и го отстрани претходно направениот прекршок.

- Во јуни беа извршени два надзори – и двата редовни. Првиот беше извршен над 12 издавачи на печатени медиуми и ги опфати следните 12 весници и магазини: „Нова Македонија“, „Слободен печат“, „Вечер“, „Коха“, „Фокус“, „Бахче“, „Лајм“, „Економија и бизнис“, „Убавина и здравје“, „InStore“, „Шења“ и „Народен лекар“. Вториот, пак, беше извршен над четири издавачи и беа опфатени „Капитал“, „Штипски глас“, „Порта 3“ и „Зенит“. И со овие надзори не беа констатирани прекршувања.

- Во август бше извршен еден вонреден надзор – над Здружението на граѓани за истражување, комуникации и за развој ПАБЛИК Скопје, издавач на магазинот „Лице в лице“. Се утврди дека издавачот во целост ја исполнува обврската за објавување импресум.

- Во октомври беа извршени два редовни надзори. Со првиот, кој беше спроведен над 11 издавачи, беа опфатени медиумите „Нова Македонија“, „Слободен печат“, „Вечер“, „Коха“, „Лајм“, „Фокус“, „Бахче“, „Економија и бизнис“, „Убавина и здравје“, „InStore“ и „Порта 3, додека со вториот, кој беше спроведен над пет издавачи, медиумите „Капитал“, „Шења“, „Штипски глас“, „Зенит“ и „Народен лекар“. Со двата надзори неа беа констатирани прекршувања.

- Во декември беше извршен вонреден надзор над Друштво за производство, трговија и услуги КОЛОР МЕДИА ПЛУС ДОО Скопје, издавач на „The Economist“, со кој беше констатирано дека во целост ја исполнува обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми, односно импресумот ги содржи сите податоци утврдени во овој член.

## ИЗДАВАЧИ НА ОНЛАЈН МЕДИУМИ – ИНТЕРНЕТ-ПОРТАЛИ

Со измените на ЗМ од април 2025 година се утврди надлежност за Агенцијата да води Регистар на издавачи на онлајн медиуми – интернет-портали. Во рок од 30 дена од влегувањето во сила на Законот за изменување и дополнување на Законот за медиуми (7 мај 2025 година), Агенцијата имаше обврска да го донесе подзаконскиот акт со кој ќе ги пропише формата и содржината на пријавата што издавачите на онлајн медиуми – интернет-портали ја доставуваат за упис во регистарот и да го пропише начинот на водење на регистарот, а во рок од 45 дена исто така од влегувањето во сила на овој Закон да го воспостави регистарот.

На 5 јуни 2025 година Агенцијата го донесе „Правилникот за формата и содржината на пријавата за упис во Регистарот на издавачи на онлајн медиуми - интернет-портали и за начинот на водење на Регистарот на издавачи на онлајн медиуми - интернет-портали“. Истиот ден упати јавен повик до издавачите на онлајн медиуми - интернет-портали да достават пријава за упис во Регистарот.

Во извештајната година беа поднесени вкупно 68 пријави за упис во регистарот. На 31.12.2025 година во регистарот[6] беа евидентирани 48 правни лица што издаваат 60 онлајн медиуми – интернет-портали. Станува збор за издавачи на медиуми кои со извршената проверка од страна на Агенцијата беше констатирано дека ги исполнуваат законски утврдените услови за упис во регистарот – 1. да ја впишале дејноста во Централниот регистар на РС Македонија, 2. да имаат седиште и уредништво во РС Македонија, 3. на свое име да имаат регистрирано македонски .мк или .мкд интернет-домени, и 4. да имаат вработено најмалку две лица во редовен работен однос со полно работно време, или доколку станува збор за онлајн медиум – интернет-портал со мал и/или специјализиран опфат – едно лице во редовен работен однос со полно работно време и едно лице ангажирано со договор на дело.

Во август и септември Агенцијата направи првичен увид во импресумите на евидентираните медиуми, со кој утврди дека импресумот кај дел од нив не ги содржи сите податоци предвидени со ЗМ.

Поради тоа, на 4 септември Агенцијата се обрати до сите евидентирани онлајн медиуми – интернет-портали и им укажа на обврските од ЗМ што важат за нив, а за кои таа има надлежност да врши надзор. Станува збор за следните обврски од ЗМ: член 6 – обезбедување заштита на малолетни лица, член 8 – одговорен уредник, член 14 – импресум и член 15 – јавност во работата на издавачите на медиуми.

Согласно ЗМ, Агенцијата го води Регистарот на издавачи на онлајн медиуми - интернет-портали во електронска форма, а тој содржи податоци за: фирмата и седиштето, односно назив и адреса на издавачот на онлајн медиум – интернет-портал; име и презиме на одговорното лице на издавачот на онлајн медиум – интернет-портал; името на онлајн медиумот – интернет-порталот; интернет-адреса на онлајн медиумот-интернет-порталот; и регистрантот на македонскиот .мк или .мкд интернет-домен.

[6] АВМУ, Регистар на издавали на онлајн медиуми – интернет-портали, достапно на: https://avmu.mk/online-mediumi/

## ПРЕЗЕМЕНИ МЕРКИ

Во 2025 година, за констатирани непочитувања на ЗААВМУ, ЗМ и подзаконските акти донесени врз основа на нив, Агенцијата против радиодифузерите, издавачите на печатени медиуми и операторите на јавна електронска комуникациска мрежа изрече вкупно 50 (педесет) мерки, од кои:

- 40 решенија за преземање мерка – јавна опомена (од кои: 32 решенија за преземање мерка – јавна опомена кон радиодифузерите[7] и осум решенија за преземање мерка – јавна опомена/јавно опоменување и исклучување на реемитувањето на програмските сервиси кон операторите на јавни електронски комуникациски мрежи[8]);
- четири прекршочни постапки/постапки за порамнување – постапки за издавање прекршочен платен налог, и тоа (една поведена прекршочна постапка пред надлежен суд против еден радиодифузер и три успешно завршени постапки за порамнување - постапки за издавање прекршочен платен налог против два радиодифузера и еден оператор на јавна електронска комуникациска мрежа)[9];
- една одлука за одземање дозвола[10] и
- пет решенија за бришење од регистарот на радиодифузери[11].

### Преземени мерки против радиодифузерите

### Изречени мерки – јавни опомени

Агенцијата во текот на 2025 година донесе вкупно 32 решенија за преземање мерка – јавна опомена, и тоа:

- шест решенија за преземање мерка – јавна опомена поради констатирана повреда на член 14 од ЗМ - неисполнување на обврската за објавување податоци што радиодифузерот е должен да ги емитува на соодветно место за секоја посебна содржина од програмскиот сервис, односно необјавување податоци за импресум;

- пет решенија за преземање мерка – јавна опомена поради констатирана повреда на член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ, односно поради неисполнување на обврската за дневно емитување најмалку 30 % програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, ниту, пак, најмалку половина од законскиот минимум во периодот од 07:00 до 19:00 часот;

- пет решенија за преземање мерка – јавна опомена поради констатирана повреда на член 51 став 1 од ЗААВМУ, односно поради тоа што радиодифузерите во рамките на своите телевизиски сервиси не ги обезбедија информациите што треба да им се направат достапни на корисниците;

- четири решенија за преземање мерка – јавна опомена поради констатирана повреда на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на членовите 20 и 21 од ПЗМЛ, односно поради непочитување на правилата за заштита на малолетните лица – пред и во текот на емитувањето на повеќе програми од прва, втора и четврта категорија употребена е неправилна предупредувачка сигнализација за заштита на малолетните лица, што не е пропишана во ПЗМЛ, односно од целината на пропишаниот изглед на предупредувачката

[7] Деталните податоци за изречените мерки – јавни опомени кон радиодифузерите се наведени во табеларниот преглед на крајот на Извештајот „Решенија за преземање мерка – јавна опомена кон радиодифузери во 2025 година“ (Прилог бр. 1.2.)
[8] Деталните податоци за изречените мерки - опомени кон операторите на јавна електронска комуникациска мрежа се наведени во табеларниот преглед на крајот на Извештајот „Решенија за преземање мерка – јавна опомена и јавно опоменување и исклучување на реемитувањето на програмските сервиси кон операторите на јавна електронска комуникациска мрежа во 2025 година“ (Прилог бр. 1.3.).
[9] Деталните податоци за поведените прекршочни постапки/спроведени постапки за порамнување се наведени во табеларниот преглед на крајот на Извештајот „Покренати прекршочни постапки/спроведени постапки за порамнување против радиодифузери и оператори на јавна електронска комуникациска мрежа за констатирани прекршувања на ЗААВМУ и подзаконските акти во 2025 година“ (Прилог бр. 1.4.).
[10] Деталните податоци за доставените предлози до Советот на Агенцијата за одземање на дозволата за телевизиско/радио емитување се наведени во табеларниот преглед на крајот на Извештајот „Постапки во врска со одземање дозволи за телевизиско/радио емитување во 2025 година“ (Прилог бр. 1.6.).
[11] Деталните податоци за донесените решенија за бришење од регистарот на радиодифузери се наведени во табеларниот преглед на крајот на Извештајот „Решенија за бришење од регистарот на радиодифузери во 2025 година“ (Прилог бр. 1.7.).

сигнализација недостигаа бројката „8“; и знакот „+“, како показатели на возрасната група гледачи за која е наменета програмата;

- две решенија за преземање мерка – јавна опомена поради констатирана повреда на член 92 став 1 од ЗААВМУ, односно поради неисполнување на обврската на ТРД кои емитуваат телевизиски програмски сервиси за дневно емитување најмалку 30 % програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела;
- две решенија за преземање мерка - јавна опомена поради констатирана повреда на член 98 став 2 од ЗААВМУ и на член 14 став 4 од ПНРТ, односно поради непочитување на правилата за нови рекламни техники – емитување на поп-ап реклами на поделен екран меѓу кои не е поминат пропишаниот период од најмалку 15 минути;
- две решенија за преземање мерка – јавна опомена поради констатирана повреда на член 64 став 1 од ЗААВМУ, односно поради употреба на јазик спротивно на членот 64 од ЗААВМУ;
- едно решение за преземање мерка – јавна опомена поради констатирана повреда на член 67 став 6 од ЗААВМУ, односно поради неисполнување на обврската од страна на радиодифузерот за спроведување најмалку 80 % од програмскиот концепт за кој му е издадена дозволата во текот на една недела;
- едно решение за преземање мерка – јавна опомена поради констатирана повреда на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на член 16 од ПЗМЛ, односно поради непочитување на правилата за заштита на малолетната публика – емитување програми од трета категорија (12+) во несоодветен временски период од денонoќието;
- едно решение за преземање мерка – јавна опомена поради констатирана повреда на член 52 од ЗААВМУ, односно поради тоа што давателот на аудиовизуелната медиумска услуга во рамките на својот телевизиски програмски сервис, во актуелно информативно говорно шоу во кое има можност и за наградно учествување на гледачите, не обезбеди ниту недвосмислено објавување на правилата за тие содржини, ниту информации за јавно ветената награда;
- едно решение за преземање мерка – јавна опомена поради констатирана повреда на член 53 став 2 од ЗААВМУ, односно поради емитување прикриена аудиовизуелна комерцијална комуникација;
- едно решение за преземање мерка – јавна опомена поради констатирана повреда на член 55 став 2 алинеи 2, 3 и 4 од ЗААВМУ и точките 25 и 26 од УППП, односно поради тоа што во специјализираната информативна емисија не беа почитувани условите за пласирање производи во аудиовизуелните програми, како и правилата за означување на програмите што содржат пласирани производи; и
- едно решение за преземање мерка – јавна опомена поради констатирана повреда на член 80 ставови 7, 8 и 9 од ЗААВМУ, а во врска со точка 4 од Насоките за доброволно пријавување радија за емитување домашна музика, односно поради неемитување најмалку 10 % музика на македонски јазик во периодот од 6 до 00 часот, од вкупно емитуваната музика во анализираното денонoќие.

**Покренати прекршочни постапки/спроведени постапки за порамнување**

Во согласност со Законот за прекршоците, Агенцијата спроведе три постапки за порамнување против три радиодифузери (ТДРД СПЕКТРА, општина Лабуништа ДООЕЛ, ТРД КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје и ТРД ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар), откако со контролен надзор беше утврдено дека и покрај изречените јавни опомени за прекршување на одредбите од ЗААВМУ и ПЗМЛ, тие продолжиле со вршење на истата повреда за која претходно биле опоменати. Две од покренатите постапки за порамнување завршија успешно (против ТРД КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје и ТРД ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар), додека една постапка за порамнување заврши неуспешно, по што Агенцијата поднесе барање за поведување прекршочна постапка до надлежниот суд (против ТДРД СПЕКТРА, општина Лабуништа ДООЕЛ).

**Преземени мерки кои произлегоа од следењето на изборното медиумско претставување за време на Локалните избори во 2025 година**

За констатирани прекршувања на ИЗ, во 2025 година Агенцијата покрена пет прекршочни постапки пред надлежен суд против пет радиодифузери, и тоа:

- против ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево и одговорното лице на радиодифузерот за продолжен прекршок на член 75-ѓ став 1 од ИЗ, односно поради тоа што за време на првиот круг од Локалните избори 2025 година радиодифузерот, во рамките на својот програмски сервис емитуван на 30 септември и на 2, 3 и 4 октомври 2025 година, во неколку реални часови емитувана програма ги надминал дозволените лимити за платено политичко рекламирање (ППР), и тоа: со емитување ППР за Коалицијата „ВЛЕН“ ги надмина дозволените лимити од најмногу 4 минути (240 секунди) на реален час за двете најголеми политички партии од позицијата кои на последните избори за пратеници освоиле најмногу гласови и со емитување ППР за Коалицијата „Национална алијанса за интеграција – НАИ“ ги надмина дозволените лимити од најмногу 4 минути (240 секунди) за двете најголеми политички партии од опозицијата кои на последните избори за пратеници освоиле најмногу гласови. Постапката е во тек пред надлежен суд;
- против ТРД КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје и одговорните лица на радиодифузерот за прекршување на член 76-б став 3, а во врска со член 69-а став 2 од ИЗ, односно поради тоа што при известувањето го прекршил изборниот молк пред првиот круг од изборите, на начин што во рамките на својот програмски сервис емитуван на 18.10.2025 година емитувал реприза на посебната информативна програма Клик плус – Изборни дебати, премиерно емитувана на 17.10.2025 година, реализирана како дебата во која учествуваат тројца кандидати за градоначалник на општина Центар, односно емитувал информации и аудиовизуелни материјали во кои учествуваат учесници во изборите. Основниот кривичен суд Скопје донесе пресуда со која правното лице и одговорните лица во правното лице ги огласи за виновни и им изрече прекршочна санкција – опомена;
- против ТДРД ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ СКОПЈЕ и одговорното лице на радиодифузерот за продолжен прекршок на член 76-б став 3, а во врска со член 69-а став 2 од ИЗ, односно поради тоа што при известување за време на изборниот молк за првиот круг од изборната кампања радиодифузерот, во рамките на својот програмски сервис на 18 и 19 октомври 2025 година емитувал информации и аудиовизуелни материјали во кои учествуваат учесници во изборите, односно емитувал музички спот и документарна емисија во кои се појавува Елвис Бајрам, кандидатот за градоначалник на општина Шуто Оризари од подносителот на листа Сојуз на Ромите од Македонија. Основниот кривичен суд Скопје донесе пресуда со која правното лице го огласи за одговорно и му изрече прекршочна санкција - опомена, а одговорното лице во правното лице го огласи за виновно и му изрече прекршочна санкција – опомена;
- против ТРД ВИСТЕЛ ДООЕЛ Скопје и одговорното лице на радиодифузерот за прекршување на член 76-б став 3, а во врска со член 69-а став 2 од ИЗ, односно поради тоа што при известувањето го прекршил изборниот молк пред првиот круг од изборите, на начин што во рамките на својот програмски сервис емитуван на 19.10.2025 година двапати емитувал прес-конференција на министерот за внатрешни работи Панче Тошковски, односно емитувал изјави од носители на функции во органите на власта. Основниот кривичен суд Скопје донесе пресуда со која правното лице и одговорното лице во правното лице ги ослободува од одговорност. Во законски предвидениот рок Агенцијата вложи жалба, по која постапката пред надлежниот суд е во тек; и
- против ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип и одговорното лице на радиодифузерот за прекршување на член 76-б став 3, а во врска со член 69-а став 2 од ИЗ, односно поради тоа што при известувањето го прекршил изборниот молк пред првиот круг од изборите, на начин што во рамките на својот програмски сервис емитуван на 19.10.2025 година, во вестите во 10 часот емитувал изјава од министерот за внатрешни работи Панче Тошковски, односно емитувал изјави од носители на функции во органите на власта. Основниот кривичен суд Скопје донесе пресуда со која правното лице и одговорното лице во правното лице

ги ослободува од одговорност. Во законски предвидениот рок Агенцијата вложи жалба, по која постапката пред надлежниот суд е во тек.

**Постапки за одземање дозволи на радиодифузери**

Во извештајната година Агенцијата покрена 13 постапки за одземање на дозволите за телевизиско или радиоемитување, од кои:

- 12 постапки беа покренати поради неплаќање на годишниот надоместок за дозволата за телевизиско или радиоемитување. Од нив, една постапка беше прекината затоа што радиодифузерот (РА Јон) ја извести Агенцијата дека не е во можност да изврши уплата на надоместокот поради блокирани сметки. По поднесен приговор до надлежниот суд и деблокирање на сметките, радиодифузерот го плати надоместокот за дозволата и постапката беше запрена. Десет постапки беа запрени, со оглед на тоа што радиодифузерите го платија во целост годишниот надоместок за дозволите, а една постапка (за ТВ Шутел) заврши со одземање на дозволата бидејќи радиодифузерот не го плати надоместокот ниту во дополнителниот рок што го имаше од покренувањето на постапката до донесувањето на одлуката за одземање на дозволата. Овој радиодифузер поднесе тужба пред надлежен суд и во целост го плати годишниот надоместок, поради што Агенцијата во април донесе одлука за поништување на одлуката за одземање на дозволата за телевизиско емитување;
- една постапка (за ТВ Клан) беше покрената истовремено по два основи - поради неисполнување на минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување и поради неплаќање на годишниот надоместок за дозволата, по што во април 2025 година беше донесена одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување.

**Бришење од регистарот на радиодифузери**

Агенцијата донесе 5 решенија за бришење од регистарот на радиодифузери, врз основа на кои од регистарот беа избришани:

- три радиодифузера на кои им беа одземени дозволите за емитување телевизиска програма: ТДР ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица (дозволата беше одземена во декември 2024 година), ТДРД ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје и ТРД КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт - импорт Сарај, Скопје. Со оглед дека Агенцијата донесе одлука за поништување на одлуката за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТДРД ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, бидејќи радиодифузерот во целост го плати годишниот надоместок за дозволата, радиодифузерот повторно беше евидентиран во регистарот на радиодифузери кој го води Агенцијата и
- два радиодифузера кои ја известија Агенцијата дека престануваат да емитуваат радиопрограма (РСМ - Универзитет „СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ во Скопје - Непрофитната радиодифузна организациска единица УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО СТУДЕНТ ФМ 92.9 и РСМ – Државен универзитет „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” Штип - Непрофитна радиодифузна установа УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УГД ФМ).

**Престанок на важност на дозволи за радио и телевизиско емитување по сила на закон**

Во 2025 година, по сила на закон престана важноста на дозволите за радио и телевизиско емитување на вкупно пет радиодифузери - две радија и три телевизии.

На три од нив Агенцијата им ја одзеде дозволата за телевизиско емитување, а другите две со писмена изјава ја известија Агенцијата дека престануваат со емитување радиопрограма.

Агенцијата ги одзеде дозволите на следните три радиодифузери:

- ТДР ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица во декември 2024 година - поради тоа што радиодифузерот не ги исполнил минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување (член 62 став 6 од ЗАВМУ и член 21 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување и член 85 став 1 алинеја 4 од ЗАВМУ);

- ТДРД ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, на кое му престана важноста на дозволата за телевизиско емитување по сила на закон - со одземање на дозволата, поради тоа што радиодифузерот, во законскиот рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на фактурата издадена од Агенцијата, не го платил годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување (член 80 став 5 и член 85 став 1 алинеја 4 од ЗАВМУ). По одземање на дозволата на овој радиодифузер Агенцијата донесе одлука за поништување на одлуката за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТДРД ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, бидејќи радиодифузерот во целост го плати годишниот надоместок за дозволата;

- ТРД КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт - импорт Сарај, Скопје, на кое му престана важноста на дозволата за телевизиско емитување по сила на закон - со одземање на дозволата, поради тоа што радиодифузерот не ги исполнил минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување и во законскиот рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на фактурата издадена од Агенцијата, не го платил годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување (член 62 став 6 од ЗАВМУ и член од 21 Правилникот и член 80 став 5 и член 85 став 1 алинеја 4 од ЗАВМУ).

Радиодифузери чија дозвола престана да важи поради тоа што ја известија Агенцијата дека престануваат да емитуваат радиопрограма:

- РСМ - Универзитет „СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ во Скопје - Непрофитната радиодифузна организациска единица УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО СТУДЕНТ ФМ 92.9 и
- РСМ – Државен универзитет „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” Штип - Непрофитна радиодифузна установа УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УГД ФМ.

## Преземени мерки против операторите на јавни електронски комуникациски мрежи

### Изречени мерки – јавни опомени

Поради прекршувања на ЗААВМУ, констатирани со извршен програмски надзор на операторите на јавна електронска комуникациска мрежа, во 2025 година Агенцијата донесе осум решенија за изрекување мерка јавна опомена, од кои пет решенија поради реемитување програмски сервиси кои не се регистрирани во Агенцијата (прекршување на член 141 од ЗААВМУ), две решенија поради тоа што операторот во својот програмски пакет не ги обезбедил програмските сервиси на јавниот радиодифузен сервис (прекршување на член 144 став 3 од ЗААВМУ) и едно решение поради реемитување на програмски сервис на домашен радиодифузер надвор од сервисната зона за која ја има добиено дозволата за телевизиско емитување (член 143 став 1 од ЗААВМУ).

**Покренати прекршочни постапки/спроведени постапки за порамнување**

Во текот на 2025 година, во согласност со одредбите од Законот за прекршоците, беше спроведена една постапка за порамнување – постапка за издавање прекршочен платен налог со еден оператор на јавна електронска комуникациска мрежа (Тотал ТВ) и одговорното лице на операторот. Спроведената постапка заврши успешно во 2026 година, односно сторителите на прекршокот во законски утврдениот рок ги платија глобите утврдени во прекршочниот платен налог.

## УПРАВНИ СПОРОВИ И ПОСТАПКИ ПРЕД УСТАВНИОТ СУД

Во 2025 година беше поведен еден управен спор[12] против акт донесен од страна на Агенцијата.

Политичка партија Левица Скопје (ПП Левица), застапувана од проф. д-р Димитар Апасиев, поднесе тужба против Упатството за радиодифузерите за Локалните избори 2025 година. Агенцијата, на 6.10.2025 година, до Управниот суд достави Одговор на тужба, при што истиот ден судот донесе Решение со кое тужбата се отфрла, против кое тужителот вложи жалба до Вишиот управен суд Скопје Агенцијата достави одговор и на жалбата, а Вишиот управен суд на 6.11.2025 година донесе Решение со кое жалбата на ПП Левица се одбива како неоснована, а Решението на Управниот суд со кое се отфрла тужбата на ПП Левица за поништување на Упатството на Агенцијата, се потврдува.

**Иницијативи за поведување постапки за оценување уставност и законитост и барање за заштита на слободите и правата до Уставен суд на РСМ**[13]

Во текот на 2025 година Уставниот суд на РСМ побара од Агенцијата да се произнесе и да достави мислење во врска со поднесени иницијативи за оценување на уставноста и законитоста на:

- член 2 и 3 од Правилникот за регистрирање на давателите на услуги платформа за споделување видеа, поднесена од Игорчо Точев од Скопје и
- точка 3 и точка 10 од Упатството за радиодифузерите за Локалните избори за 2025, поднесена од Политичката партија Левица.

За двете иницијативи Агенцијата достави мислења во законски определениот рок, по што Уставниот суд донесе решенија со кои не се поведува постапка за оценување на уставноста и законитоста.

Во декември 2025 година Уставниот суд побара од Агенцијата да достави одговор во врска со барањето за заштита на слободите и правата од член 110 алинеја 3 од Уставот на РСМ (дискриминација по основ на политичка припадност), поднесено од страна на Политичката партија Левица. За наведеното барање Уставниот суд одлучувал на втората седница, одржана на 28.1.2026 година, при што донел одлука да го отфрли истото.

---

[12] Деталните податоци за поведениот управен спор се наведени во табеларниот преглед на крајот на Извештајот „Управни спорови во 2025 година“ (Прилог бр. 1.8.).

[13] Деталните податоци за поднесените иницијативи за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста, како и поднесеното барање за заштита на слободите и правата од член 110 алинеја 3 од Уставот на РСМ до Уставен суд на РСМ се наведени во Прилог бр. 1.9. од Извештајот „Поднесени иницијативи и барања до Уставен суд на РСМ во 2025 година“.

# АНАЛИЗИ, СТУДИИ И ИСТРАЖУВАЊА

**Регионални и локални радиодифузери (оправданост и можности за воведување мерки за поддршка)**[14]

Имајќи ги предвид предизвиците со кои се соочуваат регионалните и локалните радиодифузери (ниски приходи, непрофитабилност, слаба гледаност/слушаност, недоволни човечки и технички ресурси и ограничен рекламен пазар), Агенцијата ја изработи анализата „Регионални и локални радиодифузери (оправданост и можности за воведување мерки за поддршка)“, која има за цел да утврди какви мерки за поддршка е потребно да се воведат за да се поттикне развојот и да се зајакне економската одржливост на овие медиуми. За потребите на анализата, меѓу другото, Агенцијата ги испита можностите за воведување одредени даночни олеснувања за овие медиуми, а како најрелевантни ги анализираше данокот на добивка и данокот на додадена вредност. Анализата покажа дека предизвиците пред кои се наоѓаат регионалните и локалните телевизии и радија не можат да се надминат со класичните форми на даночни олеснувања и дека е неопходно да се воведе фонд за развој на медиумскиот плурализам. Создавањето ваков фонд ќе обезбеди директна финансиска поддршка за создавање разновидни и квалитетни медиумски содржини, зајакнување на домашната продукција, поттикнување на истражувачкото и независно новинарство, како и вработување и обука на стручни кадри.

**Анализа на пазарот на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2024 година**[15]

Во третиот квартал од годината Агенцијата ја изработи Анализата на пазарот на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2024 година, во која детално е анализирано економското работење на јавниот сервис (Македонската радио-телевизија - МРТ) и на комерцијалните радиодифузери во 2024 година од аспект на нивните приходи, трошоци, финансиски резултат од работењето, како и од аспект на бројот на вработените. Анализата е изработена врз основа на релевантни податоци коишто самите радиодифузери ги доставија во Агенцијата во рамки на исполнувањето на обврската од член 15 став 1 од Законот за медиуми за обезбедување јавност во работењето, а нивната веродостојност е потврдена преку увид во завршните сметки на радиодифузерите, издадени од Централниот регистар на РСМ. Клучните наоди од Анализата беа презентирани на третиот јавен состанок на Агенцијата во 2025 година, кој беше одржан во септември.

**Структура на вработените во аудио и аудиовизуелната медиумска индустрија во 2024 година**[16]

Во јуни Агенцијата ја изработи анализата „Структура на вработените во аудио и аудиовизуелната медиумска индустрија во 2024 година“, во која се претставени податоците за бројот и структурата на вработените во јавниот радиодифузен сервис (МРТ) и во комерцијалните радиодифузери, анализирани од аспект на работните места на кои се ангажирани, од аспект на нивниот статус (редовен работен однос или хонорарно ангажирани), како и од аспект на полот, степенот на завршено образование и етничката припадност.

---

[14] Достапна на: https://avmu.mk/wp-content/uploads/2025/05/Мерки-за-поддршка-на-регионалните-и-локалните-радиодифузери.pdf

[15] Достапна на: https://avmu.mk/wp-content/uploads/2025/09/Анализа-на-пазарот-на-аудио-и-аудиовизуелни-медиумски-услуги-за-2024-година-1.pdf

[16] Достапна на: https://avmu.mk/wp-content/uploads/2025/06/Структура-на-вработените-во-аудио-и-аудиовизуелната-медиумска-индустрија-во-2024-година.pdf

**Студија за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радио на локално ниво, на подрачјето на општина Прилеп[17]**

Во согласност со своите законски надлежности, а врз основа на барање доставено од заинтересирана страна, Агенцијата во април изработи студија која имаше за цел да утврди дали постои оправданост за доделување дозвола за радиоемитување на подрачјето на Прилеп. За попрецизно да ја утврди оправданоста за отворање нова радиостаница, во студијата е направена анализа на програмската понуда на постојните радиостаници во ова подрачје, нивните економски перформанси, како и пазарниот потенцијал, односно потенцијалната публика и потенцијалните огласувачи во Прилеп. Студијата покажа дека постои оправданост за објавување јавен конкурс, и тоа за програмски сервис музичко радио од специјализиран формат кај кое емитуваната музика е доминантно забавна, а јазикот на емитување на програмскиот сервис е македонски и српски.

**Студија за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радио на локално ниво, на подрачјето на општина Струга[18]**

По доставено барање од заинтересирана страна за добивање дозвола за говорно-музичко радио со претежно информативен општ формат на подрачјето на општина Струга, Агенцијата во април изработи студија за да ја утврди оправданоста за објавување јавен конкурс за ваква радиостаница. Со цел објективно согледување на состојбите на пазарот на наведеното подрачје, за изработка на студијата беа користени релевантни податоци врз основа на кои беа анализирани програмската понуда и пазарните услови во Струга. Имајќи предвид дека над половина од жителите во оваа општина се од албанска етничка припадност, а тогаш единствената радиостаница на ова подрачје емитуваше програма на македонски јазик, како и фактот дека Струга е општина со значаен потенцијал на пазарот, со студијата се утврди дека постои оправданост за објавување јавен конкурс за локално говорно-музичко радио со претежно информативен општ формат, кое говорниот дел од програмата ќе го емитува на албански и македонски јазик.

**Студија за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радио на локално ниво, на подрачјето на општина Штип[19]**

Агенцијата во април изработи и студија за локално радио во Штип – исто така по барање од заинтересирана страна. За да одговори на целта заради која се изработува, во оваа студија беше анализирана актуелната состојба на радискиот пазар во Штип, односно постојната програмска понуда, економските перформанси, потенцијалните огласувачи и потенцијалната публика. Студијата покажа дека постои оправданост за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радиоемитување на локално ниво на подрачјето на

[17] Достапна на: https://avmu.mk/wp-content/uploads/2025/04/Студија-за-утврдување-на-оправданоста-за-објавување-јавен-конкурс-за-радио-во-Прилеп-1.pdf

[18] Достапна на: https://avmu.mk/wp-content/uploads/2025/04/Студија-за-утврдување-на-оправданоста-за-објавување-јавен-конкурс-за-радио-во-Струга.pdf

[19] Достапна на: https://avmu.mk/wp-content/uploads/2025/04/Студија-за-утврдување-на-оправданоста-за-објавување-јавен-конкурс-за-радио-во-Штип.pdf

општина Штип, и тоа за програмски сервис музичко радио од специјализиран формат, на македонски јазик, во кое емитуваната музика е доминантно популарна.

**Анализа на медиумскиот пазар во Македонија (структурни карактеристики и економски перформанси)**

Во 2025 година, за да обезбеди сеопфатни и прецизни сознанија за обемот и карактеристиките на пазарот на медиуми во Македонија, Агенцијата почна со изработка на Анализа на медиумскиот пазар во Македонија (структурни карактеристики, економска одржливост и развојни можности). Фокус на оваа анализа се четири медиумски сектори: печатени медиуми, онлајн медиуми – интернет-портали, телевизии и радиостаници, а се разгледуваат структурните карактеристики на пазарот; бариерите за влез и степенот на регулација по сектори; бројот на субјекти во секој од медиумските сектори; и приходите, структурата на приходите, трошоците и резултатите од работењето во 2024 година. Анализата беше финализирана во 2026 година и објавена на веб-страницата на Агенцијата.

**Истражување на мислењето и ставовите на јавноста во врска со медиумите**[20]

Во втората половина од годината Агенцијата го конципираше истражувањето на јавното мислење, чија цел беше да се обезбеди подобро запознавање со ставовите и очекувањата на граѓаните, навиките и преференците во користењето на медиумите, како и со тоа кои видови медиумски содржини недостигаат или бараат подобрување на квалитетот, што ќе претставува значајна основа за креирање политики и мерки за унапредување на квалитетот и разновидноста на медиумските содржини. Агенцијата утврди дека истражувањето треба да се реализира врз статистички репрезентативен примерок од најмалку 1 000 испитаници, со користење на истражувачкиот инструмент полуструктуиран прашалник, за интервју лице-лице, и дека треба да обезбеди податоци најмалку за: технологијата и навиките на граѓаните во нејзиното користење; изворите од кои граѓаните се информираат и довербата во медиумите; степенот на задоволство од постојната телевизиска понуда; степенот на задоволство од постојната радиопонуда; ставови на граѓаните за новите даватели на медиумски содржини (инфлуенсери/влогери/креатори на содржини). Претставници на Агенцијата учествуваа и во финализирањето на прашалникот кое беше направено врз основа на наодите од спроведеното пилот-истражување. Теренското истражување беше спроведено во периодот од 27 декември 2025 до 25 јануари 2026 година, а конечниот извештај беше доставен во Агенцијата во март 2026 година.

## ДРУГИ АКТИВНОСТИ НА АГЕНЦИЈАТА

### Донесени и изменети интерни и општи акти на Агенцијата

Агенцијата во извештајната година ги донесе/измени следните акти:

- Деловник за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги;
- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за бруто плата и други надоместоци на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги;

[20] Достапно на: Извештај од спроведено истражување на јавното мислење

- Правилник за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност, заштита и безбедност на обработката на личните податоци во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги;
- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на вршење видеонадзор во објектот каде што е сместено седиштето на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги;
- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за определување на траењето на годишниот одмор на вработените во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги;
- Правилник за изменување на Правилникот за начинот на користење, управување и одржување на службените возила на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги;
- Упатство за изменување и дополнување на Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка;
- Методологија за процена на ризик;
- Политика за приватност;
- Политика за заштита на лични податоци на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги;
- Годишен план за спречување корупција на Агенцијата за 2026 година;
- Годишен план за проценка на ризици од корупција на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2026 година.

**Постапување по барањата што произлегуваат од Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер и ажурирање на листата со информации од јавен карактер**

До Агенцијата, како имател на информации од јавен карактер, во текот на 2025 година беа поднесени, односно до неа беа препратени вкупно три барања за информации од јавен карактер. Агенцијата за едно барање овозможи целосен пристап до бараните информации, за едно барање изврши препраќање до надлежен орган на постапување, додека во еден случај препратениот дел од барањето беше вратен до испраќачот бидејќи Агенцијата не располагаше со бараната информација.

Станува збор за следните барања:

- **Во јануари**, од страна на Владата на РС Македонија – Генерален секретаријат, до Агенцијата беше препратен дел од барање за пристап до информации од јавен карактер (поднесено до нив во октомври 2024 година). Со оглед на тоа што Агенцијата утврди дека не располага со бараните информации, предметниот дел од барањето беше вратен до Генералниот секретаријат;

- **Во септември**, од страна на проф. д-р Димитар Апасиев, до Агенцијата беше поднесено барање за слободен пристап до информација од јавен карактер, со кое беа побарани податоци за тоа колку средства ѝ следуваат на политичката партија Левица за платено политичко рекламирање (ППР) на телевизии, печатени медиуми и портали за претстојните Локални избори. Агенцијата утврди дека не ја создала и не располага со бараната информација, поради што согласно член 18 од Законот, во законски утврдениот рок го препрати барањето до Државната изборна комисија како надлежен имател на информацијата и за тоа писмено го извести барателот;

- **Во декември**, од страна на физичкото лице Јоана Тренеска беше поднесено барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, кое се однесуваше на прашањето кога ќе бидат објавени извештаите за платеното политичко рекламирање и извештајот од медиумското претставување во

вториот круг од Локалните избори 2025 година. Агенцијата утврди дека располага со бараната информација и овозможи целосен пристап до истата.

Подетални податоци во врска со поднесените барања и одговорите на барањата се достапни на веб-страницата на Агенцијата, на следниот линк: Барања и одговори - АВМУ.

## Соработка со други институции

### Министерство за надворешни работи и надворешна трговија

Агенцијата во три наврати соработуваше со Министерството за надворешни работи и надворешна трговија. Најпрвин беше испратено Мислење во врска со Информацијата за Шестиот извештај на Владата на Република Северна Македонија по Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства, потоа вработени во Агенцијата беа номинирани за претставници на регулаторното тело во две работни групи во рамките на иницијативата „Партнерство за информации и демократија“ од кои едниот, подоцна, учествуваше на онлајн состанокот „Партнерство за информациско и демократско зајакнување на интегритетот на платформите за споделување пораки“, со кој ко-претседаваа Луксембург и Украина.

### Министерството за социјална политика, демографија и млади

Соработката со Министерството за социјална политика, демографија и млади во 2025 година се фокусираше на две теми – родовата еднаквост и младите. Детални информации за активностите поврзани со родовите прашања се дадени во делот од овој извештај посветен на Родот и радиодифузијата.

Комуникацијата во врска со Акцискиот план 2023-2025 година за имплементација на Националната стратегија за млади 2023-2027 година се одвиваше во неколку фази. На првото Барање од Министерството за мислење околу содржината на Акцискиот план беше утврдено дека Агенцијата воопшто не била ниту консултирана ниту известена за носењето на овој Акциски план, како ни за трите активности кај кои АВМУ беше посочена како одговорна и водечка институција. За ова беше известено Министерството, но при следната комуникација - барањето Агенцијата да одговори на прашалникот за степенот на спроведување на Акцискиот план за млади 2023 – 2025, беше утврдено дека претходните информации од Агенцијата не биле земени предвид. Затоа, и во овој случај, Агенцијата укажа дека, иако беше активна во процесот на изготвување на Националната стратегија за млади 2023-2027, не беше консултирана ниту известена за подготовката на Акцискиот план, поради што нејзината улога и надлежности беа несоодветно дефинирани, а предвидените активности неспроведливи. Истовремено, беше потсетено кои активности на тема млади и медиуми Агенцијата ги имаше преземено самоиницијативно, во рамките на своите надлежности. На крајот од годината, при повикот за расправа за втората нацрт-верзија на Акцискиот план 2026-2027 за Националната стратегија за млади 2023-2027, беше констатирано дека претходните писмени сугестии се целосно инкорпорирани во текстот.

Во поглед на следењето на состојбата со вклученоста на младите во општеството, Агенцијата учествуваше на настанот „Млади, медиуми и ЕУ-интеграции“ на покана од Младински сојуз – Крушево. Настанот претставуваше платформа за презентирање на клучните резултати од Анализата за вклученоста на младите во ЕУ-интегративниот процес, нивните перцепции, интереси, нивото на информираност и опфатеност со европските политики. Покрај презентирањето на резултатите, беа споделени и конкретни препораки креирани од младите, насочени кон подобрување на јавната комуникација за европскиот интегративен процес и јакнење на младинското учество.

**Други активности**

Дел од активностите во текот на годината се однесуваа на борбата против екстремизмот, како на пример учеството на експертската дебата: „Интернет-истраги на екстремизам и човекови права“ организирана од „Хоризон цивитас“ и Центарот за меѓународна правна соработка (Холандија), како и последователното доставување предлози/препораки за изготвување правна рамка за истражување терористички содржини, што ќе послужи во создавање на документот со заклучоци од настанот.

Исто така, претставнички на Агенцијата учествуваа на настанот „Унапредување на медиумската регулатива во Северна Македонија – Усогласување со нормите на ЕУ“, во организација на Фондацијата „Конрад Аденауер“ и Центарот за европски студии „Вилфред Мартенс“, и говореа за потребните измени во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, како и за доброволниот регистар на онлајн медиуми предвиден во измените на Законот за медиуми.

Претставници на Агенцијата учествуваа и на други настани:

- Конференцијата „Кликови, пари и влијание: улогите и одговорностите на онлајн медиумите во изборите“, организирана од Меѓународната фондација за изборни системи (ИФЕС) со поддршка од Амбасадата на Велика Британија, на која претставничка на Агенцијата беше панелистка на вториот ден од настанот и говореше за надгледувањето на платените политички реклами, институционалните улоги и променливите услови во динамичната дигитална ера.
- Конференцијата „Информирани гласачи: Стратегии за ефективна едукација и информирање“, во организација на ДИК, ДЗР, ИФЕС и ОБСЕ/ОДИХР, на која панелист беше директорот на Агенцијата.
- Научниот собир „Наративна стапица: откривање на штетните наративи кај политичарите и медиумите“, организиран од Институтот за комуникациски студии (ИКС).
- Конференцијата „Заеднички за вистина: Сеопфатен пристап на целото општество кон заштита на демократијата“, организирана од „Метаморфозис“ по повод Меѓународниот ден за проверка на факти, на која панелистка беше претставничка на Агенцијата.
- Дискусијата „Гордиевиот јазол на штетните наративи во политиката и во медиумите“ во организација на ИКС.
- Работната средба за импликациите од примената на Законот за дигитални услуги на ЕУ (DSA), организирана од Фондацијата „Метаморфозис“.
- Работилницата „Дигитални платформи и управување со онлајн медиуми во Северна Македонија“, организирана од Фондација „Метаморфозис“ и „Партнери Србија“.
- Работни средби на меѓуинституционалната координативна група за странско мешање и манипулирање со информации (СММИ), иницирана од Институтот за комуникациски студии. Во рамките на оваа активност беа спроведени длабински интервјуа и беа презентирани добиените резултати. Како дел од подготовката на документ за јавна политика за предизвиците и можностите за подобрување на меѓуинституционалната поврзаност и координација за да се обезбеди посистематски одговор на странско мешање и манипулирање со информации беше спроведено и истражување преку фокусна група, во која покрај АВМУ учествуваа претставници на Министерството за дигитална трансформација, Министерството за јавна администрација, МКД-ЦИРТ и ДИК.

# МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

**Учество во работата на асоцијациите на регулаторните тела од аудиовизуелната област: Европска платформа на регулаторни тела (EPRA), Медитеранска мрежа на регулаторни тела (MNRA), Група на европски регулатори за аудиовизуелни медиумски услуги (ERGA)/ Европски одбор за медиумски услуги, на настани од меѓународен карактер релевантни за аудиовизуелната област, остварување соработка и билатерални односи со регулаторни тела во Европа, особено со регулаторните тела од регионот**

## Европски одбор за медиумски услуги

На 27 јануари претставник на Агенцијата онлајн учествуваше на вонредниот пленарен состанок на Групата на европски регулатори за аудиовизуелни медиумски услуги (ERGA). На состанокот беа усвоени некои од извештаите на подгрупите што се подготвуваа во текот на 2024 година, се дискутираше за деловникот на работа на новото тело на регулатори во кое треба да се трансформира ERGA согласно усвоениот Европски акт за слобода на медиумите и за програмите за работа на подгрупите во 2025 година, а беа разгледани и информациите поврзани со промената на политиката на Мета во однос на проверувачите на факти од аспект на можното влијание на европскиот пазар.

На 11 април претставници на Агенцијата учествуваа на онлајн пленарниот состанок на новиот Европски борд за медиумски услуги (Медиумски одбор) на медиумски регулатори од ЕУ, кој ја замени претходната Група на европски регулатори за аудиовизуелни медиумски услуги платформа на европски регулатори (ERGA).

На 5 јуни претставник на Агенцијата онлајн учествуваше на состанокот на Контакт-мрежата на Медиумскиот борд што се одржа во Брисел. Состанокот беше во функција на подготовка на пленарниот состанок на Одборот, планиран за 30 јуни, и на него беа разгледани нацрт-извештаите и другите документи од работата на подгрупите.

На 30 јуни претставник на Агенцијата онлајн учествуваше на дел од пленарниот состанок на Медиумскиот одбор што се одржа во Брисел.

На 20 ноември претставник на Агенцијата учествуваше на Третиот состанок на Контакт-мрежата на Медиумскиот одбор, кој се одржа во Брисел, во просториите на Европската комисија. Состанокот беше посветен на тековните активности и работни групи на Медиумскиот одбор во контекст на примената на Европскиот акт за слобода на медиумите и Директивата за аудиовизуелни медиумски услуги. Во рамките на работната програма се дискутираше за новините во европските политики за медиуми, за заштитата на малолетниците, регулирањето на инфлуенсерите, пазарниот плурализам, мерењето на публиката, интегритетот на информативниот простор, медиумската писменост и механизмите за меѓуинституционална соработка. Беа презентирани нацрт-извештаите на работните групи, задачите на регулаторите што произлегуваат од Европскиот акт за слобода на медиумите и подготовките за Пленарниот состанок во декември 2025 година.

На 9 и 10 декември претставник на Агенцијата онлајн учествуваше на работилница и на пленарен состанок на Медиумскиот одбор во Барселона, Шпанија, во пресрет на Пленарниот состанок.

## ЕПРА

Претставници на Агенцијата учествуваа на пролетниот и на есенскиот состанок на ЕПРА.

Од 14 до 16 мај претставници на Агенцијата учествуваа на 61. состанок на Европската платформа на регулаторни тела (ЕПРА), кој се одржа во Кишињев, Република Молдавија. На состанокот се дискутираше за клучните новини во медиумската регулација, со посебен акцент на заштитата на децата на интернет, како и на унапредување на работењето и постапувањето на регулаторните тела врз основа на докази.

На 23 и 24 октомври претставници на Агенцијата учествуваа на 62. средба на Европската платформа на регулаторни тела (ЕПРА), која се одржа во Ереван, Ерменија. На овој состанок беа презентирани состојбите во рамките на медиумската сопственост и главните наоди од иницијативата Монитор за сопственост на медиуми (Media Ownership Monitor). Првата сесија од состанокот беше посветена на медиумскиот плурализам во дигиталната ера, на која учесниците дискутираа за комплексноста на плурализмот, влијанието на управувањето со платформите и вештачката интелигенција, како и ризиците поврзани со алгоритамската пристрасност и транспарентноста. Втората тематска сесија се фокусираше на процесите на стратешко планирање и спроведување политики во контекст на брзото променливо медиумско опкружување, со размена на најдобри практики од различни регулаторни тела.

На 7 март Агенцијата достави одговор на бараното мислење од ЕПРА за улогата и работата на Управниот комитет за медиуми и информатичко општество (Steering Committee on Media and Information Society – CDMSI), тело во кое експерти од земјите членки ги подготвуваат процесите на носење одлуки на Советот на Европа кои се однесуваат на медиумите и слободата на изразување.

Претставничка на Агенцијата во текот на годината учествуваше на трите состаноци на Мрежата за медиумска писменост на ЕПРА – ЕМИЛ (10 јануари, 7 март и 5 декември), на кои беа разменети информации и искуства од проектите и активностите на членките.

Во текот на годината Агенцијата одговори на шест прашалници кои беа поставени на страницата на ЕПРА. Два од нив се однесуваа на темите за пленарните сесии на платформата – „Регулација заснована на докази“, за пролетниот состанок и „Како да се поставаат стратегии во динамична средина и како да се имплементираат?, за есенскиот состанок на ЕПРА. Во текот на годината беа одговорени и неколку прашалници поставени од регулатори - „Разбирање на улогата на другите национални регулаторни тела во унапредување и заштита на медиумскиот плурализам во нивната земја“ од ирскиот регулатор, „Опсегот на правилата за пласирање“ од францускиот регулатор, „Телевизиските канали кои исклучиво се посветени на рекламирање“ од црногорскиот регулатор за медиуми, како и прашалникот на малтешкиот регулатор кој се однесуваше на  дистрибуцијата на телевизиските сервиси.

**МНРА**

Од 1 до 3 октомври во Приштина, Косово, се одржа 24. Пленарен состанок на МНРА, на кој учествуваа претставници на Агенцијата. Главни теми на конференцијата беа заштитата на малолетниците во онлајн просторот, зеленото новинарство, медиумската писменост и родовата еднаквост во медиумите, како и борбата со говорот на омраза и манипулацијата со информации.

**Други меѓународни активности**

На 8 јануари претставници на Агенцијата имаа онлајн состанок со претставници на регулаторот од Латвија, на кој се разговараше за мониторингот за време на избори, а беа презентирани и алатките за мониторинг што ги користи овој регулатор.

На 5 февруари претставник на Агенцијата учествуваше на панел-дискусијата „Етичко известување и отпорност кон информациски манипулации“, што Министерството за европски прашања ја организираше во Скопје во рамки на пилот-проектот „Дијалог меѓу граѓанското општество од Северна Македонија и Бугарија“, финансиран од Делегацијата на ЕУ во Скопје.

На 6 и 7 февруари претставници на Агенцијата беа во дводневна посета на Независната комисија за медиуми на Република Косово во Приштина. За време на билатералниот состанок беа разменети искуства и добри практики во областа на медиумската регулација, особено во контекст на изборните процеси. Посебен фокус беше ставен на правната рамка и улогата на регулаторот за време на изборни процеси, начинот на реализација на мониторингот на медиумските содржини во период на изборни процеси – изборната регулатива, техничките и човечките ресурси неопходни за спроведување на активностите поврзани со мониторингот, како и најчестите прекршувања на одредбите на изборната регулатива кои ги имаат констатирано двата регулатора. Во рамки на состаноците беше претставен и косовскиот систем за мониторинг на програмските содржини емитувани на радијата и телевизиите и за прием на сигналите на операторите кои реемитуваат програмски сервиси.

На 20 март претставници на Агенцијата одржаа работен состанок со амбасадорот на Република Франција Н.Е. г. Кристоф Ле Риголер. Во текот на средбата стана збор за работата на регулаторот и предизвиците со кои тој се соочува, за имплементацијата на македонската легислатива која е усогласена со Директивата за аудиовизуелни медиумски услуги на Европската Унија и потребата од нејзиното понатамошно усогласување со европските акти и стандарди, како и за Изборниот законик во делот за медиумите и за мониторингот на медиумското претставување на изборите.

На 4 јуни претставник на Агенцијата присуствуваше на конференцијата на тема „Претстојната ревизија на Директивата за аудиовизуелни медиумски услуги (AVMSD): Сè се сведува на дефиниција!“, што се одржа во Виена, Австрија. На конференцијата се одржаа две панел-дискусии. Темата на првата дискусија беше „Кои правила важат за кого?“, а акцентот беше ставен на сложеноста и неопходноста од правна прецизност во дефинирањето на медиумските услуги. Втората панел-дискусија беше на тема „(Како) треба да се развива регулацијата на рекламирањето во ерата на инфлуенсерите?“ и истата се фокусираше на сè поголемото влијание на инфлуенсерите.

На 2 октомври претставник на Агенцијата учествуваше на Седмиот самит за дигитална трансформација на Западен Балкан во Скопје, кој заеднички го организираа Владата на РСМ и Советот за регионална соработка. Настанот ја истакна посветеноста на регионалната дигитална трансформација, европската интеграција и развојот на дигитални услуги и вештини.

На 27 октомври повторно беше остварена работна средба со амбасадорот на Република Франција, Н.Е. г. Кристоф Ле Риголер, во просториите на Агенцијата. Средбата беше посветена на прашања од медиумската регулација, со акцент на можностите за зголемено присуство на француски аудиовизуелни содржини што се реемитуваат во земјава. Разговорот опфати и теми поврзани со усогласувањето на националното законодавство со европската правна рамка, особено во делот на Актот за дигитални услуги, како и потребата од измени и дополнувања на Изборниот законик во насока на надминување на постојните слабости во изборниот и медиумскиот систем.

На 6 ноември претставник на Агенцијата учествуваше на онлајн состанокот „Партнерство за информациско и демократско зајакнување на интегритетот на платформите за споделување пораки“, со кој ко-претседаваа Луксембург и Украина.

На 16 декември претставник на Агенцијата учествуваше на координативен состанок со претставници на „АЦТ“ ДОО и пет регулаторни тела од регионот во врска со активностите од проектот финансиран од ЕУ за „Градење доверба во медиумите во Југоисточна Европа: Поддршка за новинарството како јавно добро“.

**Соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје, претставникот за слобода на медиумите на ОБСЕ, со ОБСЕ/ОДИХР и со други меѓународни тела чијашто активност е поврзана со слободата на медиумите и со следењето на медиумското претставување за време на изборна кампања**

На 5 февруари беше одржан работен состанок за процесот на подготовка на техничката спецификација за јавна набавка за изработка на софтверска апликација за мониторинг на платено политичко рекламирање, финансирана од ИФЕС. Спецификацијата беше финализирана во април, по што следеа уште неколку работни средби со претставници од ИФЕС и економскиот оператор задолжен за изработка на апликацијата на кои се разгледуваше и дискутираше процесот за изработка на софтверското решение, чија цел е обезбедување транспарентност, ефективно следење и отчетност на политичкото рекламирање во медиумите. Беа разменети технички и оперативни детали за развојот, имплементацијата и натамошната соработка.

Со ИФЕС беше остварена соработка и беа реализирани неколку средби и во врска со истражувањата што Агенцијата планираше да ги реализира како дополнителна активност на обврските утврдени во Изборниот законик. Имено, стана збор за пилот-мониторинг на објавите на инфлуенсерите за време на Локалните избори 2025. Користењето и на оваа софтверска алатка финансиски ја овозможи ИФЕС. По обуката на вработените и проверката на примерокот, на 29 септември почна собирањето податоци преку софтверот за пилот-мониторинг на објавите на инфлуенсерите за време на Локалните избори 2025.

На 4 и 5 март повеќе претставници на Агенцијата учествуваа на конференција на тема: „Кликови, пари и влијание: улогите и одговорностите на онлајн медиумите во изборите“, како дел од проектот „Пари, медиуми и избори во Северна Македонија“, во организација на ИФЕС, а финансиран од Владата на Велика Британија, со поддршка на Амбасадата на Велика Британија во Скопје. На 4 март претставник на Агенцијата имаше излагање на сесијата „Одбројување до изборите во Северна Македонија: Како да се зајакнат транспарентноста и надзорот на платеното политичко рекламирање за време на медиумската кампања вклучувајќи ги и онлајн порталите?. На вториот ден од настанот панелистка од Агенцијата говореше за надгледувањето на платените политички реклами, институционалните улоги и променливите услови во динамичната дигитална ера.

На 11 и 12 март претставници на Агенцијата учествуваа на работилницата „Поуки од романските избори во 2024 година: Зајакнување на изборниот интегритет на Западен Балкан“, организирана од Канцеларијата на ОБСЕ за демократски институции и човекови права (ОДИХР) и Меѓународната фондација за изборен систем (ИФЕС), во рамки на проектот „Поддршка на изборните реформи во Западен Балкан“. Работилницата имаше цел да го трансформира кризниот момент во можност за учење, соработка и реформи и да осигура транспарентност, ефикасност и отпорност на изборните процеси на манипулации во Западен Балкан. Главен фокус беше ставен врз социјалните мрежи, (онлајн) кампањата и нејзиното финансирање, како и предизвиците поврзани со медиумите.

На 17 јуни претставник на Агенцијата учествуваше на Меѓународната конференција „Информирани граѓани: Стратегии за ефективна едукација и информирање на гласачите.“, организирана од ИФЕС. Тој во своето обраќање се осврна на важноста на информирањето и едукацијата како темел за градење доверба кај гласачите.

На 25 јуни претставници на Агенцијата одржаа работна средба со претставници на ОБСЕ/ОДИХР. Средбата се одржа во контекст на распоредување на мисијата на ОБСЕ/ОДИХР за набљудување на Локалните избори 2025 година. На состанокот се разговараше за работата на Агенцијата за време на изборите, вклучувајќи ја правната рамка за изборното медиумско претставување, како и начинот на кој се реализира мониторингот на радиодифузерите во овој период.

На 15 јули претставници на Агенцијата учествуваа на настанот „Финансиска отчетност на изборите", кој се одржа во хотелот „Холидеј ин" во Скопје. Во рамките на втората сесија, „Институционални дејствувања пред изборите во 2025 година", претставникот на Агенцијата се осврна на улогата на регулаторот во обезбедувањето фер и транспарентно медиумско претставување за време на изборните кампањи, како и на планираните активности и визија за надминување на предизвиците во 2025 година. Настанот, кој беше во организација на Државниот завод за ревизија, со поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје и Амбасадата на Швајцарија, обедини претставници од релевантни институции со цел размена на искуства и практики за зголемување на транспарентноста, отчетноста и довербата во изборниот процес.

На 19 август претставници на Агенцијата одржаа работна средба со вработена во Комитетот за човекови права при Обединетите нации, во врска со потенцијална соработка на активности поврзани со правата на лицата со сетилна попреченост, генерално, и за време на избори.

Претставници на Агенцијата, во периодот 16 – 17 септември, во Варшава, Полска, учествуваа на регионалната работилница „Заштита на изборниот интегритет во Западен Балкан: Зајакнување на надзорот и довербата", организирана од ОДИХР. Настанот опфати воведни излагања за институционални механизми и соработка, клучно предавање за довербата во демократијата и надзорните институции, како и сесии посветени на правни механизми за заштита, изборен надзор, медиуми и политичко огласување, вештачка интелигенција, финансирање кампањи и улогата на граѓанското општество. Меѓу другото, беа презентирани предизвици и добри практики во транспарентноста и координацијата меѓу институциите и справувањето со дезинформации.

На 22 септември, во просториите на АВМУ се одржа работен состанок меѓу претставници на Агенцијата и ОБСЕ/ОДИХР, со фокус на мониторингот на двете институции за време на Локалните избори 2025.

На 30 септември доставен е одговор до ОДИХР во врска со нивното прашање за доставената претставка до Агенцијата од страна на политичката партија Левица за Нацрт-упатството за радиодифузерите за Локалните избори 2025.

На 18 октомври претставник на Агенцијата учествуваше на состанок со делегацијата на Конгресот на локални и регионални власти на Советот на Европа, организиран во рамките на Мисијата за набљудување на Локалните избори 2025. Состанокот беше организиран во формат на панел-дискусија со претставници на медиумите во земјата и се фокусираше на медиумското покривање на изборната кампања, почитувањето на принципите на фер и избалансирано информирање, улогата на институциите со надлежности во медиумскиот надзор и искуствата со постапките по претставки. Дополнително, беа отворени прашања поврзани со состојбата на медиумите и слободата на изразување во Северна Македонија, при што беа презентирани надлежностите и активностите на Агенцијата во изборниот период.

На 27 октомври претставници на Агенцијата имаа работен состанок со аналитичарката за медиуми на ОБСЕ/ОДИХР, на кој разговараа за медиумското покривање на кампањата и за изборната медиумска регулатива.

**Соработка со Советот на Европа во активности насочени кон поттикнување слобода на изразување и слобода на медиуми и создавање поволно опкружување за медиумите**

Претставник на Агенцијата на 19 февруари учествуваше на третиот Управен одбор на проектот „Заштита на слободата на изразување и на слободата на медиумите во Северна Македонија (ПРОФРЕКС)“. На состанокот се разговараше за реализираните активности, но и за потребите на Агенцијата во следниот период.

Претставници на Агенцијата на 4 март учествуваа на онлајн состанокот на регионалната компонента ПРОФРЕКС. На состанокот се разговараше за идните активности во регионалната компонента на проектот, за можностите за одржување регионален состанок и учеството на Европски дијалог за управување со интернетот (EuroDIG), настан организиран од Советот на Европа и Луксембург.

На 10 март претставници на Агенцијата имаа работен состанокот со претставник на Канцеларијата на Советот на Европа во Скопје, на кој се разговараше за изготвување студија/анализа на тема мапирање на користењето вештачка интелигенција кај радиодифузерите, која ќе помогне да се разбере како медиумите ги користат новите технологии за подобрување на своето работење и прилагодување на современите трендови. Како дел од континуираната соработка со Советот на Европа во рамки на проектот ПРОФРЕКС, во 2025 година, експертките Марина Тунева и Снежана Трпевска, за потребите на Агенцијата, изработија студија за примената на вештачката интелигенција во работните процеси од страна на медиумите

На 27 март претставник на Агенцијата учествуваше на состанок на Управниот одбор на ПРОФРЕКС, на кој се разговараше за спроведените и за идните активности во рамки на проектот.

Претставници на Агенцијата, во периодот од 9 до 11 октомври, престојуваа во Атина каде што учествуваа на два меѓусебно поврзани настани организирани од Советот на Европа и SEEDIG во рамки на проектот ПРОФРЕКС. На регионалната размена за регулаторни пристапи кон штетна содржина на онлајн платформите беа дискутирани европските трендови, обврските од Актот за дигитални услуги, националните искуства на Грција, Италија и земјите од регионот, како и потребата од унифицирани индикатори, подобрена координација и зајакнување на капацитетите на медиумските регулатори. Во рамките на SEEDIG 10 беа обработени теми поврзани со дигиталната трансформација, управувањето со интернетот, примената на европската регулатива за вештачка интелигенција (AI Act), развојот на дигитални идентитети и борбата против дезинформациите и говорот на омраза. Преку учество во панелите, работилниците и експертските дискусии, претставниците на АВМУ стекнаа практични увиди за современите модели на корегулација и онлајн надзор, како и нови можности за регионална соработка.

На 20 ноември претставник на Агенцијата учествуваше на Третиот состанок на Управниот комитет на ПРОФРЕКС. На настанот беше разгледан напредокот во спроведувањето на активностите во областа на антидискриминација, борба против трговија со луѓе, економски криминал и перење пари, слобода на изразување. Во рамките на тематските сесии, институциите корисници на проектот ги презентираа клучните резултати, предизвици и следни чекори за усогласување со европските стандарди.

Претставник на Агенцијата на 27 ноември учествуваше на интервју во рамките на Евалуацијата на работата на Советот на Европа во областа на вештачката интелигенција, спроведена од Дирекцијата за внатрешна ревизија, евалуација и истраги (DIO). Разговорот беше фокусиран на соработката меѓу АВМУ и Советот на Европа во доменот на вештачката интелигенција, со посебен осврт на анализата „Вештачка интелигенција во медиумите во Северна Македонија“, нејзината примена и потенцијалните идни ефекти.

## ПРОЦЕС НА ЕВРОПСКА ИНТЕГРАЦИЈА

На почетокот од 2025 година заврши твининг-проектот „Зајакнување на капацитетите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на Јавниот радиодифузен сервис“. Како една од завршните активности беше организиран настан на тема: „Дезинформации: како да се препознаат и да се спречат“, на кој беше претставен „Прирачникот за препознавање дезинформации“ што го изработи Агенцијата со поддршка од експертот Томас Ратгеб, раководител на Одделението за медиумска писменост, програма и истражување при државниот Институт за комуникации во Баден-Вуртемберг. Потоа, проектот беше и административно заокружен со одржувањето на Осмиот состанок на Управувачкиот комитет за проектот, доставувањето придонес од лидерот на првата компонента на проектот до Резидентниот советник на проектот и другите задолжени за реализацијата на истиот и забелешки и дополнувања на Петтиот нацрт извештај за спроведувањето на овој ИПА проект.

На 23 јануари претставници на Агенцијата учествуваа на 20. состанок на Поткомитетот за иновации, информатичко општество и социјална политика, кој се одржа во хибриден формат. На состанокот, во делот за информатичко општество и медиуми се разговараше за измените на Законот за медиуми, финансирањето на АВМУ и јавниот сервис МРТ, како и за изборот на членови на Советот на Агенцијата и на Програмскиот совет на МРТ.

Претставници на Агенцијата на 30 јануари учествуваа на последниот Управен одбор на твининг-проектот финансиран од Европската Унија „Зајакнување на капацитетите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на Јавниот радиодифузен сервис“, на кој се разговараше за реализираните активности, како и за изготвувањето на финалниот извештај од проектот.

На 13 и 14 март претставници на Агенцијата во Брисел, Кралство Белгија, учествуваа на 19-иот состанок на Поткомитетот за правда, слобода и безбедност и на билатералниот состанок за Извештајот за владеење на правото. На Поткомитетот, во делот на фундаменталните права, слобода на изразување и слобода на медиумите, претставниците на Европската комисија бараа информации за измените на Законот за медиуми, финансирањето на регулаторот за медиуми и Јавниот сервис, условите и постапката за избор на членови на Советот на Агенцијата и на програмскиот Совет на МРТ, државното рекламирање, транспарентноста на сопственоста на медиумите, вклучувајќи ги и онлајн медиумите и медиумската концентрација.

Во април Агенцијата ги поддржа Институтот за комуникациски студии, Фондацијата „Метаморфозис“, Паблик/„Лице в лице“ и ЕРА - ЛГБТИ асоцијацијата за Западен Балкан и Турција при конкурирањето на повикот на Извршната агенција за образование и култура на Европа, за проекти во рамки на програмата „Граѓани, еднаквост, права и вредности“ (CERV) 2025.

На 9 април се доставени забелешки и дополнувања на Петтиот нацрт извештај за спроведувањето на ИПА твининг-проектот.

На 24 април претставник на Агенцијата учествуваше на работилница во Министерството за европски прашања за финализирање на Патоказот за владеењето на правото за делот Функционирање на демократски институции.

Од 12 до 14 мај, на покана на Советот на Европа, претставник на Агенцијата учествуваше на EuroDIG2025 (Европски дијалог за интернет-управување), кој претставува европски форум кој служи како платформа за отворена дебата и формирање политики поврзани со интернетот и дигиталните технологии. Настанот се одржа во Стразбур, Франција.

На 13 мај претставник на Агенцијата имаше состанок со претставник од организацијата МЕМО 98, која работи на регионален пилот-проект поддржан од УНЕСКО насочен кон подобрување на известувањето на

медиумите во МК и Црна Гора за климатските промени и намалувањето на ризикот од катастрофи (DRR), со користење дигитални алатки и технологии засновани на вештачка интелигенција.

На 21 мај претставници на Агенцијата имаа состанок со регионалниот координатор на проекти во Секторот за комуникации и информации во Регионално биро на УНЕСКО за наука и култура во Европа.

На 5 јуни претставник на Агенцијата онлајн учествуваше на состанокот на Контакт-мрежата на Медиумскиот одбор, кој се одржа во Брисел. Состанокот беше во функција на подготовка на пленарниот состанок на Одборот планиран за 30 јуни и на него беа разгледани нацрт-извештаите и другите документи од работата на подгрупите.

На 10 јуни претставници на Агенцијата имаа состанок со претставници од Институтот за комуникациски студии и од Европскиот универзитетски институт во Фиренца, Италија, на кој се разговараше за можна соработка.

На 20 јуни претставник на Агенцијата учествуваше на работилницата за дигиталните платформи и управување со онлајн медиумите во С Македонија, во организација на УНЕСКО, по повод Меѓународниот ден за борба против говорот на омраза.

На 30 јуни претставник на Агенцијата онлајн учествуваше на дел од пленарниот состанок на Медиумскиот одбор што се одржа во Брисел.

Претставник на Агенцијата, на 30 јуни и 1 јули во Женева, учествуваше на интерактивниот дијалог со Комитетот за човекови права на Обединетите нации, како дел од делегацијата на РСМ при разгледувањето на Четвртиот периодичен извештај за спроведувањето на Меѓународниот пакт за граѓански и политички права. Комитетот даде пофалби, но и постави прашања за дискриминација, родова еднаквост, права на Роми и деца, трговија со луѓе, независност на судството, верски слободи и слобода на изразување, вклучително и независноста на Советот на АВМУ. Претставникот на Агенцијата информираше дека Советот е именуван на 24 јуни 2025 година од страна на Собранието на РСМ, со почитување на родова и етничка застапеност и законски критериуми, а независноста на Агенцијата е обезбедена преку стручноста на службата и законските механизми.

На 1 јули претставници на Агенцијата имаа состанок со претставници на „Експертајз Франс“ (Expertise France), француска агенција за техничка соработка и експертиза. Состанокот се одржа во рамки на посетата организирана од Министерството за европски прашања, со цел размена на информации за актуелните проекти во областа на јавната администрација, дигитализацијата, правосудството и борбата со корупцијата, како и разгледување можности за идна соработка и користење на францускотo експертско искуство во овие области.

На 29 јули Агенцијата достави до Министерството за надворешни работи и надворешна трговија одговор на барање/мислење за заклучоците од Интерактивниот дијалог на РСМ со Комитетот за човекови права за време на неговата 144. сесија, а во однос на Четвртиот периодичен извештај по Меѓународниот пакт за граѓански и политички права на ОН.

Претставници на Агенцијата, на 31 јули, во просториите на Министерството за европски прашања присуствуваа на онлајн состанокот со претставници на Европската комисија во врска со нивните коментари на Патоказот за владеење на правото (Поглавје 23). На состанокот беше дискутирано за промените кои треба да се направат во овој патоказ. Неколку дена подоцна, до Министерството за правда и Министерството за европски прашања беа испратени измените и коментарите од страна на Агенцијата.

На 11 септември претставник на Агенцијата учествуваше на онлајн состанокот на групата за Патоказот за функционирање на демократските институции со претставници на Европската комисија. На состанокот беше дискутирано кои обврски се веќе завршени и треба да се заменат со нови, а кои треба да се допрецизираат. Наредните денови, до Министерството за европски прашања беа испратени измените, дополнувањата и

коментарите од Агенцијата. На измените им претходеа консултации со Советот за етика во медиумите на Македонија, Здружението на новинари на Македонија и Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници во врска со мерките за поддршка на саморегулацијата.

**Изготвување извештаи и информации релевантни за процесот на европска интеграција и учество во работните тела кои обезбедуваат дијалог со Европската комисија во аудиовизуелната област**

На 30 јануари Агенцијата достави до Министерството за правда одговори на прашалникот во рамките на процесот на собирање придонеси за 19-иот состанок на Поткомитетот за правда, слобода и безбедност. Агенцијата реферираше за своите финансиски, човечки и технички ресурси, клучните празнини и предизвици во обезбедувањето транспарентност на сопственоста на медиумите, правилата за медиумска концентрација, за препораките на ОДИХР за изборните кампањи и медиумите, вклучително и социјалните медиуми.

Агенцијата, во два наврати, односно во април и во август, достави до Министерството за правда и до Министерството за дигитална трансформација одговори на прашалниците за Поглавје 10 и Поглавје 23, како дел од придонесот кон годишниот Извештај на Европската комисија. Во одговорите во април Агенцијата извести за финансиската независност, односно за нејзиното финансирање, човечките и техничко-технолошките капацитети, за измените и дополнувањата на Правилникот за емитување европски аудиовизуелни дела и дела од независни продуценти, Правилникот за спонзорство, Правилникот за заштита на малолетните лица, како и за донесувањето на Правилникот за регистрирање на давателите на услуги платформа за споделување видеа. Регулаторот се осврна и на активностите поврзани со спроведувањето на Правилникот за пристапност до аудиовизуелни услуги, за анализите на родовите прашања, како и на Деновите на медиумската писменост и изготвениот Прирачник за препознавање дезинформации.

Во придонесот во август, во делот за Поглавје 10, беше известено за активностите поврзани со Локалните избори 2025 година, измените во упатствата за платено политичко рекламирање, мониторингот на националните телевизии, активирањето на Координативното тело за онлајн медиуми, усвојувањето правилници за онлајн медиуми – интернет-портали и инфлуенсери/влогери/креатори, активностите за медиумска писменост, како и за објавените анализи за структурата на вработените, економската одржливост на регионалните и локалните медиуми и транспарентноста на сопственоста на медиумите. Во делот за Поглавје 23 Агенцијата реферираше на спроведените надзори во мај и јуни за исполнување на обврските за пристапност на медиумските содржини согласно член 26 од ЗААВМУ и Правилникот за пристапност, како и за новата изработена анализа „Родот во медиумите во 2024“.

Агенцијата учествуваше и на претставувањето на публикациите „Извештај за Кластер 1–Темелни вредности, со фокус на владеењето на правото и слободата на изразување, медиумските права и слободи и безбедноста на новинарите и медиумските работници“ и документот за политики – „Одговорно користење на ВИ во новинарството“, во организација на Иницијатива за европска перспектива (ИЕП), во соработка со Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ).

# ТРАНСПАРЕНТНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО И КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТА

## Организирање јавни состаноци на Агенцијата

Агенцијата во 2025 година одржа четири јавни состаноци на кои беа презентирани активностите на регулаторот во секој квартал, спроведени согласно Годишната програма за работа на Агенцијата.

На 26 март Агенцијата го одржа првиот јавен состанок, на кој беше направен пресек на реализираните активности во првиот квартал.

На вториот јавен состанок, кој се одржа на 24 јуни, беа презентирани наодите од анализата „Родот во медиумите 2024: Родовите прашања и начинот на претставување на жените и мажите во ударното време на националните телевизии“, изработена за потребите на Агенцијата.

На третиот јавен состанок беа презентирани наодите од Анализата на пазарот на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2024 година, изработена од страна на Агенцијата.

Четвртиот јавен состанок се одржа на 23 декември 2025 година и на него беше направен пресек на реализираните активности во претходните три месеци. Беа презентирани активностите поврзани со мониторингот на изборното медиумско известување на радиодифузерите за Локалните избори 2025 година, активностите поврзани со Повторните избори за градоначалници на општините Гостивар, Маврово и Ростуше, Центар Жупа и Врапчиште во 2026 година, спроведените програмски и административни надзори врз радиодифузерите, операторите на јавни електронски комуникациски мрежи и издавачите на печатени медиуми и др.

## Комуникација со јавноста

На 13 февруари јавноста преку соопштение беше информирана за одбележувањето на Светскиот ден на радиото, кое минатата година се одржа под мотото „Радиото и климатските промени“. Во таа насока, Агенцијата ги извести сите радија во земјава дека УНЕСКО нуди можност за размена на искуства, материјали и идеи со радиостаници од други земји, како и бесплатни корисни ресурси меѓу кои аудио и визуелни спотови на темата „Радиото и климатските промени“, материјали поврзани со развојот на медиумите, медиумската и информациската писменост и безбедноста на новинарите; Водич за информирање за климатските промени и создавање приход и др. Агенцијата на сите радиостаници во земјава им го честиташе Светскиот ден на радиото и ги повика да дадат сопствен придонес во неговото одбележување.

Агенцијата на 16 март објави соопштение за јавноста во кое изрази длабоко жалење во врска со трагедијата во Кочани. Бидејќи стана збор за трагедија од големи размери во која има и човечки жртви, Агенцијата ги повика медиумите да бидат особено внимателни во известувањето, со цел да се почитува достоинството на жртвите и да не се предизвикува дополнителна болка на нивните семејства. Им напомена на медиумите, информациите што ќе бидат објавени да се точни и проверени, а доколку не можат да се потврдат или станува збор за претпоставка, тоа јасно да го кажат. Агенцијата посочи дека медиумите треба да ја прилагодат севкупната програма/објави и да емитуваат/објавуваат содржини соодветни за ваков настан.

Поради трагедијата во Кочани, на 16 март Владата на РСМ прогласи седумдневна жалост на територијата на целата држава и најави ригорозни мерки за оние кои нема да ја почитуваат одлуката. Агенцијата им укажа на медиумите да емитуваат/објавуваат содржини кои по својата медиумска функција одговараат на денови на жалост. За време на деновите на жалост радиодифузерите беа ослободени од обврската за емитување одреден процент домашна музика. Агенцијата ги повика медиумите да продолжат да известуваат професионално, да внимаваат на достоинството на жртвите, повредените и нивните семејства и при информирањето да користат проверени извори и релевантни соговорници.

На 19 март Агенцијата преку соопштение за јавност ги потсети медиумите, при информирањето за погребите на жртвите во трагичниот пожар во Кочани, да се придржуваат до највисоките професионални и етички стандарди. Таа им посочи дека известувањето треба да биде без сензационализам и задолжително да се почитуваат личната болка и жалост на семејствата, роднините и најблиските на загинатите, како и да се води сметка да не се придонесува за дополнително зголемување на вознемиреноста. Во оваа насока беа и барањата од жителите од Кочани, кои се обратија директно до Агенцијата, како и преку социјалните мрежи, со апел медиумските работници да се држат понастрана за време на погребите и да не снимаат со дронови. За време на деновите на жалост медиумите покажаа висок степен на професионалност. Имаше неколку случаи на емитување филмови и серии со забавна содржина, за што се доставени и претставки до Агенцијата.

На 19 март јавноста преку соопштение беше информирана дека Советот на Агенцијата, на 12-тата седницата одржана на 19 март, донесе одлука за доделување финансиска помош – донација за граѓаните настрадани во пожарот во Кочани, во вкупен износ од 1 500 000 денари.

На 20 март Агенцијата повторно ги повика медиумите да се придржуваат до највисоките професионални и етички стандарди при информирањето за погребите на жртвите во трагичниот пожар во Кочани. Во известувањето Агенцијата посочи дека медиумите не треба да објавуваат фотографии и видеа со гробни места, блиски членови на семејствата и треба да ги почитуваат приватните моменти за дополнително да не ја зголемуваат болката на ужалените.

На 21 март Агенцијата преку соопштение за јавност најостро ги осуди говорот на омраза и повиците за насилство кон медиумите и новинарите. Во соопштението беше посочено дека повиците за напади на медиумите и медиумските работници директно ја загрозуваат безбедноста на новинарите и претставуваат напад врз слободата на изразување.

Во контекст на глобалното одбележување на Светскиот ден на слободата на медиумите, кој беше посветен на длабокото влијание на вештачката интелигенција врз новинарството и медиумите, Агенцијата на 3 мај, преку соопштение за јавноста, потсети дека само професионални и независни медиуми можат да придонесат за одржлив општествен и демократски развој во ерата на брзи технолошки промени. Во соопштението беше посочено дека слобода на медиумите значи право на новинарите да истражуваат и информираат без какви било притисоци. Но, со развојот на вештачката интелигенција, оваа слобода добива ново значење и се соочува со нови предизвици. Вештачката интелигенција отвора нови можности за унапредување на истражувачкото новинарство, автоматизација на создавањето содржини и забрзана проверка на факти, но носи и значајни ризици во поглед на генерирање дезинформации, лажни вести и манипулативни видеа. Вештачката интелигенција претставува вреден ресурс во новинарската практика, но таа не смее да биде целосна замена за темелната проверка, критичкото размислување и објективноста. Во оваа нова реалност, од суштинско значење е медиумите внимателно и одговорно да ги користат овие алатки, придржувајќи се до највисоките етички и професионални стандарди во своето работење.

Агенцијата, на 30 јуни, преку соопштение за јавност ги осуди заканите упатени кон новинарот Драган Павловиќ Латас од страна на градоначалникот на Струмица на социјалната мрежа „Фејсбук“. Во соопштението беше посочено дека политичарите и носителите на јавни функции мора да бидат пример за достоинствена комуникација и да се воздржат од изјави што можат да поттикнат омраза во јавниот дискурс и да доведат до дела мотивирани од омраза. Агенцијата апелираше да се почитува слободата на медиумите и новинарите и, доколку политичарите и носителите на јавни функции имаат забелешки на медиумските содржини, да ги користат институционалните механизми за реакција.

На 3 јули Агенцијата преку соопштение за јавност информираше дека е конституиран новиот Совет на АВМУ, во кој членуваат: м-р Сашо Стефановски, м-р Зирјета Хајро-Јајага, м-р Гордана Мајнова, Петар Џуровски, Афрона Врзиволи, Цветанка Миновска и Виктор Павловски. Беше посочено дека на конститутивната седница, согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Деловникот за работа на Агенцијата, м-р Сашо Стефановски е избран за претседател на Советот, а м-р Зирјета Хајро-Јајага за заменик на претседателот на Советот.

На 9 јули најостро беше осуден физичкиот напад врз новинарската екипа на телевизија Алсат-М, која тој ден го документирала пожарот кај депонијата во Визбегово. Во соопштението беше посочено дека безбедноста на новинарите претставува суштински предуслов за професионално и независно информирање, што, пак, е темел на правото на граѓаните да бидат точно, навремено и објективно информирани. Неопходно е новинарите да имаат можност слободно и безбедно да ги извршуваат своите професионални обврски во интерес на јавноста. Насилството врз медиумските работници, во каква било форма, е апсолутно неприфатливо и мора да биде санкционирано.

На 9 август, преку соопштение за јавност беше информирано дека по распишување на локалните избори, закажани за 19 октомври 2025 година, почнува мониторингот на Агенцијата врз радиодифузерите за начинот на известување во периодот пред почнување на изборната кампања и за почитувањето на одредбите од Изборниот законик што се применуваат со распишување на изборите. Во соопштението беа посочени обврските на радиодифузерите во периодот до почетокот на изборната кампања, како и тоа дека на веб-страницата на Агенцијата е поставен банер со материјали поврзани со изборниот процес.

На 24 септември беше информирано дека е отворена Јавна консултација за Нацрт-упатството за радиодифузерите за Локалните избори 2025, кое Советот на Агенцијата го усвои на 11-тата седница, одржана истиот ден. Во соопштението беше посочено дека на изработката на документот претходеа повеќе консултации со институциите кои имаат надлежности поврзани со изборите – ДИК, ДКСК и Државниот завод за ревизија. За констатираните непрецизности во Изборниот законик кои влијаат на распределбата на времето за ППР кај радиодифузерите и за исплата на буџетските средства за ППР од страна на ДИК, четирите институции со заеднички допис го информираа и Собранието на РСМ. Во врска со јавната консултација, Агенцијата ги повика политичките партии, радиодифузерите и сите заинтересирани страни да учествуваат во јавната консултација и да дадат свои мислења и предлози.

Агенцијата на 7 октомври, преку соопштение за јавност, најостро го осуди вулгарниот и навредлив говор на главниот уредник на „burevesnik.info“ Зоран Божиновски на „Фејсбук“, упатен кон новинари и новинарки. Во соопштението беше посочено дека таквите објави, исполнети со навреди и клевети, ги нарушуваат етичките и професионалните стандарди, го поткопуваат достоинството на медиумските работници и создаваат непријателска средина, што може да доведе до заплашување и насилство. Агенцијата повика на одговорна и пристојна јавна комуникација и воздржување од говор на омраза.

На 8 октомври јавноста преку соопштение беше информирана дека Основниот граѓански суд Скопје, на 3 октомври 2025 година ја одби како неоснована тужбата на Левица против АВМУ за привремена мерка со

која ќе се забранат Упатството за радиодифузерите за Локалните избори 2025 и доставувањето извештаи за платено политичко рекламирање до Државната изборна комисија. Во соопштението беше посочено дека Упатството е донесено исклучиво согласно Изборниот законик, кој прецизно ја уредува распределбата на платеното политичко рекламирање, без можност Агенцијата да отстапува од законските рамки. Агенцијата потенцираше дека и покрај континуираните и неосновани напади од Левица, останува доследна на законското постапување.

На 11 декември, преку соопштение за јавност, беше осуден насилниот упад во редакцијата на интернет-порталот „Инфомакс", извршен од непознато лице за време на емитување на поткастот „Тешки муабети". Агенцијата потсети дека ваквите постапки претставуваат директен напад врз слободата на медиумите и правото на новинарите да ја извршуваат својата работа без притисоци и закани. Беше потенцирано дека насилството врз медиумските работници и упадите во редакции се апсолутно неприфатливи и бараат итна и соодветна реакција од надлежните органи, поради што се очекува во најкус можен рок да бидат преземени соодветни мерки за целосно расветлување на случајот. Обезбедувањето безбедна и стабилна работна средина за новинарите и медиумските работници претставува суштински предуслов за слободата на изразување и правото на информирање и сите релевантни институции треба да вложат максимални напори вакви и слични инциденти да бидат спречени во иднина.

На 26 декември Агенцијата, преку соопштение за јавност, изрази загриженост поради навредливиот, омаловажувачки и деградирачки говор во соопштенијата на политичката партија Социјалдемократски сојуз на Македонија, насочен кон новинарот Бранко Героски. Беше посочено дека користењето лични навреди, дисквалификации и етикетирања на новинари претставува форма на притисок која има обесхрабрувачки ефект врз слободното новинарство. Ваквиот начин на комуникација придонесува за продлабочување на поларизацијата во општеството, со што се поткопува демократијата и се врши индиректен притисок врз уредувачката независност. Во соопштението беше потенцирано дека Агенцијата во повеќе наврати апелираше до сите политички субјекти да покажат повисоко ниво на одговорност во јавниот дискурс, да се воздржат од навредлив и деградирачки говор кон медиумските работници и да ја почитуваат улогата на медиумите како еден од столбовите на демократијата.

Во неколку наврати, вработени во Агенцијата даваа изјави за медиуми на различни теми. На 13 февруари беше дадена изјава за ТВ Сител во врска со Светскиот ден на радиото. На 14 февруари една изјава беше дадена за емисијата „Само прашај" на МРТ, поврзана со медиумската писменост и користењето нови технологии, а втора за ТВ 24 Вести, во врска со регистрација на инфлуенсерите. На 11 март директорот на Агенцијата гостуваше во емисијата „360 степени" на МТВ, во врска со регулацијата на онлајн медиумите - интернет-порталите.

**Ажурирање на веб-страницата на Агенцијата www.avmu.mk на македонски, албански и англиски јазик**

Со цел редовно и навремено информирање на јавноста и сите заинтересирани страни за активностите на Агенцијата, веб-страницата постојано се ажурираше на три јазика: македонски, албански и англиски јазик. На веб-страницата www.avmu.mk беа објавувани информации за:

- седниците на Агенцијата: дневен ред и за објавениот дневен ред беа известувани сите радија и телевизии, дневни весници и портали; хроники од седници; записници од седници; одлуки, акти, информации усвоени на седниците на Агенцијата;
- изречените мерки јавна опомена на радиодифузерите и ОЈЕКМ;
- извештаите од извршените надзори врз печатените медиуми, телевизиите, радијата, операторите на јавни електронски комуникациски мрежи;

- ажурираните регистри на телевизиите, радијата, операторите на јавни електронски комуникациски мрежи, печатените медиуми, издавачите на онлајн медиуми – интернет-портали и на инфлуенсери/влогери/креатори на содржини;
- издадените потврди за регистрирање програмски сервиси и листата на дозволи (лиценци) за вршење радиодифузна дејност на странски радиодифузери кои се доставени до Агенцијата од страна на операторите на јавни електронски комуникациски мрежи;
- постапките за јавни набавки (кои се во тек и завршени постапки, склучените договори за јавна набавка);
- барањата и одговорите за информации од јавен карактер;
- поднесените претставки и нивен одговор;
- месечните гласила (newsletters) на Агенцијата за месеците од јануари до декември 2025 година, каде се опфатени сите поважни реализирани активности на Агенцијата на месечно ниво;
- соопштенијата за јавност;
- материјалите поврзани со изборите во посебно креираните банери за таа намена - банерите „Локални избори 2025" и „Локални избори 2026".

**Ажурирање на веб-страницата www.mediumskapismenost.mk**

На веб-страницата www.mediumskapismenost.mk е објавена информација во врска со завршниот настан на Твининг-проектот за зајакнување на капацитетите на АВМУ и МРТ, како и информација за изготвениот Прирачник за препознавање дезинформации, кој е достапен во форма на публикација на македонски, албански и англиски јазик.

Објавени се креативни решенија и текстови за најави на сите настани поврзани со ДМП 2025, кои се одржаа на различни локации низ државата, а некои од нив и онлајн, како и текстови за одржаните настани: отворањето на Деновите, работилницата за препознавање и справување со странско мешање и манипулирање со информации; работилницата „Европски мастер по справување со дезинформации"; работилницата „Интердемократија", наменета за ученици од средните училишта; настанот на ЗНМ за заштитата на новинарите како предуслов за поголема безбедност на медиумските работници; работилницата „Дали е трик или го заслужува мојот клик?"; промовираната компаративна анализа и препораки во борбата со SLAPP тужбите; панел-дискусијата и отворената седница на СЕММ; дебатата на ИКС „Младите во фокус: Странското мешање и манипулирање со информации"; и годишниот состанок на Мрежата за медиумска писменост 2025.

Беа објавени ТВ и радиоспотот изработени за потребите на ДМП и видеата - „Четири текста, четири света", „Новата училница" и „Цртани и критичко размислување".

**Ажурирање на веб-страницата www.rodotimediumite.mk**

На веб-страницата www.rodotimediumite.mk објавена е информација во врска со Предизвиците на родовата реалност – Зборник на анализи, приказни и одговори на дезинформации поврзани со родот, родовата еднаквост и родовата различност. Објавена е информација во врска со летната школа за родова еднаквост во Ресурсниот центар за родово одговорно креирање политики и буџетирање.

На веб-страницата беа објавени повеќе видеа на македонски, албански, ромски и турски јазик, кои Министерството за социјална политика, демографија и млади, во соработка со канцеларијата на UNFPA и со финансиска поддршка на Амбасадата на Велика Британија, ги подготвија во рамки на кампањата за подигање на свеста за сите форми на родово засновано насилство, насловена „Не биди нем сведок", која е

продолжение на кампањата „Има помош за живот без насилство". Објавени се и други материјали, летоци, постери, креативни решенија наменети за социјалните медиуми поврзани со кампањата и видео со клучните наоди од Анализата на родовите прашања и начинот на претставување на жените и мажите во ударното време на националните телевизии, со кое АВМУ се приклучи кон кампањата на Организацијата на Обединетите нации (ООН) во земјава „Шеснаесет дена активизам против родово базирано насилство 2025".

**Ажурирање на веб-страницата www.izborenkodeksonline.mk**

На веб-страницата се објавени повеќе информации за активности поврзани со Кодексот за однесување во онлајн просторот за време на изборни процеси и референдуми. Споделени се информации дека механизмот за жалби поврзани со изборните активности во онлајн просторот е одново во функција; за одржаниот состанок на Координативното тело за пријавување и постапување по претставки за време на избори или референдум; донесениот заклучок од состанокот на Координативното тело по поднесена претставка од коалицијата „Вреди"; заклучоците на Координативното тело донесени по пристигнати претставки од кандидатка за градоначалничка на општина Кочани; претставка од порталот Апла.мк за кандидат за советник во општина Битола; претставка од порталот Апла.мк за физичко лице; претставка за актуелниот градоначалник на Македонска Каменица; претставка од Коалицијата Влен за медиумот „Трилинг"; претставка од Коалицијата Влен за медиумот „Фокус"; претставка за кандидатот на ВМРО-ДПМНЕ за градоначалник на Град Скопје. Објавени се текстови со резиме на сите претставки поднесени до Координативното тело за прекршувања за време на Локалните избори 2025 и резиме на активностите на Координативното тело за изборите. Објавени се и пречистениот текст на Правилникот за работата на Координативното тело за пријавување и постапување по претставки за време на избори или на референдум и Записникот од состанок на Координативното тело за избори, одржан на 13.8.2025 година.

Поставени се логоата на новите субјекти кои пристапија кон Кодексот на однесување во онлајн сферата за време на изборни процеси и референдуми – политичките партии Десница и Демократски сојуз, групите избирачи Кети Сталеска, Енис Демиров, Страхил Гавритов и Марјан Калевски од „Зелен хуман град". Досега кон Кодексот пристапија 33 субјекти (пет политички партии, четири групи избирачи, една граѓанска организација, 12 онлајн медиуми и 11 радиодифузери).

На веб-страницата се поврзани и фејсбук и инстаграм-профилите на Кодексот, кои наменски беа отворени спроти Локалните избори 2025. На социјалните мрежи „Фејсбук" и „Инстаграм" се пласираа пораки и видеа на македонски и албански јазик со кои јавноста се информираше за важноста на етичкото однесување во дигиталниот простор за време на изборниот процес, за значењето на Кодексот и за начините на поднесување претставка до Координативното тело кое го следи почитувањето на Кодексот. На социјалните мрежи „Фејсбук" и „Инстаграм" беа објавени вкупно 10 спонзорирани објави (пораки/креативи, од кои пет на македонски јазик и пет на албански јазик) и четири спонзорирани видеа (10–20 секунди, од кои две на македонски и две на албански јазик). Објавувањето на содржината на социјалните мрежи беше со интензитет од два пати во неделата, а спонзорираните пораки/видеа почнаа да се објавуваат од 16 септември и траеја до 4 ноември 2025 година. На овој начин се очекува подигнување на свеста на субјектите на кои се однесува Кодексот, за нивната одговорност при водењето кампањи во онлајн просторот, како и поголема вклученост на јавноста во препознавање и пријавување на евентуалното непочитување на принципите и стандардите за водење онлајн кампања.

**Ажурирање на содржините на јутјуб-каналот на Агенцијата**

На јутјуб-каналот на Агенцијата редовно беа споделувани седниците на Советот на Агенцијата и беа објавени видеата од јавните состаноци на Агенцијата. Објавено е видеото „Кодекс за однесување во онлајн просторот за време на изборни процеси и референдуми" на македонски и албански јазик и повеќе видеоспотови од кампањата на Министерството за социјална политика, демографија и млади за подигање на свеста против родово заснованото насилство „Не биди нем сведок".

**Ажурирање на содржините на фејсбук-страницата на Агенцијата**

На фејсбук-страницата на Агенцијата редовно беа споделувани информации за седниците на Советот на Агенцијата, јавните состаноци на Агенцијата во 2025 година, завршниот настан за Твининг-проектот за зајакнување на капацитетите на АВМУ и МРТ, информација за одбележувањето на Светскиот ден на радиото, работната посета на амбасадорот на Франција Кристоф Ле Риголер во АВМУ, повеќе соопштенија за јавност поврзани со трагичниот пожар во Кочани, информација во врска со конституирањето на новиот Совет на АВМУ, одбележувањето на 3 Мај - Светскиот ден на медиумите, осуда за говорот на омраза и повиците за насилство кон медиумите и новинарите, аудио и видеоспотови за промовирање на Кодексот за однесување во онлајн просторот за време на избори и референдуми, соопштенија за јавност и информации поврзани со Деновите на медиумска писменост 2025 година.

## ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА ВО АГЕНЦИЈАТА

Во извештајната година беа спроведени ревизии предвидени со Годишниот план на Службата за внатрешна ревизија за 2025 година[21], кој е изготвен врз основа на анализи и проценка на ризик прикажани во Стратешкиот план на Службата за внатрешна ревизија за периодот од 2025 до 2027 година[22].

Првата ревизија беше извршена врз системот за управување со ризици во Агенцијата, во периодот од 7 јануари до 12 февруари 2025 година. Целта на оваа ревизија беше на внатрешниот ревизор да му овозможи да добие разумно уверување за тоа дали системот за управување со ризици е соодветен и е во согласност со барањата на стандардот ISO 9001:2015. На крајот на февруари 2025 година раководителот на Службата за внатрешна ревизија замина од Агенцијата поради негово назначување од Владата на Република Северна Македонија[23] за раководно лице на државна институција. Затоа, од страна на нововработениот внатрешен ревизор во Агенцијата, врз основа на издаден претходен извештај, на 30 септември 2025 година доставен е конечниот ревизорски извештај од извршената внатрешна ревизија на процесот за управување со ризици во Агенцијата.

Втората ревизија беше врз процесот на евидентирање и наплата на приходите што Агенцијата ги остварува од вршење на својата дејност и истата е извршена во периодот од 22 август до 30 септември 2025 година, а конечниот ревизорски извештај е доставен на 8 октомври 2025 година. Целта на ревизијата беше да се утврди дали евидентирањето и наплатата на приходите што Агенцијата ги остварила од вршење на својата дејност во периодот од 1 јануари до 15 август.2025 година се вршеле согласно релевантните закони и подзаконските акти.

[21] Годишниот план на Службата за внатрешна ревизија за 2025 година со арх.бр.02-5014/1 од 03.12.2024 година
[22] Стратешкиот план на Службата за внатрешна ревизија за период од 2025 до 2027 година со арх.бр.02-5024/1 од 04.12.2024 година
[23] Решение бр.18-2163/1 од 25.02.2025 година на Владата на Република Северна Македонија

Третата спроведена ревизија во 2025 година беше врз процесот на евидентирање и пријавување на обврските на Агенцијата. Оваа ревизија беше извршена во периодот од 10 октомври до 5 ноември 2025 година, а резултатите од ревизијата се прикажани во конечниот ревизорски извештај кој е доставен на 19 декември 2025 година. Целта на оваа ревизија беше да се утврди дали евидентирањето и пријавувањето на обврските на Агенцијата во периодот од 1 јануари до 30 септември 2025 година се вршеле согласно релевантната законска и подзаконска регулатива и интерните акти.

Четвртата ревизија беше извршена врз процесот на спроведување на договорите од јавните набавки во Агенцијата, во периодот од 10 до 30 декември 2025 година, а ревизорскиот извештај е издаден на почетокот на 2026 година, по завршување на постапката за усогласување со надлежните сектори опфатени со ревизијата. Целта на оваа ревизија беше да се утврди дали спроведувањето на договорите од јавните набавки во Агенцијата во период од 1 јануари до 30 септември 2025 година се врши согласно потпишаните договори и релевантната законска и подзаконска регулатива и интерните акти на Агенцијата.

Последната планирана ревизија за 2025 година беше ревизија на системот за заштита на лични податоци во Агенцијата, со цел да се утврди дали системот за заштита на лични податоци е соодветен и истиот обезбедува заштита согласно релевантната законска и подзаконска регулатива и интерните акти. Ревизијата беше спроведена во текот на јануари 2026 година, а конечниот ревизорски извештај беше доставен во февруари 2026 година.

Притоа, за секоја завршена ревизија беше доставен конечен ревизорски извештај во кој е дадено мислење за функционирањето на воспоставениот систем на внатрешна контрола и усогласеноста на активностите во рамки на процесите кои беа предмет на ревизијата со законите, подзаконските и интерните акти што ги уредуваат областите опфатени со внатрешната ревизија, а за надминување на одредени утврдени состојби се дадени препораки.

Исто така во извештајната година, односно во средината на август, е изработена Повелба за внатрешна ревизија, со која се утврдува рамката во која функционира внатрешната ревизија, нејзините надлежности, улога, опфат, одговорности, како и начинот на известување и истата е доставена до Министерството за финансии.

Во декември 2025 година најпрвин беше извршен увид и дополнување на областите од работењето значајни за остварување на целите на Агенцијата, а кои можат да бидат предмет на ревизија, и врз основа на анализи и проценка на ризик, а притоа земајќи го предвид моменталниот кадровски капацитет на внатрешната ревизија, изработени се Стратегијата за внатрешна ревизија за периодот од 2026 до 2028 година[24] и Годишниот план за внатрешна ревизија за 2026 година[25] и истите се доставени до Министерството за финансии.

[24] Стратегија за внатрешна ревизија за периодот од 2026 до 2028 година со арх.бр.02-5673/1 од 30.12.2025 година;
[25] Годишен план за внатрешна ревизија за 2026 година со арх.бр.02-5672/1 од 30.12.2025 година;

## МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ

Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025 година се однесуваше на планирани расходи во износ од 202.429.722,00 денари и планирани приходи во износ од 202.429.722,00 денари.

Вкупно планираните средства на приходната страна во усвоениот финансиски план за 2025 година се однесуваа на планиран приход од Буџетот на РСМ за изборни процеси во 2025 година (локални избори) во износ од 13.000.000,00 денари, планиран приход од финансиски средства од Буџетот на РСМ во износ од 78.800.000,00 денари, планирани приходи од надоместоци за дозволи за телевизиско и радиоемитување во износ од 50.000.000,00 денари, планирани приходи од надзор за реемитување на програмски сервиси на оператори на јавна електронска комуникациска мрежа и од даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање во износ од 10.500.000,00 денари, планирани приходи од транзитни фактури во износ од 1.000.000,00 денари и пренесени вишок средства од мината година во износ од 49.129.722,00 денари. Вкупно беа планирани приходи во износ од 202.429.722,00 денари.

Вкупните остварени приходи во 2025 година изнесуваат 141.336.000,00 денари. Овие приходи се остварени од следните извори:

- Приходи од Буџетот на Република Северна Македонија за изборните активности кои се одвиваа во 2025 година (локални избори) за кои Агенцијата искористи средства во износ од 7.581.728,00 денари;
- Финансиски средства од Буџетот на РСМ и приходи од наплатена радиодифузна такса во износ од 74.117.431,00 денари;
- Приходи остварени од надоместоци за дозволи за телевизиско и радиоемитување во износ од 47.495.388,00 денари;
- Приходи од надзор за реемитување програмски сервиси и од даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање во износ од 10.751.766,00 денари;
- Приходи од транзитни фактури во износ од 1.072.760,00 денари и
- Други приходи во износ од 316.927,00 денари.

Владата на РСМ со Одлука бр.50-8237/3 од 4. 9.2025 година одобри средства од Буџетот на РСМ во вкупен износ од 11.270.000,00 денари на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за следење на локалните избори во 2025 година. Овие средства беа наменети исклучиво за финансирање на активностите на Агенцијата за време на изборните процеси и беа префрлени на посебна сметка. Агенцијата средствата ги искористи за следните намени:

- за привремени вработувања беа искористени вкупно 4.445.069,00 денари со вклучен ДДВ;
- за услугата – пренос на податоци од далечински локации со неограничен вклучен сообраќај во двата правци (download/upload), беа потрошени средства во вкупен износ од 675.432,00 денари;
- за адвокатски трошоци беа потрошени средства во вкупен износ од 122.000,00 денари;
- за телефонски трошоци беа потрошени средства во вкупен износ од 389.254,00 денари;
- за одржување на софтверот на системот за мониторирање на радио и ТВ-сервиси и надзор на ОЈЕКМ (оператори на јавна електронска комуникациска мрежа) беа потрошени средства во вкупен износ од 1.179.816,00 денари;
- за поштенски трошоци беа потрошени средства во вкупен износ од 20.050,00 денари;
- за канцелариски материјали беа потрошени средства во вкупен износ од 25.160,00 денари;
- за обезбедување податоци добиени со електронско мерење за гледаноста на платеното политичко рекламирање, со детални податоци за емитуваното ППР на националните

терестријални телевизии за време на Локалните избори 2025 година, беа потрошени средства во вкупен износ од 512.120,00 денари и

- за одржување на хардвер на системот за мониторирање на радио и ТВ-сервиси и надзор на ОЈЕКМ (оператори на јавна електронска комуникациска мрежа), беа потрошени средства во вкупен износ од 207.975,00 денари.

Исто така, од оваа сметка се платија банкарски провизии и месечни провизии за водење на сметката во вкупен износ од 4.852,00 денари и со тоа од Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година, вкупно беа искористени 7.581.728,00 денари.

Неискористените средства во вкупен износ од 3.688.272,00 денари, Агенцијата продолжи да ги користи и во 2026 година, од причина што Собранието на РСМ распиша повторни избори за градоначалник на општина Гостивар, градоначалник на општина Врапчиште, градоначалник на општина Маврово и Ростуше и градоначалник на општина Центар Жупа (кои се одржаа на 11 јануари 2026 година) и истите се исклучиво за исполнување на законските обврски по повод изборните активности во 2026 година (локалните избори во четири општини).

По завршување на изборните активности, Агенцијата достави до Министерството за финансии на РСМ детално образложение за реалните трошоци направени за реализација на активностите на Агенцијата за време на изборните процеси (локални избори во 2025 и 2026 година) и вишокот средства во целост ќе се вратат во Буџетот на РСМ.

Средствата од Буџетот на РСМ Агенцијата ги обезбедува во согласност со членот 105 од ЗААВМУ, според кој 1 % од реализираните даночни приходи утврдени во последната завршна сметка на Буџетот на РСМ се одвојуваат годишно за финансирање на радиодифузната дејност, односно за работењето и развојот на Македонската радио-телевизија, Јавното претпријатие Македонска радиодифузија и Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Овие средства се распоредени на следниот начин: 80 % за МРТ за покривање на трошоците за создавање и емитување на програмите и за техничко-технолошки развој; 15 % за ЈП „Македонска радиодифузија" за одржување, употреба и развој на јавната радиодифузна мрежа; и 5 % за Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Износот што ѝ се исплаќа на Агенцијата согласно закон се пресметува на годишно ниво, но обврската за исплата е на месечно ниво.

Во последната донесена завршна сметка на Буџетот на РСМ за 2023 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.169/2024) е наведено дека вкупните реализирани даночни приходи во 2023 година во Буџетот на РСМ изнесувале 157.733.000.000,00 денари. Оттука, во Буџетот на РСМ кој се однесуваше за 2025 година, објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија бр.254 од 16.12.2024 година, определени се точно средствата наменети за финансирање на радиодифузната дејност, односно 1 % од реализираните даночни приходи изнесува 1.577.330.000,00 (една милијарда и петстотини седумдесет и седум милиони и триста и триесет илјади денари, од кои 5 % за Агенцијата кои на годишно ниво изнесуваат 78.866.500,00 денари, поточно месечен износ од 6.572.208,00 денари.

Почнувајќи од јануари 2025 година заклучно со ноември 2025 година, Министерството за дигитална трансформација на сметка на Агенцијата го исплаќаше точниот месечен износ од 6.572.208,00 денари, додека за мдекември 2025 година на Агенцијата по оваа основа и беа префрлени 1.572.208,00 денари, што <u>е за 5.000.000,00 денари помалку</u>.

Од таа причина, Агенцијата со Дописи се обрати до надлежното министерство со Барање информација во врска со помалку исплатените парични средства за финансирање на радиодифузната дејност (наш арх

бр.03-289/1 од 23.01.2026 година и наш арх. бр.03-289/2 од 20.02.2026 година) за декември 2025 година и до сега Агенцијата нема добиено повратен одговор.

Согласно сѐ што е погоре наведено, Вкупните приходи кои се оствариja во 2025 година за финансирање на радиодифузната дејност и од наплата на радиодифузна такса изнесуваа 74.117.431,00 денари.

Во 2025 година, по основ на приходи од дозволи за телевизиско и радиоемитување се остварија средства во вкупен износ од 47.495.388,00 денари.

Согласно член 142, став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и 154/23 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20, 77/21 154/23, 55/24, 193/24 и 247/25), Агенцијата остварува приходи и од надзор за реемитување програмски сервиси и од даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање. Тие приходи во 2025 година изнесуваа 10.751.766,00 денари.

Во 2025 година се остварени и приходи од транзитни фактури во износ од 1.072.760,00 денари. Тие се остварени од издадени транзитни фактури од страна на Агенцијата за потрошена електрична енергија, за одржување лифтови и платформа и за одржување и сервисирање на системот за ладење, греење и вентилација.

Агенцијата исто така оствари и други приходи во износ од 316.927,00 денари.

Структурата на вкупните приходи е претставена во Прилог бр.1 составен дел на Извештајот.

На 11.2.2025 година Агенцијата донесе одлука (наш арх.бр.05-602/1) за доделување финансиска помош – донација на Јавната здравствена установа – Специјализираната болница за геријатриска палијативна медицина „13 Ноември" Скопје, во износ од 1.000.000,00 (еден милион) денари, за реализирање на „Проект за енергетска ефикасност за ЈЗУ СБГПМ 13 Ноември Скопје", чија цел е поставување нов самоодржлив систем за затоплување вода преку систем на сончеви колектори, кој е енергетски поефикасен од системот што во моментот го користи болницата, поисплатлив, поекономичен и еколошки, при што ќе се обезбеди заштита на човековите права, преку поквалитетна нега и лична хигиена за геријатриските и палијативните пациенти, намалување на сметките за електрична енергија на болницата, како и заштита на животната средина, зелен развој, намалување на аерозагадувањето и влијанието на климатските промени. За таа цел, Агенцијата потпиша договор за донација со Јавната здравствена установа – Специјализираната болница за геријатриска палијативна медицина „13 Ноември" Скопје и истите Агенцијата ги префрли на 11.4.2025 година, по добиеното позитивно мислење за јавен интерес од страна на Министерството за правда на РСМ.

На 20.3.2025 година Агенцијата донесе одлука (наш арх. бр.05-1137/1) за доделување финансиска помош – донација во износ од 1.500.000,00 (еден милион и петстотини илјади) денари, како помош за настраданите граѓани во стравичната несреќа – пожарот што се случи во Кочани на 16.3.2025 година, кои се спроведоа преку Црвениот крст на Република Северна Македонија, како примател на донацијата. За таа цел, Агенцијата потпиша договор за донација со Црвениот крст на Република Северна Македонија и истите Агенцијата ги префрли на 16.4.2025 година, по добиеното позитивно мислење за јавен интерес од страна на Министерството за правда на РСМ.

На 20.3.2025 година Агенцијата донесе уште една одлука (наш арх. бр.05-1138/1) за доделување финансиска помош – донација на Трговското радиодифузно друштво ТВ КОХА Меваип ДООЕЛ Тетово, во износ од 500.000,00 (петстотини илјади) денари, за санирање на последиците од пожарот што на 8.3.2025 година зафатил дел од просториите на радиодифузерот, со цел поддршка на активностите на радиодифузерот за непречено вршење на неговата дејност – емитување телевизиска програма и содржини

од значење за регионот Д8 – Попова Шапка (Тетово, Гостивар, Врапчиште, Боговиње, Брвеница, Теарце, Јегуновце, Желино), како и обезбедување сигурност и заштита на вработените. За таа цел, Агенцијата потпиша договор за донација со Трговското радиодифузно друштво ТВ КОХА Меваип ДООЕЛ Тетово и истите Агенцијата ги префрли на 7.5.2025 година, по добиеното позитивно мислење за јавен интерес од страна на Министерството за правда на РСМ.

Вкупните расходи во 2025 година изнесуваат 146.963.368,00 денари.

Расходите се однесуваат на следните цели:

- за потрошени суровини и материјали, за набавка на горива за службените моторни возила, за набавка на канцелариски материјали, средства за лична хигиена, за потрошена вода, за плаќање на комунална хигиена, за набавка на потрошен информатички материјал, се потрошени средства во износ од 828.429,00 денари;
- потрошена електрична енергија во која влегува и потрошувачката на чилерот и топлинска енергија во износ од 3.391.995,00 денари;
- за инвестициско одржување на средствата, односно за редовно одржување и сервисирање на службените возила, миење на службените возила, за одржување на компјутерската опрема и другата ИКТ (информатичко-комуникациска технологија) опрема на Агенцијата, за одржување на системот за мониторирање на радио и ТВ-сервиси и надзор на ОЈЕКМ (оператори на јавна електронска комуникациска мрежа) на Агенцијата, за одржување на хардверот на системот за мониторирање на радио и ТВ-сервиси и надзор на ОЈЕКМ (оператори на јавна електронска комуникациска мрежа), за одржување на постојните веб-страници на Агенцијата (општата веб-страница: www.avmu.mk, www.rodotimediumite.mk, www.mediumskapismenost.mk и веб-страницата за избори и медиуми), за одржување на модулот за архивско работење и одржување на интегрираниот софтвер за правно, финансиско и економско работење, за превентивно и адаптивно одржување на системот за автоматско управување со документи (ДМС – документ менаџмент систем), за одржување и сервис на фотокопир-апарати и печатачи, за одржување на противпожарна – сплинкер-инсталација (сува потстаница, прскалки и пумпи) и ПП-апарати, за ангажирање фирма за водоинсталатерски и електричарски услуги, за одржување и сервисирање на системот за ладење, греење и вентилација, како и за техничко одржување на лифтови и платформа се потрошени средства во износ од 9.922.566,00 денари;
- за печатарски услуги се потрошени средства во износ од 367.100,00 денари;
- за поштенски трошоци, за телефонски давачки во кои влегуваат мобилната и фиксната телефонија, како и за други давачки за превозни услуги, се потрошени средства во износ од 1.600.557,00 денари;
- за издатоци за репрезентација се потрошени средства во износ од 684.580,00 денари;
- за наемнина за користење градежни објекти, односно средства наменети за изнајмување простор за колокација на ИКТ-опрема на 8 различни локации во РСМ се потрошени средства во износ од 1.202.790,00 денари;
- за издатоци за судски и административни такси, за издатоци за набавка на весници, списанија, стручна литература, интернет-пристап на електронски изданија на „Службен весник на РСМ“, како и печатени изданија на „Службен весник“ за тековната година и за учество на семинари, работилници, конференции, советувања и сл. се потрошени средства во износ од 176.012,00 денари;
- за технички преглед и регистрација на службените моторни возила се потрошени средства во износ од 38.815,00 денари;
- за одржување на Денови на медиумска писменост од страна на Агенцијата се потрошени средства во износ од 1.473.079,00 денари;

- за провизија за платен промет и банкарска провизија се потрошени средства во износ од 96.116,00 денари;
- за осигурување на деловниот објект на Агенцијата, за осигурување на опремата што ја поседуваме, за осигурување на службените моторни возила, за осигурување за автоодговорност при регистрација, за зелени картони и патничко осигурување, се потрошени средства во износ од 270.027,00 денари;
- за исплата на патни трошоци, дневници за службени патувања во земјата и странство, за надомест на трошоци за превоз за службени патувања во земјата и странство, за трошоци за ноќевање во земјата и странство, се потрошени средства во износ од 1.313.328,00 денари;
- за јубилејни награди се потрошени средства во износ од 242.217,00 денари;
- за други надоместоци за вработените се потрошени средства во износ од 3.528.404,00 денари;
- за надоместоци за членовите на Советот на Агенцијата заклучно со 23.06.2025 година, се потрошени средства во износ од 6.059.098,00 денари;
- за пресметани негативни курсни разлики се потрошени средства во износ од 2.023,00 денари;
- за годишна членарина во меѓународната платформа на регулаторни тела (ЕПРА) се потрошени средства во износ од 253.175,00 денари;
- за договорни услуги, односно за ангажман преку Агенција за привремени вработувања за надворешни соработници, кои во најголем дел беа ангажирани за следење на изборните активности во 2025 година (локални избори), за ангажирање биро за преведување и за одржување на хигиената во деловните простории на Агенцијата се потрошени средства во износ од 10.598.600,00 денари;
- за адвокатски услуги се потрошени средства во износ од 366.000,00 денари;
- за нотарски услуги се потрошени средства во износ од 13.403,00 денари;
- за други лични и интелектуални услуги наменети за обуки за вработените во Агенцијата се потрошени средства во износ од 167.817,00 денари;
- за анализа на родовите прашања и на начинот на прикажување и претставување на жените и на мажите во програмите на радиодифузерите се потрошени средства во износ од 338.478,00 денари;
- за обезбедување податоци добиени со електронско мерење, за гледаноста на платеното политичко рекламирање со детални податоци за емитување ППР (платено политичко рекламирање) на националните терестријални телевизии за време на локалните избори во 2025 година, се потрошени средства во износ од 512.120,00 денари;
- за други расходи, односно за интернет-дистрибутивниот систем на Централен регистар, за ревизорски услуги, за интернет-конекција со хостирање на постојните интернет-страници на Агенцијата, за закуп на простор за објавување огласи во дневни весници, за службени огласи, за пренос на податоци од далечински локации (8 локации во РСМ) со неограничен вклучен сообраќај по локација во двата правци (download/upload) во седиштето на Агенцијата и за други трошоци се потрошени средства во износ од 3.067.449,00 денари;
- за набавка на канцелариски мебел и канцелариска опрема се потрошени средства во износ од 22.370,00 денари;
- за извршена набавка на ИКТ (информатичко-комуникациска технологија) опрема и за модернизација на сервер сала, се потрошени средства во износ од 4.666.626,00 денари;
- за набавка на дигитални сертификати за електронски потпис на токен, за лиценца за уред за безбедност на компјутерската мрежа (Firewall), за лиценци за софтвер за автоматско бекапирање на податоци и за ресертификација на ISO-стандардот 9001:2015 се потрошени средства во износ од 962.340,00 денари;
- за финансиска помош - донации се потрошени средства во износ од 3.000.000,00 денари;
- за исплата на бруто-плати на вработените во стручната служба се потрошени средства во износ од 91.679.888,00 денари и
- за даноци и придонеси кои се однесуваат за отпис на ненаплатените побарувања се потрошени средства во износ од 117.966,00 денари.

Вкупно остварените расходи во 2025 година се за 5.627.368,00 денари поголеми од вкупно остварените приходи во истата година. Доколку Министерството за дигитална трансформација на сметка на Агенцијата за декември 2025 година го исплатеше точниот месечен износ од 6.572.208,00 денари, наместо 1.572.208,00 денари (што е за 5.000.000,00 денари помалку), немаше да се појави толку голема разлика помеѓу расходите и приходите за 2025 година.

Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги
претседател на Советот,

м-р Сашо Стефановски

# ПРИЛОЗИ КОН ИЗВЕШТАЈОТ

# 1. ДОДЕЛЕНИ/ОДЗЕМЕНИ ДОЗВОЛИ И ПРЕГЛЕДИ НА ИЗРЕЧЕНИ МЕРКИ

**ПРИЛОГ БР. 1.1.**

## Доделување дозволи по пат на јавен конкурс

| 1. Саша Митиќ од Куманово | |
|---|---|
| Број и датум на поднесено Писмо со намера / Писмено барање за објавување јавен конкурс за доделување дозвола | Писмено барање, арх. бр. 08-2944/1 од 4.7.2024 година |
| Начин на емитување на програмскиот сервис (техничко средство за пренос) | Терестријален предавател |
| Ниво на гледаност (државно, регионално или локално) | Локално ниво, на подрачјето на општина Куманово |
| Уп1 број и датум на одлука за објавување јавен конкурс за доделување дозвола | Одлука Уп1 бр. 08-275 од 21.10.2024 година за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радиоемитување на програмски сервис на локално ниво |
| Број и датум на поднесена Пријава за доделување дозвола | Уп1 бр. 08-362 од 27.12.2024 година |
| Уп 1 број и датум на Одлука за доделување дозвола | Уп1 бр. 08-362 од 6.2.2025 година |
| Службен весник во кој е објавена Одлуката за објавување јавен конкурс за доделување дозвола | „Службен весник на РСМ“, бр. 219/24 од 29.10.2024 година |
| Доделување дозвола / Одбивање на барањето / Одлука за неуспешен јавен конкурс | Доделување дозвола |
| Година на доделување на дозволата / година на одбивање на барањето / неуспешен јавен конкурс | 2025 година |

| 2. Трговско радиодифузно друштво Буба Мара Ранко ДООЕЛ Скопје | |
|---|---|
| Број и датум на поднесено Писмо со намера / Писмено барање за објавување јавен конкурс за доделување дозвола | Писмено барање, арх. бр. 08-102/1 од 10.1.2025 година |
| Начин на емитување на програмскиот сервис (техничко средство за пренос) | Терестријален предавател |
| Ниво на гледаност (државно, регионално или локално) | Локално ниво, на подрачје на општина Прилеп |
| Уп1 број и датум на одлука за објавување јавен конкурс за доделување дозвола | Одлука Уп1 бр. 08-140 од 25.4.2025 година за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радиоемитување на програмски сервис на локално ниво |
| Број и датум на поднесена Пријава за доделување дозвола | Уп1 бр. 08-211 од 7.7.2025 година |
| Уп 1 број и датум на Одлука за доделување дозвола | Уп1 бр. 08-225 од 29.7.2025 година |
| Службен весник во кој е објавена Одлуката за објавување јавен конкурс за доделување дозвола | „Службен весник на РСМ“, бр. 91/25 од 7.5.2025 година |
| Доделување дозвола / Одбивање на барањето / Одлука за неуспешен јавен конкурс | Доделување дозвола |
| Година на доделување на дозволата / година на одбивање на барањето / неуспешен јавен конкурс | 2025 година |

| **3. Енсар Алуши од Струга** | |
|---|---|
| Број и датум на поднесено Писмо со намера / Писмено барање за објавување јавен конкурс за доделување дозвола | Писмено барање, арх. бр. 08-432/1 од 29.1.2025 година |
| Начин на емитување на програмскиот сервис (техничко средство за пренос) | Терестријален предавател |
| Ниво на гледаност (државно, регионално или локално) | Локално ниво, на подрачје на општина Струга |
| Уп1 број и датум на Одлука за објавување јавен конкурс за доделување дозвола | Одлука Уп1 бр. 08-153 од 8.5.2025 година за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радиоемитување на програмски сервис на локално ниво |
| Број и датум на поднесена Пријава за доделување дозвола | Уп1 бр. 08-213 од 14.7.2025 година |
| Уп 1 број и датум на Одлука за доделување дозвола | Уп1 бр. 08-213 од 8.8.2025 година |
| Службен весник во кој е објавена Одлуката за објавување јавен конкурс за доделување дозвола | „Службен весник на РСМ“ бр. 96/25 од 14.5.2025 година |
| Доделување дозвола / Одбивање на барањето / Одлука за неуспешен јавен конкурс | Доделување дозвола |
| Година на доделување на дозволата / година на одбивање на барањето / неуспешен јавен конкурс | 2025 година |

| **4. Трговско радиодифузно друштво Буба Мара Ранко ДООЕЛ Скопје** | |
|---|---|
| Број и датум на поднесено Писмо со намера / Писмено барање за објавување јавен конкурс за доделување дозвола | Писмено барање, арх. бр. 08-102/1 од 10.1.2025 година |
| Начин на емитување на програмскиот сервис (техничко средство за пренос) | Терестријален предавател |
| Ниво на гледаност (државно, регионално или локално) | Локално ниво, на подрачје на општина Штип |
| Уп1 број и датум на Одлука за објавување јавен конкурс за доделување дозвола / Уп1 број и датум на Одлука за одбивање на барањето за објавување јавен конкурс за доделување дозвола | Одлука Уп1 бр. 08-155 од 8.5.2025 година за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радиоемитување на програмски сервис на локално ниво |
| Број и датум на поднесена Пријава за доделување дозвола | Уп1 бр. 08-214 од 14.7.2025 година |
| Уп 1 број и датум на Одлука за доделување дозвола | Уп1 бр. 08-214 од 8.8.2025 година |
| Службен весник во кој е објавена Одлуката за објавување јавен конкурс за доделување дозвола | „Службен весник на РСМ“ бр. 96/25 од 14.5.2025 година |
| Доделување дозвола / Одбивање на барањето / Одлука за неуспешен јавен конкурс | Доделување дозвола |
| Година на доделување на дозволата / година на одбивање на барањето / неуспешен јавен конкурс | 2025 година |

**ПРИЛОГ БР. 1.2.**

## Решенија за преземање мерка - јавна опомена кон радиодифузери во 2025 година

| Реден број | Назив на радиодифузер кој е опоменат | Архивски број (Уп 1 број) и датум на решението за јавна опомена | Одредба од ЗААВМУ/ЗМ која е повредена | Опис на повредата |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Трговско радиодифузно друштво ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар | Уп1 бр. 03-9 од 22.1.2025 година | Член 51 став 1 од ЗААВМУ | Радиодифузерот, во рамките на својот телевизиски програмски сервис емитуван на 4 ноември 2024 година, не ги обезбеди информациите што треба да им се направат достапни на корисниците. |
| 2 | Трговско друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ | Уп1 бр. 03-10 од 22. 1.2025 година | Член 64 став 1 од ЗААВМУ | На телевизискиот програмски сервис на радиодифузерот, на 4 ноември 2024 година, во неколку програмски содржини се емитувани делови од говорот на странски јазици (српски или англиски или албански), без притоа да бидат преведени на македонски јазик. |
| 3 | Трговско друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ | Уп1 бр. 03-11 од 23.1.2025 година | Член 92 став 1 од ЗААВМУ | Радиодифузерот, во рамките на својот телевизиски програмски сервис, на 4 ноември 2024 година не емитуваше најмалку 30 % програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела. |
| 4 | Јавно радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Трет програмски сервис (МРТ3) | Уп1 бр. 03-51 од 20.2.2025 година | Член 51 став 1 од ЗААВМУ | Радиоифузерот, во рамките на својот телевизиски програмски сервис емитуван на 8 јануари 2025 година, не ги обезбеди информациите што треба да им се направат достапни на корисниците |
| 5 | Трговско радиодифузно друштво ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар | Уп1 бр. 03-67 од 25.2.2025 година | Член 92 став 1 од ЗААВМУ | Радиодифузерот, во рамките на својот телевизиски програмски сервис, на 27 јануари 2025 година не емитуваше најмалку 30 % програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела. |
| 6 | Трговско радиодифузно друштво ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар | Уп1 бр. 03-68 од 25.2.2025 година | Член 50 став 3 од ЗААВМУ и член 20 и 21 од Правилникот за заштита на малолетните лица | На телевизискиот програмски сервис на радиодифузерот, емитуван на 27 јануари 2025 година, пред емитувањето на повеќе програми од прва, втора и четврта категорија беше употребена неправилна предупредувачка сигнализација за заштита на малолетните лица, што не е пропишана во ПЗМЛ. |
| 7 | Трговско радиодифузно друштво ТВ ЊУЗ ДООЕЛ Куманово | Уп1 бр. 03-69 од 25.2.2025 година | Член 51 став 1 од ЗААВМУ | Радиодифузерот, во рамките на својот телевизиски програмски сервис емитуван на 28 јануари 2025 година, не ги обезбеди информациите што треба да им се направат достапни на корисниците. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 8 | Трговско радиодифузно друштво ТВ ЊУЗ ДООЕЛ Куманово | Уп1 бр. 03-70 од 25.2.2025 година | Член 14 од ЗМ | Радиодифузерот, во рамките на својот телевизиски програмски сервис емитуван на 28 јануари 2025 година, не ги објави податоците за импресум на снимката од фестивалот на албанските песни и ора, на снимката од манифестацијата одржана по повод поставувањето на трите букви на УЧК во с. Тануша и на снимката од манифестацијата одржана по повод Денот на албанската азбука. |
| 9 | Република Северна Македонија - Државен универзитет „Гоце Делчев“ Штип - Непрофитна радиодифузна установа УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УГД ФМ | Уп1 бр. 03-102 од 7.4.2025 година | Член 67 став 6 од ЗААВМУ | Радиодифузерот, во рамките на својот програмски сервис во текот на една недела, односно во периодот од 10 до 16 февруари 2025 година, не спроведуваше најмалку 80 % од програмскиот концепт за кој му е издадена дозволата за радиоемитување. |
| 10 | Трговско радиодифузно друштво ТВ ШЕЊА ДООЕЛ Скопје | Уп1 бр. 03-116 од 11.4.2025 година | Член 14 од ЗМ | Радиодифузерот, во рамките на својот телевизиски програмски сервис емитуван на 4 март 2025 година, не ги објави податоците за импресумот на документарната програма „Al Jazeera hulumton (Al Jazeera – Investigations)”. |
| 11 | Трговско радиодизуфно друштво КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт-импорт Сарај, Скопје | Уп1 бр. 03-117 од 11.4.2025 година | Член 14 од ЗМ | Радиодифузерот, во рамките на својот телевизиски програмски сервис емитуван на 4 март 2025 година, не објави импресум на образовните емисии со верска содржина: „Merr Frymë“ („Диши“) и „N’konak te Hoxha“ („Во конакот на оџата“) и на актуелно-информативната емисија „Klan debat“ („Дебатна емисија Клан“). |
| 12 | Трговско радиодизуфно друштво КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт-импорт Сарај, Скопје | Уп1 бр. 03-118 од 11.4.2025 година | Член 51 став 1 од ЗААВМУ | Радиодифузерот, во рамките на својот телевизиски програмски сервис емитуван на 4 март 2025 година, не ги обезбеди информациите што треба да им се направат достапни на корисниците |
| 13 | Трговско радиодизуфно друштво КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт-импорт Сарај, Скопје | Уп1 бр. 03-119 од 11.4.2025 година | Член 50 став 3 од ЗААВМУ и член 16 од Правилникот за заштита на малолетните лица | На телевизискиот програмски сервис на радиодифузерот, на 4 март 2025 година, епизоди од играните серијали Nënë („Majka)“, „Merjem“ и „Tradhetia“ („Неверство“), означени како програми од трета категорија (12+), беа емитувани во несоодветни временски периоди од програмскиот сервис. |
| 14 | Трговско радиодифузно друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје | Уп1 бр. 03-120 од 11.4.2025 година | Член 98 став 2 од ЗААВМУ и член 14 став 4 од Правилникот за нови рекламни техники | Во рамките на својот телевизиски програмски сервис, емитуван на 4 март 2025 година, во премиерното издание на емисијата „Thirre 21-shin (Повикај го 21)“ беа емитувани поп-ап/реклами на поделен екран меѓу кои не минува пропишаниот период од најмалку 15 минути. |
| 15 | Трговско радиодифузно друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје | Уп1 бр. 03-121 од 11.4.2025 година | Член 53 став 2 од ЗААВМУ | Во рамките на својот телевизиски програмски сервис, на 4 март 2025 година, во премиерното издание на актуелно-информативното говорно шоу „Thirre 21-shin (Повикај го 21)“ беше емитувана прикриена аудиовизуелна комерцијална комуникација за „Оптика Капри“. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 16 | Трговско радиодифузно друштво ТВ ШЕЊА ДООЕЛ Скопје | Уп1 бр. 3-122 од 11.4.2025 година | Член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ | Радиодифузерот, во рамките на својот телевизиски програмски сервис, на 5 март 2025 година не емитуваше најмалку 30 % програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, ниту, пак, најмалку половина од законскиот минимум изворно создадена програма како македонски аудиовизуелни дела го емитуваше во периодот од 7.00 до 19.00 часот. |
| 17 | Трговско радиодифузно друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје | Уп1 бр. 03-123 од 11.4.2025 година | Член 52 од ЗААВМУ | Во рамките на својот телевизиски програмски сервис, емитуван на 4 март 2025 година, во емисијата „Thirre 21-shin (Повикај го 21)“ – актуелно-информативно говорно шоу во кое има можност и за наградно учествување на гледачите, давателот на аудиовизуелната медиумска услуга не обезбеди ниту недвосмислено објавување на правилата, ниту информации за јавно ветената награда. Соопштението, пак, кое го објавил на својата интернет-страница не ги содржи потребните информации пропишани во Правилникот за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност. |
| 18 | Трговско радиодифузно друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје | Уп1 бр. 03-124 од 11.4.2025 година | Член 14 од ЗМ | Радиодифузерот, во рамките на својот телевизиски програмски сервис емитуван на 4 март 2025 година, не ги објави податоците за импресумот во емисиите „#21 Reportazhe” („21 Репортажа“) и „Për ditë të mbarë” („За добар ден“). |
| 19 | Трговско радиодизуфно друштво КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт-импорт Сарај, Скопје | Уп1 бр. 03-125 од 11.4.2025 година | Член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ | Радиодифузерот, во рамките на својот телевизиски програмски сервис, на 5 март 2025 година не емитуваше најмалку 30 % програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, ниту, пак, најмалку половина од законскиот минимум изворно создадена програма како македонски аудиовизуелни дела го емитуваше во периодот од 7.00 до 19.00 часот. |
| 20 | Радиодифузно друштво НАША ТВ ДООЕЛ Скопје | Уп1 бр. 03-126 од 11. 4.2025 година | Член 98 став 2 од ЗААВМУ и член 14 став 4 од Правилникот за нови рекламни техники | Во рамките на својот телевизиски програмски сервис, емитуван на 4 март 2025 година, во премиерните и репризните изданија на емисиите „Проект здравје“, „Градиме да трае“ и „Зготвено над облаци“ беа емитувани поп-ап/реклами на поделен екран меѓу кои не минува пропишаниот период од најмалку 15 минути. |
| 21 | Трговско радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип | Уп1 бр. 03-138 од 25.4.2025 година | Член 55 став 2 алинеи 2, 3 и 4 од ЗААВМУ и точки 25 и 26 од Упатството за примена на пласирање производи | На телевизискиот програмски сервис на радиодифузерот, на 4 март 2025 година, во специјализираната информативна емисија „Фактор здравје со Билјана Дебарлиева“ не беа почитувани условите за пласирање производи во аудиовизуелните програми, како и правилата за означување на програмите што содржат пласирани производи. |
| 22 | Трговско радиодифузно друштво ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар | Уп1 бр. 03-154 од 9.5.2025 година | Член 14 од ЗМ | Радиодифузерот, во рамките на својот телевизиски програмски сервис, емитуван на 25 март 2025 година, не објави импресум на: програмите со верска содржина „Rregullat e shkurorzimit në islam” („Правилата за развод во |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | исламот“), читање од Куран (аудиовизуелна целина без наслов), „Drita islame” („Свелината на исламот“) и „Besimi në Allahun xh.sh. dhe shpresa” („Верба и надеж во Allahun xh.sh.“); документарно-забавната програма „Kuzhina në ekran“ (Кујната на екран“); и на репризираната информативна емисија–интервју со Ардиан Хоџа, директор на Албафон, „Emision debativ - Meqë ra fjala” („„Дебатна емисија - Како што е зборот“) |
| 23 | Трговско радиодифузно друштво ТВ Студио ТЕРА Манговски Зоран Битола ДООЕЛ | Уп1 бр. 03-208 од 8.7.2025 година | Член 50 став 3 од ЗААВМУ и член 20 и 21 од Правилникот за заштита на малолетните лица | На телевизискиот програмски сервис на радиодифузерот, емитуван на 2 мај 2025 година, во текот на емитувањето на две играни програми погрешно беше применета предупредувачката сигнализација за програма од втората категорија. Од целината на пропишаниот изглед на предупредувачката сигнализација недостигаа бројката „8“ и знакот „+“, како показатели на возрасната група гледачи за која е наменета програмата. |
| 24 | Трговско радиодифузно друштво ТВ М Арнаудов Михајло Охрид ДООЕЛ | Уп1 бр. 03-209 од 8.7.2025 година | Член 50 став 3 од ЗААВМУ и член 20 и 21 од Правилникот за заштита на малолетните лица | На телевизискиот програмски сервис на радиодифузерот, емитуван на 2 мај 2025 година, повеќе програми беа емитувани со погрешно применета предупредувачка сигнализација за програма од втората категорија. Од целината на пропишаниот изглед на предупредувачката сигнализација на почетокот и за време на емитувањето недостигаа бројката „8“ и знакот „+“, како показатели на возрасната група гледачи за која е наменета програмата. |
| 25 | Трговско радиодифузно друштво ТВ КАНАЛ ФЕСТА ДООЕЛ Куманово | Уп1 бр. 03-216 од 22.7.2025 година | Член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ | Радиодифузерот, во рамките на својот телевизиски програмски сервис, на 3 јуни 2025 година не емитуваше најмалку 30 % програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, ниту, пак, најмалку половина од законскиот минимум изворно создадена програма како македонски аудиовизуелни дела го емитуваше во периодот од 7.00 до 19.00 часот. |
| 26 | Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово | Уп1 бр. 03-217 од 22.7.2025 година | Член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ | Радиодифузерот, во рамките на својот телевизиски програмски сервис, на 3 јуни 2025 година не емитуваше најмалку 30 % програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, ниту, пак, најмалку половина од законскиот минимум изворно создадена програма како македонски аудиовизуелни дела го емитуваше во периодот од 7.00 до 19.00 часот. |
| 27 | Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА УСКАНА МЕДИА ДООЕЛ Кичево | Уп1 бр. 03-221 од 29.7.2025 година | Член 64 став 1 од ЗААВМУ | На телевизискиот програмски сервис на радиодифузерот, на 3 јуни 2025 година, реклама за компанијата „Алба Бриџис“ (Alba Bridges) беше емитувана изворно на англиски јазик, без да се обезбеди превод на албански или на македонски јазик, јазиците на кои медиумот емитува програма согласно дозволата. |
| 28 | Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА | Уп1 бр. 03-222 од 29.7.2025 година | Член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ | Радиодифузерот, во рамките на својот телевизиски програмски сервис, на 3 јуни 2025 година не емитуваше најмалку 30 % програма |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | УСКАНА МЕДИА ДООЕЛ Кичево | | | изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, ниту, пак, најмалку половина од законскиот минимум изворно создадена програма како македонски аудиовизуелни дела го емитуваше во периодот од 7.00 до 19.00 часот. |
| 29 | Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА УСКАНА МЕДИА ДООЕЛ Кичево | Уп1 бр. 03-223 од 29.7.2025 година | Член 51 став 1 од ЗААВМУ | Радиодифузерот, во рамките на својот телевизиски програмски сервис емитуван на 3 јуни 2025 година, не ги обезбеди информациите што треба да им се направат достапни на корисниците. |
| 30 | Трговско радиодифузно друштво ТВ КАНАЛ ФЕСТА ДООЕЛ Куманово | Уп1 бр. 03-243 од 8.8.2025 година | Член 50 став 3 од ЗААВМУ и член 20 и 21 од Правилникот за заштита на малолетните лица | На телевизискиот програмски сервис на радиодифузерот, емитуван на 3 јуни 2025 година, пред емитувањето на повеќе програми од прва и втора категорија беше употребена неправилна предупредувачка сигнализација за заштита на малолетните лица, што не е пропишана во Правилникот за заштита на малолетните лица. |
| 31 | Трговско радиодифузно друштво ТВ КАНАЛ ФЕСТА ДООЕЛ Куманово | Уп1 бр. 03-246 од 8.8.2025 година | Член 14 од ЗМ | Радиодифузерот, во рамките на својот телевизиски програмски сервис емитуван на 3 јуни 2025 година, не ги објави податоците за импресум на верската програма „Kurani fisnik me titra shqip“ и културно-уметничката програма „80 Vjet Dituri“ Sh.F.K. „Bajram Shabani“ |
| 32 | Трговско радиодифузно друштво ЏЕЗ ФМ Љупчо - ДООЕЛ Скопје | Уп1 бр. 03-354 од 26.12.2025 година | Член 80 ставови 7, 8 и 9 од ЗААВМУ, а во врска со точка 4 од Насоките за доброволно пријавување на радијата за емитување домашна музика | Радиодифузерот, во рамките на својот радиопрограмски сервис, на 11 ноември 2025 година, во перидот од 6.00 до 00.00 часот, наместо најмалку 10 %, емитуваше 2.77 % домашна музика од вкупно емитуваната музика во анализираното денонокие. |

**ПРИЛОГ БР. 1.3.**

## Решенија за преземање мерка – јавна опомена и јавно опоменување и исклучување на реемитувањето на програмските сервиси кон операторите на јавна електронска комуникациска мрежа во 2025 година

| Реден бр. | Назив на операторот | Уп 1 број и датум на решение (ден, месец, година) | Прекршена одредба од ЗААВМУ | Опис на прекршувањето |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Друштво за производство, трговија, угостителство, сообраќај и услуги МУЛТИМЕДИЈА НЕТВОРК Л ДООЕЛ експорт-импорт Гостивар | Уп1 бр. 11-21 од 31.1.2025 година | член 141 | За своите корисници реемитувале програмски сервиси кои не се регистрирани во Агенцијата согласно член 141 од ЗАВМУ. |
| 2 | Друштво за трговија и услуги ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје | Уп1 бр. 11-173 од 5.6.2025 година | | |
| 3 | Трговско друштво за производство, трговија и услуги АЛТРА – САТ 2000 ДООЕЛ Охрид | Уп1 бр. 11-210 од 8.7.2025 година | | |
| 4 | Друштво за производство, трговија, телекомуникации и услуги ГЛОБАЛСАТ ДООЕЛ Скопје | Уп1 бр. 11-306 од 21.10.2025 година | | |
| 5 | Друштво за телекомуникации и услуги НЕОТЕЛ АД увоз-извоз Скопје | Уп1 бр. 11-315 од 6.11.2025 година | | |
| 6 | Друштво за производство, трговија, угостителство, сообраќај и услуги МУЛТИМЕДИЈА НЕТВОРК Л ДООЕЛ експорт-импорт Гостивар | Уп1 бр. 11-19 од 31.1.2025 година | член 143 став 1 | На територијата на општина Кичево го реемитувал програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ КОХА Меваип ДООЕЛ Тетово, кое од АВМУ има добиено дозвола за емитување на регионално ниво за регион Д8 - Попова Шапка (Тетово, Гостивар, Врапчишта, Боговиње, Брвеница, Теарце, Јегуновце, Желино), што е спротивно на член 143 став 1 од ЗАВМУ |
| 7 | Друштво за производство, трговија, угостителство, сообраќај и услуги МУЛТИМЕДИЈА НЕТВОРК Л ДООЕЛ експорт-импорт Гостивар | Уп1 бр. 11-20 од 31.1.2025 година | член 144 став 3 | До АВМУ не доставуваа сигнал со иста содржина со онаа што им е достапна на нивните претплатници, што е спротивно на член 144 став 3 од ЗАВМУ. |
| 8 | Трговско радиодифузно друштво - оператор на кабелска мрежа ВИВА НЕТ ДООЕЛ Берово | Уп1 бр. 11-312 од 3.11.2025 година | | |

**ПРИЛОГ БР. 1.4.**

## Покренати прекршочни постапки/спроведени постапки за порамнување против радиодифузери и оператори на јавна електронска комуникациска мрежа за констатирани прекршувања на ЗААВМУ и подзаконските акти во 2025 година

### Телевизии

| 1. Трговско радиодифузно друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје | |
|---|---|
| Одредба од ЗААВМУ која е прекршена | Член 50 став 3 од ЗААВМУ и членовите 20 и 21 од Правилникот за заштита на малолетните лица |
| Опис на прекршувањето | Радиодифузерот, во рамките на својот телевизиски програмски сервис, на 11 декември 2024 година, со неправилна примена на сигнализација за втора категорија (8+) ги емитувал премиерните и репризираните епизоди од играниот серијал „I egri (Yabani)" и премиерната епизода од играниот серијал „Jetë të thyera (Kırık hayatlar)". |
| Пропишани глоби во закон | Од 1.000 евра до 5.000 евра за правното лице и 500 евра за одговорното лице на програмата во правното лице |
| Година на спроведување | 2025 година |
| Успешно спроведена постапка за порамнување | Да |
| Барање за поведување прекршочна постапка (архивски број и датум) | / |
| Тек на постапката | Завршена постапка |
| Фаза на прекршочната постапката | Успешно спроведена постапка за порамнување - платена глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност за правното лице и глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност за одговорното лице на програмата во правното лице. |

Владата на РСМ со Одлука бр.50-8237/3 од 04.09.2025 година одобри средства од Буџетот на РСМ во вкупен износ од 11.270.000,00 денари на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за следење на локалните избори во 2025 година. Овие средства беа наменети исклучиво за финансирање на активностите на Агенцијата за време на изборните процеси и беа префрлени на посебна сметка. Агенцијата средствата ги искористи за следните намени:

- за привремени вработувања беа искористени вкупно 4.445.069,00 денари со вклучен ДДВ;
- за услугата – пренос на податоци од далечински локации со неограничен вклучен сообраќај во двата правци (download/upload) беа потрошени средства во вкупен износ од 675.432,00 денари;
- за адвокатски трошоци беа потрошени средства во вкупен износ од 122.000,00 денари;
- за телефонски трошоци беа потрошени средства во вкупен износ од 389.254,00 денари;
- за одржување на софтверот на системот за мониторирање на радио и ТВ-сервиси и надзор на ОЈЕКМ (оператори на јавна електронска комуникациска мрежа) беа потрошени средства во вкупен износ од 1.179.816,00 денари;
- за поштенски трошоци беа потрошени средства во вкупен износ од 20.050,00 денари;
- за канцелариски материјали беа потрошени средства во вкупен износ од 25.160,00 денари;
- за обезбедување податоци добиени со електронско мерење за гледаноста на платеното политичко рекламирање, со детални податоци за емитуваното ППР на националните терестријални телевизии за време на Локалните избори 2025 година беа потрошени средства во вкупен износ од 512.120,00 денари и
- за одржување на хардвер на системот за мониторирање на радио и ТВ-сервиси и надзор на ОЈЕКМ (оператори на јавна електронска комуникациска мрежа), беа потрошени средства во вкупен износ од 207.975,00 денари.

Исто така, од оваа сметка се платија банкарски провизии и месечни провизии за водење на сметката во вкупен износ од 4.852,00 денари и со тоа од Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година, вкупно беа искористени 7.581.728,00 денари.

Неискористените средства во вкупен износ од 3.688.272,00 денари, Агенцијата продолжи да ги користи и во 2026 година, од причина што Собранието на РСМ распиша повторни избори за градоначалник на општина Гостивар, градоначалник на општина Врапчиште, градоначалник на општина Маврово и Ростуше и градоначалник на општина Центар Жупа (кои се одржаа на 11 јануари 2026 година) и истите се

исклучиво за исполнување на законските обврски по повод изборните активности во 2026 година (локалните избори во четири општини).

По завршување на изборните активности, Агенцијата достави до Министерството за финансии на РСМ детално образложение за реалните трошоци направени за реализација на активностите на Агенцијата за време на изборните процеси (локални избори во 2025 и 2026 година) и вишокот средства во целост ќе се вратат во Буџетот на РСМ.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги средствата за финансирање на радиодифузна дејност ги обезбедува согласно член 105 став (1) и (2) од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20, 77/21, 154/23, 55/24, 193/24 и 247/25) кои гласат:

(1) „Средствата за финансирање на радиодифузната дејност, за работењето и развојот на МРТ, Јавното претпријатие „Македонска радиодифузија“ и Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија, во висина од 1 % од реализираните даночни приходи утврдени во последната донесена завршна сметка на Буџетот на Република Северна Македонија“.
(2) Средствата од ставот 1 се распоредуваат на следниот начин:
- 80 % за МРТ за покривање трошоци за создавање и емитување на програмите и за техничко-технолошки развој,
- 15 % за ЈП „Македонска радиодифузија“ за одржување, употреба и развој на јавната радиодифузна мрежа и
- 5 % за Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Износот што ѝ се исплаќа на Агенцијата согласно закон се пресметува на годишно ниво, но обврската за исплата е на месечно ниво.

Во врска со цитираното законско решение, во последната донесена завршна сметка на Буџетот на РСМ за 2023 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.169/2024) е наведено дека вкупните реализирани даночни приходи во 2023 година во Буџетот на РСМ изнесувале 157.733.000.000,00 денари. Оттука, во Буџетот на РСМ кој се однесуваше за 2025 година, објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија бр.254 од 16.12.2024 година, определени се точно средствата наменети за финансирање на радиодифузната дејност, односно 1 % од реализираните даночни приходи изнесува 1.577.330.000,00 (една милијарда и петстотини седумдесет и седум милиони и триста и триесет илјади денари, од кои 5 % за Агенцијата кои на годишно ниво изнесуваат 78.866.500,00 денари, поточно месечен износ од 6.572.208,00 денари.

Почнувајќи од јануари 2025 година заклучно со ноември 2025 година, Министерството за дигитална трансформација на сметка на Агенцијата го исплаќаше точниот месечен износ од 6.572.208,00 денари, додека за декември 2025 година на Агенцијата по оваа основа ѝ беа префрлени 1.572.208,00 денари, што е за 5.000.000,00 денари помалку.

Од таа причина, Агенцијата со Дописи се обрати до надлежното министерство со Барање информација во врска со помалку исплатените парични средства за финансирање на радиодифузната дејност (наш арх бр.03-289/1 од 23.01.2026 година и наш арх. бр.03-289/2 од 20.02.2026 година) за декември 2025 година и до сега Агенцијата нема добиено повратен одговор.

Согласно сè то е погоре наведено, Вкупните приходи кои се остварија во 2025 година за финансирање на радиодифузната дејност и од наплата на радиодифузна такса изнесуваа 74.117.431,00 денари.

Во 2025 година, по основ на приходи од дозволи за телевизиско и радиоемитување се остварија средства во вкупен износ од 47.495.388,00 денари.

Од регистарот на радиодифузери во 2025 година по разни основи се избришани следните радиодифузери:

- Непрофитната радиодифузна организациона единица УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО СТУДЕНТ ФМ 92.9;
- Непрофитната радиодифузна установа УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УГД ФМ – Универзитет „Гоце Делчев“ Штип и
- Трговското радиодифузно друштво КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт – импорт Сарај Скопје.

Согласно член 142, став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и 154/23 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20, 77/21 154/23, 55/24, 193/24 и 247/25), Агенцијата остварува приходи и од надзор за реемитување програмски сервиси и од даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање. Тие приходи во 2025 година изнесуваа 10.751.766,00 денари.

Во 2025 година се остварени и приходи од транзитни фактури во износ од 1.072.760,00 денари. Тие се остварени од издадени транзитни фактури од страна на Агенцијата за потрошена електрична енергија, за одржување лифтови и платформа и за одржување и сервисирање на системот за ладење, греење и вентилација.

Агенцијата исто така оствари и други приходи во износ од 316.927,00 денари.

**<u>Структурата на вкупните приходи е претставена во Прилог бр.1 составен дел на Извештајот.</u>**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 11.2.2025 година донесе одлука (наш арх.бр.05-602/1) за доделување финансиска помош – донација на Јавната здравствена установа – Специјализираната болница за геријатриска палијативна медицина „13 Ноември“ Скопје, во износ од 1.000.000,00 (еден милион) денари, за реализирање на „Проект за енергетска ефикасност за ЈЗУ СБГПМ 13 Ноември Скопје“, чија цел е поставување нов самоодржлив систем за затоплување вода преку систем на сончеви колектори, кој е енергетски поефикасен од системот што во моментот го користи болницата, поисплатлив, поекономичен и еколошки, при што ќе се обезбеди заштита на човековите права, преку поквалитетна нега и лична хигиена за геријатриските и палијативните пациенти, намалување на сметките за електрична енергија на болницата, како и заштита на животната средина, зелен развој, намалување на аерозагадувањето и влијанието на климатските промени. За таа цел, Агенцијата потпиша договор за донација со Јавната здравствена установа – Специјализираната болница за геријатриска палијативна медицина „13 Ноември“ Скопје и истите Агенцијата ги префрли на 11.4.2025 година, по добиеното позитивно мислење за јавен интерес од страна на Министерството за правда на РСМ.

Агенцијата на 20.3.2025 година донесе одлука (наш арх. бр.05-1137/1) за доделување финансиска помош – донација во износ од 1.500.000,00 (еден милион и петстотини илјади) денари, како помош за граѓаните настрадани во стравичната несреќа – пожарот што се случи во Кочани на 16.3.2025 година, кои се спроведоа преку Црвениот крст на Република Северна Македонија, како примател на донацијата. За таа цел, Агенцијата потпиша договор за донација со Црвениот крст на Република Северна Македонија и истите

Агенцијата ги префрли на 16.4.2025 година, по добиеното позитивно мислење за јавен интерес од страна на Министерството за правда на РСМ.

Исто така, Агенцијата на 20.3.2025 година донесе уште една одлука (наш арх. бр.05-1138/1) за доделување финансиска помош – донација на Трговското радиодифузно друштво ТВ КОХА Меваип ДООЕЛ Тетово, во износ од 500.000,00 (петстотини илјади) денари, за санирање на последиците од пожарот што на 8.3.2025 година зафатил дел од просториите на радиодифузерот, со цел поддршка на активностите на радиодифузерот за непречено вршење на неговата дејност – емитување телевизиска програма и содржини од значење за регионот Д8 – Попова Шапка (Тетово, Гостивар, Врапчиште, Боговиње, Брвеница, Теарце, Јегуновце, Желино), како и обезбедување сигурност и заштита на вработените. За таа цел, Агенцијата потпиша договор за донација со Трговското радиодифузно друштво ТВ КОХА Меваип ДООЕЛ Тетово и истите Агенцијата ги префрли на 7.5.2025 година, по добиеното позитивно мислење за јавен интерес од страна на Министерството за правда на РСМ.

**Вкупните расходи во 2025 година изнесуваат 146.963.368,00 денари.**

Расходите се однесуваат на следните цели:

- за потрошени суровини и материјали, за набавка на горива за службените моторни возила, за набавка на канцелариски материјали, средства за лична хигиена, за потрошена вода, за плаќање на комунална хигиена, за набавка на потрошен информатички материјал, се потрошени средства во износ од 828.429,00 денари;
- потрошена електрична енергија во која влегува и потрошувачката на чилерот топлинска енергија во износ од 3.391.995,00 денари;
- за инвестициско одржување на средствата, односно за редовно одржување и сервисирање на службените возила, миење на службените возила, за одржување на компјутерската опрема и другата ИКТ (информатичко-комуникациска технологија) опрема на Агенцијата, за одржување на системот за мониторирање на радио и ТВ-сервиси и надзор на ОЈЕКМ (оператори на јавна електронска комуникациска мрежа) на Агенцијата, за одржување на хардверот на системот за мониторирање на радио и ТВ-сервиси и надзор на ОЈЕКМ (оператори на јавна електронска комуникациска мрежа), за одржување на постојните веб-страници на Агенцијата (општата веб-страница: www.avmu.mk, www.rodotimediumite.mk, www.mediumskapismenost.mk и веб-страницата за избори и медиуми), за одржување на модулот за архивско работење и одржување на интегрираниот софтвер за правно, финансиско и економско работење, за превентивно и адаптивно одржување на системот за автоматско управување со документи (ДМС – документ менаџмент систем), за одржување и сервис на фотокопир-апарати и печатачи, за одржување на противпожарна – сплинкер-инсталација (сува потстаница, прскалки и пумпи) и ПП-апарати, за ангажирање фирма за водоинсталатерски и електричарски услуги, за одржување и сервисирање на системот за ладење, греење и вентилација, како и за техничко одржување на лифтови и платформа се потрошени средства во износ од 9.922.566,00 денари;
- за печатарски услуги се потрошени средства во износ од 367.100,00 денари;
- за поштенски трошоци, за телефонски давачки во кои влегуваат мобилната и фиксната телефонија, како и за други давачки за превозни услуги, се потрошени средства во износ од 1.600.557,00 денари;
- за издатоци за репрезентација се потрошени средства во износ од 684.580,00 денари;

- за наемнина за користење градежни објекти, односно средства наменети за изнајмување простор за колокација на ИКТ-опрема на 8 различни локации во РСМ се потрошени средства во износ од 1.202.790,00 денари;
- за издатоци за судски и административни такси, за издатоци за набавка на весници, списанија, стручна литература, интернет-пристап на електронски изданија на „Службен весник на РСМ“, како и печатени изданија на „Службен весник“ за тековната година и за учество на семинари, работилници, конференции, советувања и сл. се потрошени средства во износ од 176.012,00 денари;
- за технички преглед и регистрација на службените моторни возила се потрошени средства во износ од 38.815,00 денари;
- за одржување на денови на медиумска писменост од страна на Агенцијата се потрошени средства во износ од 1.473.079,00 денари;
- за провизија за платен промет и банкарска провизија се потрошени средства во износ од 96.116,00 денари;
- за осигурување на деловниот објект на Агенцијата, за осигурување на опремата што ја поседуваме, за осигурување на службените моторни возила, за осигурување за автоодговорност при регистрација, за зелени картони и патничко осигурување, се потрошени средства во износ од 270.027,00 денари;
- за исплата на патни трошоци, дневници за службени патувања во земјата и странство, за надомест на трошоци за превоз за службени патувања во земјата и странство, за трошоци за ноќевање во земјата и странство, се потрошени средства во износ од 1.313.328,00 денари;
- за јубилејни награди се потрошени средства во износ од 242.217,00 денари;
- за други надоместоци за вработените се потрошени средства во износ од 3.528.404,00 денари;
- за надоместоци за членовите на Советот на Агенцијата заклучно со 23.06.2025 година се потрошени средства во износ од 6.059.098,00 денари;
- за пресметани негативни курсни разлики се потрошени средства во износ од 2.023,00 денари;
- за годишна членарина во меѓународната платформа на регулаторни тела (ЕПРА) се потрошени средства во износ од 253.175,00 денари;
- за договорни услуги, односно за ангажман преку Агенција за привремени вработувања за надворешни соработници, кои во најголем дел беа ангажирани за следење на изборните активности во 2025 година (локални избори), за ангажирање биро за преведување и за одржување на хигиената во деловните простории на Агенцијата се потрошени средства во износ од 10.598.600,00 денари;
- за адвокатски услуги се потрошени средства во износ од 366.000,00 денари;
- за нотарски услуги се потрошени средства во износ од 13.403,00 денари;
- за други лични и интелектуални услуги наменети за обуки за вработените во Агенцијата се потрошени средства во износ од 167.817,00 денари;
- за анализа на родовите прашања и на начинот на прикажување и претставување на жените и на мажите во програмите на радиодифузерите се потрошени средства во износ од 338.478,00 денари;
- за обезбедување податоци добиени со електронско мерење, за гледаноста на платеното политичко рекламирање со детални податоци за емитување ППР (платено политичко рекламирање) на националните терестријални телевизии за време на локалните избори во 2025 година се потрошени средства во износ од 512.120,00 денари;
- за други расходи, односно за интернет-дистрибутивниот систем на Централен регистар, за ревизорски услуги, за интернет-конекција со хостирање на постојните интернет-страници на Агенцијата, за закуп на простор за објавување огласи во дневни весници, за службени огласи, за пренос на податоци од далечински локации (8 локации во РСМ) со неограничен вклучен

сообраќај по локација во двата правци (download/upload) во седиштето на Агенцијата и за други трошоци се потрошени средства во износ од 3.067.449,00 денари;
- за набавка на канцелариски мебел и канцелариска опрема се потрошени средства во износ од 22.370,00 денари;
- за извршена набавка на ИКТ (информатичко-комуникациска технологија) опрема и за модернизација на сервер сала, се потрошени средства во износ од 4.666.626,00 денари;
- за набавка на дигитални сертификати за електронски потпис на токен, за лиценца за уред за безбедност на компјутерската мрежа (Firewall), за лиценци за софтвер за автоматско бекапирање на податоци и за ресертификација на ISO-стандардот 9001:2015 се потрошени средства во износ од 962.340,00 денари;
- за финансиска помош - донации се потрошени средства во износ од 3.000.000,00 денари;
- за исплата на бруто-плати на вработените во стручната служба се потрошени средства во износ од 91.679.888,00 денари и
- за даноци и придонеси кои се однесуваат за отпис на ненаплатените побарувања се потрошени средства во износ од 117.966,00 денари.

**<u>Поединечните расходи се наведени во Прилог бр.1 составен дел на овој Извештај.</u>**

Вкупно остварените расходи во 2025 година се поголеми за 5.627.368,00 денари во однос на вкупно остварените приходи во истата година. Доколку Министерството за дигитална трансформација на сметка на Агенцијата за декември 2025 година го исплатеше точниот месечен износ од 6.572.208,00 денари, наместо 1.572.208,00 денари (што е за 5.000.000,00 денари помалку), немаше да се појави толку голема разлика меѓу расходите и приходите за 2025 година.

Сметководствената вредност на основните средства во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на крајот на 2025 година изнесува 299.451.458,00 денари. Пресметаната амортизација (исправка на вредноста) за 2025 година изнесува 8.697.871,00 денари.

По годишната сметка за 2025 година имаме побарувања за повеќе платени даноци и придонеси во износ од 4.906.918,00 денари. Тие се однесуваат на побарувања по основ на данок на вкупен приход и данок на додадена вредност.

Вкупните побарувања на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги по основ на издадени фактури од минати години, како и од тековната 2025 година според годишната сметка за 2025 година изнесуваат 1.925.823,00 денари.

Вкупните обврски кои ги има Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги кон доверителите според годишната сметка за 2025 година изнесуваат 1.128.058,00 денари. Овие долгови се однесуваат за недоспеани обврски, кои во најголем дел се платени во јануари 2026 година.

Агенцијата според годишната сметка за 2025 година има обврска за уплата на данок на вкупен приход на непрофитни организации во висина од 1 % од остварените даночни приходи во износ од 583.199,00 денари.

**Прилог бр. 1**

## РЕАЛИЗИРАНИ ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2025 ГОДИНА

А РАСХОДИ

| Поставка | Расходи | Планирано 2025 | Реализирано 2025 |
|---|---|---|---|
| | Вкупно расходи | **202.429.722,00** | **146.963.368,00** |
| **400** | **Потрошени материјали** | **1.908.000,00** | **828.429,00** |
| 400002 | Ситен инвентар во употреба | 150.000,00 | 0,00 |
| 400100 | Потрошено гориво, мазиво и сл. | 450.000,00 | 157.718,00 |
| 400300 | Потрошени канцелариски материјали | 360.000,00 | 99.407,00 |
| 400500 | Потрошени материјали за лична хигиена, вода и сл. | 612.000,00 | 359.116,00 |
| 400700 | Потрошени други материјали и суровини | 236.000,00 | 212.188,00 |
| 400900 | Потрошени резервни делови | 100.000,00 | 0,00 |
| **401** | **Потрошена енергија** | **9.900.000,00** | **3.391.995,00** |
| 401000 | Потрошена електрична енергија | 8.500.000,00 | 2.782.176,00 |
| 401100 | Потрошена топлинска енергија | 1.400.000,00 | 609.819,00 |
| **402** | **Инвестициско одржување на средствата** | **15.343.000,00** | **9.922.566,00** |
| 402010 | Поправки изврш. на добрата,сервис, монтажа-леки коли | 400.000,00 | 371.319,00 |
| 402020 | Поправки изврш. на добрата,сервис, монтажа-мебел | 50.000,00 | 0,00 |
| 402030 | Поправки изврш. на добрата,сервис, монтажа-хардвер и софтвер | 10.801.000,00 | 8.484.407,00 |
| 402040 | Поправки изврш. на добрата, сервис, монтажа-опрема | 3.192.000,00 | 915.209,00 |
| 402050 | Поправка, одржување градежни објекти | 900.000,00 | 151.631,00 |
| **403** | **Други услуги** | **708.000,00** | **367.100,00** |
| 403400 | Печатарски услуги | 708.000,00 | 367.100,00 |
| **404** | **Превозни транспортни услуги** | **1.950.000,00** | **1.600.557,00** |
| 404500 | Поштарина (писма, печ.материјал, пакети и сл.) | 300.000,00 | 162.401,00 |
| 404600 | Телефонски давачки, давачки за тел. и слично | 1.630.000,00 | 1.438.156,00 |
| 404900 | Други давачки за превозни услуги | 20.000,00 | 0,00 |
| **405** | **Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација** | **1.100.000,00** | **684.580,00** |
| 405000 | Издатоци за репрезентација | 1.100.000,00 | 684.580,00 |
| **408** | **Наемнини** | **8.660.000,00** | **1.202.790,00** |
| 408000 | Наемнина за користење градежни објекти | 1.400.000,00 | 1.202.790,00 |
| 408100 | Наемнина за користење опрема | 7.230.000,00 | 0,00 |
| 408500 | Други видови наемнини | 30.000,00 | 0,00 |
| **409** | **Други материјални расходи** | **2.964.000,00** | **1.687.906,00** |
| 409000 | Судски и административни такси | 200.000,00 | 10.006,00 |
| 409100 | Издатоци за стручна литература | 250.000,00 | 121.610,00 |
| 409200 | Расходи за учество на семинар, советување и сл, | 350.000,00 | 44.396,00 |
| 409300 | Расходи за регистрација на моторни возила | 40.000,00 | 38.815,00 |
| 409500 | Расходи за одржување конгреси, работилници | 2.124.000,00 | 1.473.079,00 |
| **410** | **Провизија за платен промет** | **120.000,00** | **96.116,00** |
| 410100 | Провизија за платен промет | 90.000,00 | 81.265,00 |
| 410200 | Банкарска провизија | 30.000,00 | 14.851,00 |
| **412** | **Премии за осигурување** | **1.600.000,00** | **270.027,00** |
| 412100 | Премии за осигурување недвижности и права | 350.000,00 | 213.922,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 412200 | Премии за осигурување моторни возила | 150.000,00 | 56.105,00 |
| 412500 | Премии за приватно здравствено осигурување | 1.100.000,00 | 0,00 |
| **413** | **Дневници за службени патувања и патни трошоци** | **3.920.000,00** | **1.313.328,00** |
| 413000 | Дневници за службени патувања во земјата | 100.000,00 | 26.400,00 |
| 413100 | Дневници за службени патувања во странство | 600.000,00 | 221.756,00 |
| 413200 | Надомест за трошоци за превоз за службен пат во земјата | 100.000,00 | 14.970,00 |
| 413300 | Надомест за трошоци за превоз за службен пат во странство | 1.700.000,00 | 428.339,00 |
| 413400 | Надомест за трошоци за ноќевање на сл.пат во земјата | 250.000,00 | 81.610,00 |
| 413500 | Надомест за трошоци за ноќевање на сл.пат во странство | 1.100.000,00 | 526.431,00 |
| 413720 | Др.надом.во врска со служ.пат. во странство | 70.000,00 | 13.822,00 |
| **414** | **Надоместоци на трошоци на работници и граѓани** | **11.705.000,00** | **9.829.719,00** |
| 414800 | Јубилејни награди | 245.000,00 | 242.217,00 |
| 414900 | Други надоместоци | 5.400.000,00 | 3.528.404,00 |
| 414901 | Други надоместоци - членови на Совет на Агенцијата | 6.060.000,00 | 6.059.098,00 |
| **415** | **Курсни разлики** | **0,00** | **2.023,00** |
| **415000** | Негативни курсни разлики | 0,00 | 2.023,00 |
| **416** | **Членарини** | **259.000,00** | **253.175,00** |
| 416300 | Членарини на меѓународни и други организации | 259.000,00 | 253.175,00 |
| **417** | **Интелектуални и други услуги** | **21.536.000,00** | **11.996.418,00** |
| 417100 | Договорни услуги | 16.533.000,00 | 10.598.600,00 |
| 417400 | Адвокатски услуги | 500.000,00 | 366.000,00 |
| 417500 | Нотарски услуги | 50.000,00 | 13.403,00 |
| 417700 | Други лични и интелектуални услуги | 900.000,00 | 167.817,00 |
| 417800 | Други неспомнати услуги - истражување | 3.553.000,00 | 850.598,00 |
| **418** | **Останати други расходи** | **6.582.000,00** | **3.067.449,00** |
| 418800 | Други расходи | 6.582.000,00 | 3.067.449,00 |
| **441** | **Средства за опрема** | **5.438.000,00** | **4.688.996,00** |
| 441000 | Купување канцелариски мебел | 300.000,00 | 22.370,00 |
| 441200 | Купување – набавка на машини, уреди, инструменти (ИКТ-опрема) | 4.838.000,00 | 4.526.626,00 |
| 441500 | Купување - набавка на друга опрема | 300.000,00 | 140.000,00 |
| **442** | **Други капитални средства** | **5.007.000,00** | **962.340,00** |
| 442100 | Откуп на патенти, лиценци и други права | 5.007.000,00 | 962.340,00 |
| **450** | **Помош, донации и други давања на субјекти** | **3.000.000,00** | **3.000.000,00** |
| 450100 | Помош, донации и други давања на субјекти | 3.000.000,00 | 3.000.000,00 |
| **460** | **Вкалкулирани плати** | **100.729.722,00** | **91.679.888,00** |
| 460000 | Нето-плати и надомести на плати | 65.835.315,00 | 60.119.034,00 |
| 460200 | Персонален данок на плати и надомест на плати | 6.690.086,00 | 5.891.820,00 |
| 460300 | Придонес за пензиско и инвалидско осигурување | 18.937.187,00 | 17.234.953,00 |
| 460310 | Придонес за вработување | 1.208.754,00 | 1.100.097,00 |
| 460320 | Придонес за здравствено осигурување | 7.554.726,00 | 6.875.630,00 |
| 460330 | Придонес за професионално заболување | 503.654,00 | 458.354,00 |
| **470** | **Даноци и придонеси кои се однесуваат за отпис на ненаплатени побарувања** | **0,00** | **117.966,00** |
| 470000 | Даноци и придонеси кои се однесуваат за отпис на ненаплатени побарувања | 0,00 | 117.966,00 |

## Б ПРИХОДИ

| **Ставка** | Приходи | **Планирано 2025** | **Реализирано 2025** |
|---|---|---|---|
| | Приход од Буџетот на РСМ за изборни процеси во 2025 година (локални избори) | 13.000.000,00 | 7.581.728,00 |
| | Финансиски средства од Буџетот на РСМ и приходи од наплатена радиодифузна такса | 78.800.000,00 | 74.117.431,00 |
| | Приходи остварени од надоместоци за дозволи за телевизиско и радиоемитување | 50.000.000,00 | 47.495.388,00 |
| | Приходи од надзор за реемитување програмски сервиси на оператори на јавна електронска комуникациска мрежа и од даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање | 10.500.000,00 | 10.751.766,00 |
| | Приходи од транзитни фактури | 1.000.000,00 | 1.072.760,00 |
| | Други приходи | 0,00 | 316.927,00 |
| | Пренесени вишок средства од мината година | 49.129.722,00 | |
| | Вкупно | **202.429.722,00** | **141.336.000,00** |

**Прилог бр. 2**

## РЕАЛИЗИРАНИ ПРИХОДИ И ОСТВАРЕНИ РАСХОДИ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА 2025 ГОДИНА, ГРУПИРАНИ ПО ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА

РЕАЛИЗИРАНИ ПРИХОДИ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА 2025 ГОДИНА КОИ НЕ СЕ ГРУПИРАНИ ПО ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА

| Ставка | Приходи | Реализирани средства |
|---|---|---|
| | Приход од Буџетот на РСМ за изборни процеси во 2025 година (локални избори) | 7.581.728,00 |
| | Приходи од Буџетот на РСМ и приходи од наплатена радиодифузна такса | 74.117.431,00 |
| | Приходи остварени од надоместоци за дозволи за телевизиско и радиоемитување | 47.495.388,00 |
| | Приходи од надзор за реемитување програмски сервиси на оператори на јавна електронска комуникациска мрежа и од даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање | 10.751.766,00 |
| | Приходи од транзитни фактури | 1.072.760,00 |
| | Други приходи | 316.927,00 |
| | Вкупно | **141.336.000,00** |

ОСТВАРЕНИ РАСХОДИ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА 2025 ГОДИНА КОИ НЕ МОЖАТ ДА СЕ ГРУПИРААТ ПО ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА

| | | |
|---|---|---|
| **401** | **Потрошена енергија** | **3.391.995,00** |
| 401000 | Потрошена електрична енергија | 2.782.176,00 |
| 401100 | Потрошена топлинска енергија | 609.819,00 |
| **404** | **Превозни транспортни услуги** | **1.600.557,00** |
| 404500 | Поштарина (писма, печ.материјал, пакети и сл.) | 162.401,00 |
| 404600 | Телефонски давачки, давачки за тел. и слично | 1.438.156,00 |
| **405** | **Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација** | **684.580,00** |
| 405000 | Издатоци за репрезентација | 684.580,00 |
| **408** | **Наемнини** | **1.202.790,00** |
| 408000 | Наемнина за користење градежни објекти | 1.202.790,00 |
| **409** | **Други материјални расходи** | **214.827,00** |
| 409000 | Судски и административни такси | 10.006,00 |
| 409100 | Издатоци за стручна литература, весници и сл. | 121.610,00 |
| 409200 | Расходи за учество на семинар, советување и сл, | 44.396,00 |
| 409300 | Расходи за регистрација на моторни возила | 38.815,00 |
| **410** | **Провизија за платен промет** | **96.116,00** |
| 410100 | Провизија за платен промет | 81.265,00 |
| 410200 | Банкарска провизија | 14.851,00 |
| **412** | **Премии за осигурување** | **270.027,00** |
| 412100 | Премии за осигурување недвижности и права | 213.922,00 |
| 412200 | Премии за осигурување моторни возила | 56.105,00 |

| | | |
|---|---|---|
| **413** | **Дневници за службени патувања и патни трошоци** | **1.313.328,00** |
| 413000 | Дневница за службени патувања во земјата | 26.400,00 |
| 413100 | Дневница за службени патувања во странство | 221.756,00 |
| 413200 | Надомест за трошоци за превоз за службен пат во земјата | 14.970,00 |
| 413300 | Надомест за трошоци за превоз за службен пат во странство | 428.339,00 |
| 413400 | Надомест за трошоци за ноќевање за службен пат во земјата | 81.610,00 |
| 413500 | Надомест за трошоци за ноќевање за службен пат во странство | 526.431,00 |
| 413720 | Други надоместоци во врска со службени патувања во странство | 13.822,00 |
| **414** | **Надоместоци на трошоци на работници и граѓани** | **9.829.719,00** |
| 414800 | Јубилејни награди | 242.217,00 |
| 414900 | Други надоместоци | 3.528.404,00 |
| 414901 | Други надоместоци – членови на Совет на Агенцијата | 6.059.098,00 |
| **415** | **Курсни разлики** | **2.023,00** |
| 415100 | Негативни курсни разлики | 2.023,00 |
| **416** | **Членарини** | **253.175,00** |
| 416300 | Членарини во меѓународни и други организации | 253.175,00 |
| **417** | **Интелектуални и други расходи** | **10.766.417,00** |
| 417100 | Договорни услуги | 10.598.600,00 |
| 417700 | Други лични и интелектуални услуги | 167.817,00 |
| **418** | **Останати други расходи** | **3.067.449,00** |
| 418800 | Други расходи | 3.067.449,00 |
| **441** | **Средства за опрема** | **4.548.996,00** |
| 441000 | Купување канцелариски мебел | 22.370,00 |
| 441200 | Купување - набавка на машини, уреди, инструменти (ИКТ-опрема) | 4.526.626,00 |
| **442** | **Други капитални средства** | **962.340,00** |
| 442100 | Откуп на патенти, лиценци и други права | 962.340,00 |
| **450** | **Помош, донации и други давања на субјекти** | **3.000.000,00** |
| 450100 | Помош, донации и други давања на субјекти | 3.000.000,00 |
| **460** | **Вкалкулирани плати** | **91.679.888,00** |
| 460000 | Нето плати и надомести на плати | 60.119.034,00 |
| 460200 | Персонален данок на плати и надомест на плати | 5.891.820,00 |
| 460300 | Придонес за пензиско и инвалидско осигурување | 17.234.953,00 |
| 460310 | Придонес за вработување | 1.100.097,00 |
| 460320 | Придонес за здравствено осигурување | 6.875.630,00 |
| 460330 | Придонес за професионално заболување | 458.354,00 |
| **470** | **Даноци и придонеси кои се однесуваат за отпис на ненаплатени побарувања** | **117.966,00** |
| 470000 | Даноци и придонеси кои се однесуваат за отпис на ненаплатени побарувања | 117.966,00 |
| | **Вкупно** | **133.002.193,00** |

# ОСТВАРЕНИ РАСХОДИ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА 2025 ГОДИНА КОИ СЕ ГРУПИРАНИ ПО ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА

## СЕКТОР ЗА ПОДДРШКА НА РАБОТАТА НА ДИРЕКТОРОТ И НА СОВЕТОТ

| **403** | **Други услуги** | **367.100,00** |
|---|---|---|
| 403400 | Печатарски услуги | 367.100,00 |
| | **Вкупно** | **367.100,00** |

## СЕКТОР ЗА ПРОГРАМСКИ РАБОТИ

| **409** | **Други материјални расходи** | **1.473.079,00** |
|---|---|---|
| 409500 | Расходи за одржување работилници | 1.473.079,00 |
| **417** | **Интелектуални и други услуги** | **850.598,00** |
| 417800 | Други неспомнати услуги - истражување | 850.598,00 |
| | **Вкупно** | **2.323.677,00** |

## СЕКТОР ЗА ПРАВНИ РАБОТИ И ЈАВНИ НАБАВКИ

| **417** | **Интелектуални и други услуги** | **379.403,00** |
|---|---|---|
| 417400 | Адвокатски услуги | 366.000,00 |
| 417500 | Нотарски услуги | 13.403,00 |
| | **Вкупно** | **379.403,00** |

## СЕКТОР ЗА ФИНАНСИИ И ЛОГИСТИКА

| **400** | **Потрошени материјали** | **670.711,00** |
|---|---|---|
| 400300 | Потрошени канцелариски материјали | 99.407,00 |
| 400500 | Потрошени материјали за лична хигиена, вода и сл. | 359.116,00 |
| 400700 | Потрошени други материјали и суровини | 212.188,00 |
| **402** | **Инвестициско одржување на средствата** | **1.066.840,00** |
| 402040 | Поправки, извршување на добрата, сервис, монтажа-опрема | 915.209,00 |
| 402050 | Поправка, одржување градежни објекти | 151.631,00 |
| | **Вкупно** | **1.737.551,00** |

## СЕКТОР ЗА ИНФОРМАТИЧКА ПОДДРШКА И ОПШТИ РАБОТИ

| **400** | **Потрошени материјали** | **157.718,00** |
|---|---|---|
| 400100 | Потрошено гориво, мазиво и сл. | 157.718,00 |
| **402** | **Инвестициско одржување на средствата** | **8.855.726,00** |
| 402010 | Поправки изврш. на добрата, сервис, монтажа-леки коли | 371.319,00 |
| 402030 | Поправки, извршување на добрата, сервис, монтажа-хардвер и софтвер | 8.484.407,00 |
| **441** | **Средства за опрема** | **140.000,00** |
| 441500 | Купување - набавка на друга опрема | 140.000,00 |
| | **Вкупно** | **9.153.444,00** |

СЕКТОР ЗА СТРАТЕШКО ПЛАНИРАЊЕ И ЗАШТИТА НА АВТОРСКИ ПРАВА

| **417** | **Интелектуални и други услуги** | **0,00** |
|---|---|---|
| 417800 | Други неспомнати услуги - истражувања | 0,00 |
| | Вкупно | **0,00** |

Групирањето на трошоците по организациска структура е направено врз основа на надлежноста на секој соодветен сектор за спроведување на одредена активност на Агенцијата.

## СПОРЕДБЕНА АНАЛИЗА НА РЕАЛИЗИРАНИ ПРИХОДИ И РАСХОДИ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ ВО 2024 И 2025 ГОДИНА

Споредбената анализа на реализираните приходи во 2024 година со реализираните приходи во 2025 година покажува дека:

Во 2025 година, од Буџетот на Република Северна Македонија на сметката на Агенцијата беа уплатени средства коишто беа строго наменети за финансирање на активностите на Агенцијата за време на изборните процеси (локални избори), согласно Изборниот законик и од истата се потрошија средства во износ од 7.581.728,00 денари. Во 2024 година за време на изборните активности (парламентарни и претседателски избори) се потрошија средства во вкупен износ од 4.197.302,00 денари.

Во 2025 година од Министерството за дигитална трансформација и од наплата на радиодифузната такса беа остварени 74.117.431,00 денар, додека во 2024 година по истиот основ беа префрлени 75.309.086,00 денари. Доколку Министерството за дигитална трансформација на сметка на Агенцијата за декември 2025 година го исплатеше точниот месечен износ од 6.572.208,00 денари, наместо 1.572.208,00 денари (што е за 5.000.000,00 денари помалку), во тој случај приходите во 2025 година ќе беа поголеми во однос на 2024 година по овој основ.

Наплатените средства од дозволи за телевизиско и радиоемитување во 2025 година изнесуваа 47.495.388,00 денари, а во 2024 година 45.577.501,00 денар. Разликата се должи на тоа што висината на БДП (како еден од елементите на формулата за пресметување на годишниот надоместок) беше повисока во 2025 година.

Надоместокот за надзор од операторите кои реемитуваат програмски сервиси и од давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање во 2025 година изнесуваше 10.751.766,00 денари, додека во 2024 година истиот е малку помал и изнесува 10.422.602,00 денари.

Од издадени транзитни фактури од страна на Агенцијата за потрошена електрична енергија, за одржување на лифтови и платформа, за одржување и сервисирање на системот за греење, ладење и вентилација во 2025 година се остварени средства во износ од 1.072.760,00 денари, кои во 2024 година се пониски и изнесуваа 858.310,00 денари.

Во 2025 година се остварени и други приходи во износ од 316.927,00 денари, кои во 2024 година изнесуваа 244.301,00 денар. Во 2025 година поголем дел од овие средства беа од уплати за тендерски документации за јавни конкурси за доделување дозволи за емитување на ТВ и радиопрограми.

Разликите меѓу расходите кај одредени ставки во 2024 и 2025 година се од следните причини:

На позицијата (414901) – Други надоместоци – Членови на Совет на Агенцијата во 2025 година се исплатени средства во износ од 6.059.098,00 денари, додека во 2024 година се исплатени средства во вкупен износ од 11.759.574,00 денари. Разликата се должи на тоа што заклучно со 23.06.2025 година старите членови на Совет беа ангажирани во Агенцијата како избрани и именувани лица за кои Агенцијата исплаќаше надоместоци за кои не се плаќаа придонеси, додека од 24.06.2025 година во Агенцијата има нови членови на Совет кои се професионално ангажирани именувани лица со полно рабоно време.

На позицијата (417100) - Договорни услуги, во 2024 година се потрошени средства во износ од 7.878.262,00 денари, додека во 2025 година се потрошени средства во износ од 10.598.600,00 денари. Разликата е резултат на тоа што во 2024 година Агенцијата ангажираше надворешни соработници преку Агенција за привремени вработувања за следење на изборните процеси (парламентарни и претседателски избори), додека во 2025 година Агенцијата ангажираше повеќе надворешни соработници за следење на локалните избори.

На позицијата (450100) - Помош, донации и други давања на субјекти, во 2024 година се потрошени средства во износ од 5.000.000,00 денари, додека во 2025 година се потрошени средства во износ од 3.000.000,00 денари. Разликата се должи на фактот што во 2024 година Агенцијата додели средства на Здружението на граѓани ИСТРАЖУВАЧКА РЕПОРТЕРСКА ЛАБОРАТОРИЈА – ИРЛ Скопје, со цел да обезбедат остварување на нивните истражувачките иницијативи, додека во 2025 година Агенцијата додели три донации, од кои едната во износ од 1.000.000,00 (еден милион) денари, за реализирање на „Проект за енергетска ефикасност за ЈЗУ СБГПМ 13 Ноември Скопје", другата во износ од 1.500.000,00 (еден милион и петстотини илјади) денари, како помош за настраданите граѓани во стравичната несреќа – пожарот што се случи во Кочани на 16.3.2025 година, кои се спроведоа преку Црвениот крст на Република Северна Македонија и третата донација за Трговското радиодифузно друштво ТВ КОХА Меваип ДООЕЛ Тетово, во износ од 500.000,00 (петстотини илјади) денари, за санирање на последиците од пожарот што на 8.3.2025 година зафатил дел од просториите на радиодифузерот, со цел поддршка на активностите на радиодифузерот за непречено вршење на неговата дејност – емитување телевизиска програма и содржини од значење за регионот Д8 – Попова Шапка (Тетово, Гостивар, Врапчиште, Боговиње, Брвеница, Теарце, Јегуновце, Желино), како и обезбедување сигурност и заштита на вработените.

На расходнатата ставка (460) - Вкалкулирани плати, во 2025 година се потрошени сресства во износ од 91.679.888,00 денари, додека во 2024 година потрошените средства изнесуваа 68.745.073,00 денари. Разликата се должи на фактот што од 24.06.2025 година, новите членови на Совет се професионално ангажирани именувани лица со полно работно време и од тогаш се на платен список на Агенцијата.

**Прилог 2.1**

Реализирани приходи и расходи во 2024 и 2025 година

## А РАСХОДИ

| Поставка | Расходи | **Реализирано 2024** | **Реализирано 2025** |
|---|---|---|---|
| | Вкупно расходи | **128.669.018,00** | **146.963.368,00** |
| **400** | **Потрошени материјали** | **806.034,00** | **828.429,00** |
| 400002 | Ситен инвентар во употреба | 0,00 | 0,00 |
| 400100 | Потрошено гориво, мазиво и сл. | 167.618,00 | 157.718,00 |
| 400300 | Потрошени канцелариски материјали | 78.246,00 | 99.407,00 |
| 400500 | Потрошени матер.за лична хигиена, вода и сл. | 363.147,00 | 359.116,00 |
| 400700 | Потрошени други материјали и суровини | 197.023,00 | 212.188,00 |
| **401** | **Потрошена енергија** | **3.749.190,00** | **3.391.995,00** |
| 401000 | Потрошена електрична енергија | 3.005.226,00 | 2.782.176,00 |
| 401100 | Потрошена топлинска енергија | 743.964,00 | 609.819,00 |
| **402** | **Инвестициско одржување на средствата** | **8.767.798,00** | **9.922.566,00** |
| 402010 | Поправки изврш. на добрата, сервис, монтажа-леки коли | 198.905,00 | 371.319,00 |
| 402030 | Поправки изврш. на добрата, сервис, монтажа-хардвер и софтвер | 7.254.750,00 | 8.484.407,00 |
| 402040 | Поправки изврш. на добрата, сервис, монтажа-опрема | 1.283.983,00 | 915.209,00 |
| 402050 | Поправка, одржување градежни објекти | 30.160,00 | 151.631,00 |
| **403** | **Други услуги** | **286.790,00** | **367.100,00** |
| 403400 | Печатарски услуги | 286.790,00 | 367.100,00 |
| **404** | **Превозни транспортни услуги** | **1.494.576,00** | **1.600.557,00** |
| 404500 | Поштарина (писма, печ.материјал, пакети и сл.) | 150.955,00 | 162.401,00 |
| 404600 | Телефонски давачки, давачки за тел. и слично | 1.343.621,00 | 1.438.156,00 |
| **405** | **Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација** | **861.354,00** | **684.580,00** |
| 405000 | Издатоци за репрезентација | 861.354,00 | 684.580,00 |
| **408** | **Наемнини** | **1.333.924,00** | **1.202.790,00** |
| 408000 | Наемнина за користење градежни објекти | 1.333.924,00 | 1.202.790,00 |
| **409** | **Други материјални расходи** | **1.746.989,00** | **1.687.906,00** |
| 409000 | Судски и административни такси | 54.986,00 | 10.006,00 |
| 409100 | Издатоци за стручна литература | 140.280,00 | 121.610,00 |
| 409200 | Расходи за учество на семинар, советување и сл., | 0,00 | 44.396,00 |
| 409300 | Расходи за регистрација на моторни возила | 29.827,00 | 38.815,00 |
| 409500 | Расходи за одржување конгреси, работилници | 1.521.896,00 | 1.473.079,00 |
| **410** | **Провизија за платен промет** | **96.235,00** | **96.116,00** |
| 410100 | Провизија за платен промет | 86.985,00 | 81.265,00 |
| 410200 | Банкарска провизија | 9.250,00 | 14.851,00 |
| **412** | **Премии за осигурување** | **268.139,00** | **270.027,00** |
| 412100 | Премии за осигурување недвижности и права | 153.363,00 | 213.922,00 |
| 412200 | Премии за осигурување моторни возила | 114.776,00 | 56.105,00 |
| **413** | **Дневници за службени патувања и патни трошоци** | **1.612.353,00** | **1.313.328,00** |
| 413000 | Дневници за службени патувања во земјата | 17.600,00 | 26.400,00 |
| 413100 | Дневници за службени патувања во странство | 369.319,00 | 221.756,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 413200 | Надомест за трошоци за превоз за сл.пат во земјата | 13.110,00 | 14.970,00 |
| 413300 | Надомест за трошоци за превоз за сл.пат во странство | 419.497,00 | 428.339,00 |
| 413400 | Надомест за трошоци за ноќевање за сл.пат во земјата | 89.220,00 | 81.610,00 |
| 413500 | Надомест за трошоци за ноќевање за сл.пат во странство | 700.807,00 | 526.431,00 |
| 413720 | Други надоместоци во врска со службен пат во странство | 2.800,00 | 13.822,00 |
| **414** | **Надоместоци на трошоци на работници и граѓани** | **14.459.580,00** | **9.829.719,00** |
| 414800 | Јубилејни награди | 0,00 | 242.217,00 |
| 414900 | Други надоместоци | 2.700.006,00 | 3.528.404,00 |
| 414901 | Други надоместоци – членови на Совет на Агенцијата | 11.759.574,00 | 6.059.098,00 |
| **415** | **Курсни разлики** | **151,00** | **2.023,00** |
| **415000** | Негативни курсни разлики | 151,00 | 2.023,00 |
| **416** | **Членарини** | **240.786,00** | **253.175,00** |
| 416300 | Членарини на меѓународни и други организации | 240.786,00 | 253.175,00 |
| **417** | **Интелектуални и други услуги** | **9.293.238,00** | **11.996.418,00** |
| 417100 | Договорни услуги | 7.878.262,00 | 10.598.600,00 |
| 417400 | Адвокатски услуги | 374.000,00 | 366.000,00 |
| 417500 | Нотарски услуги | 7.261,00 | 13.403,00 |
| 417700 | Други лични и интелектуални услуги | 76.876,00 | 167.817,00 |
| 417800 | Други неспомнати услуги - истражување | 956.839,00 | 850.598,00 |
| **418** | **Останати други расходи** | **3.164.359,00** | **3.067.449,00** |
| 418800 | Други расходи | 3.164.359,00 | 3.067.449,00 |
| **441** | **Средства за опрема** | **4.891.089,00** | **4.688.996,00** |
| 441000 | Купување канцелариски мебел | 0,00 | 22.370,00 |
| 441200 | Купување - набавка на машини, уреди, инструменти (информатичка опрема) | 4.836.589,00 | 4.526.626,00 |
| 441500 | Купување - набавка на друга опрема | 54.500,00 | 140.000,00 |
| **442** | **Други капитални средства** | **1.851.360,00** | **962.340,00** |
| 442100 | Откуп на патенти, лиценци и други права | 1.851.360,00 | 962.340,00 |
| **450** | **Помош, донации и други давања на субјекти** | **5.000.000,00** | **3.000.000,00** |
| 450100 | Помош и други давања на субјекти | 5.000.000,00 | 3.000.000,00 |
| **460** | **Вкалкулирани плати** | **68.745.073,00** | **91.679.888,00** |
| 460000 | Нето-плати и надомести на плати | 45.160.807,00 | 60.119.034,00 |
| 460200 | Персонален данок на плати и надомест на плати | 4.336.634,00 | 5.891.820,00 |
| 460300 | Придонес за пензиско и инвалидско осигурување | 12.924.076,00 | 17.234.953,00 |
| 460310 | Придонес за вработување | 824.941,00 | 1.100.097,00 |
| 460320 | Придонес за здравствено осигурување | 5.155.888,00 | 6.875.630,00 |
| 460330 | Придонес за професионално заболување | 343.727,00 | 458.354,00 |
| **470** | **Даноци и придонеси кои се однесуваат за отпис на ненаплатени побарувања** | **0,00** | **117.966,00** |
| 470000 | Даноци и придонеси кои се однесуваат за отпис на ненаплатени побарувања | 0,00 | 117.966,00 |

## Б ПРИХОДИ

| **Ставка** | Приходи | **Реализирано 2024** | **Реализирано 2025** |
|---|---|---|---|
| | Приходи од Буџетот на РСМ за изборни процеси во 2025 година (локални избори) | 4.197.302,00 | 7.581.728,00 |
| | Приходи од Буџетот на РСМ и приходи од наплатена радиодифузна такса | 75.309.086,00 | 74.117.431,00 |
| | Приходи од надоместок за дозволи за телевизиско и радиоемитување | 45.577.501,00 | 47.495.388,00 |
| | Приходи од надзор за реемитување програмски сервиси на оператори на јавна електронска комуникациска мрежа и од даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање | 10.422.602,00 | 10.751.766,00 |
| | Приходи од транзитни фактури | 858.310,00 | 1.072.760,00 |
| | Приход од позитивни курсни разлики | 1.556,00 | 0,00 |
| | Други приходи | 244.301,00 | 316.927,00 |
| | **Вкупно** | **136.610.658,00** | **141.336.000,00** |